# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
## од Дваесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 28 јули 1999 година

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,35 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Саво Климовски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дами и господа пратеници, ја отворам Дваесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Благој Ханџиски, Бранко Црвенковски, Љубомир Поповски, Илија Илоски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети: Претседателот на Република Македонија господин Киро Глигоров, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија, помошникот на главниот државен ревизор и претседателот на Основниот суд во Прилеп.

Записникот од 22-та седница на Собранието Ви е доставен.

Дали има забелешки на записникот? (Нема).

Констатирам дека записникот од 22-та седница на Собранието е усвоен без забелешки.

Владата на Република Македонија согласно член 339 од Деловникот на Собранието на Република Македонија предлага Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, со Предлог на закон, Собранието да го разгледа во скратени рокови на оваа седница.

Ве молам да гласаме.

65 пратеници гласаа за, воздржани и против нема.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Владата на Република Македонија согласно член 339 од Деловникот на Собранието на Република Македонија предлага Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за надворешно- трговско работење,со Предлог на закон, Собранието да го разгледа во скратени рокови на оваа седница.

Ве молам да гласаме.

68 пратеници гласаа за, воздржани и против нема.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Владата на Република Македонија согласно член 339 од Деловникот на Собранието на Република Македонија предлага Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за водите, со Предлог на закон, Собранието да го разгледа во скратени рокови на оваа седница.

Ве молам да гласаме.

69 пратеници гласаа за, 1 е воздржан, а против нема.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Владата на Република Македонија согласно член 339 од Деловникот на Собранието на Република Македонија предлага Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за Републичкиот судски совет, со Предлог на закон, Собранието да го разгледа во скратени рокови на оваа седница.

Ве молам да гласаме.

68 пратеници гласаа за, 1 е воздржан, а против нема.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Владата на Република Македонија согласно член 339 од Деловникот на Собранието на Република Македонија предлага Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за откуп на побарувањата на правните лица од Република Македонија од Ирак и Кувајт од страна на Република Македонија, со предлог на закон, Собранието да го разгледа во скратени рокови на оваа седница.

Ве молам да гласаме.

72 пратеници гласаа за, 1 е воздржан, а нема против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Владата на Република Македонија предлага на оваа седница по итна постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжување на Република Македонија кај Фондот за меѓународна соработка и развој на Република Кина.

Предлогот на законот ви е поделен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи основната и неодложна потреба од итно донесување на овој закон.

Има збор министерот за правда господинот Камбовски.

**ВЛАДО КАМБОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, донесувањето на законот се предлага по итна постапка поради ефектуирање на кредитната линија одобрена од Фондот за меѓународна соработка на развој на Република Кина и претстојниот договор што во таа смисла треба да се потпише со Република Кина, со тоа што се предлага решение што значи тоа дека наместо министерот за финансии, договор за начинот на користење, обезбедување и евидентирање, и враќање на заемот со комерцијалните банки ќе склучува Народната банка на Република Македонија.

Оваа измена ја предлагаме од една причина за подобра операционализација на кредитната линија што ќе биде отворена. Не претставува некаква суштинска измена во системот на задолжување и кредитирање.

Од тие причини мислиме дека Законот би требало да биде усвоен на денешнава седница.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на министерот за правда господинот Камбовски.

Предлогот на Владата овој закон да се донесе по итна постапка го ставам на гласаше.

Ве молам да гласаме.

71 пратеник гласаа за, 2 воздржани, а 3 против.

Констатирам дека Собранието го усвои предлогот на Владата.

Владата на Република Македонија предлага на оваа седница по итна постапка да се донесе Законот за задолжување на Република Македонија кај Меѓународната трговска банка на Кина.

Предлогот на законот Ви е поделен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи основната и неодложна потреба од итно донесување на овој закон.

Збор има министерот за правда, господинот Владо Камбовски.

**ВЛАДО КАМБОВСКИ:**

Владата, на својата последна седница го утврди Предлогот на законот и предлага да биде донесен по итна постапка, во функција на создавање правна претпоставка за склучување на договорот со меѓународната трговска банка од Република Кина Тајван за доделување на мошне поволниот заем во износ од 20 милиони долари. Мислам дека и природата на заемот и грејс периодот и каматната стапка и другите услови од заемот го оправдуваат донесувањето на законот во ваква итна постапка.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Камбовски.

Предлогот на Владата овој закон да се донесе по итна постапка го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

68 пратеници гласаа за, 3 воздржани, а 6 против.

Констатирам дека Собранието го усвои предлогот на Владата.

Комисијата за надворешна политика предлага Предлогот за донесување на закон за ратификација на Конвенцијата за перење на пари, откривање, заплена и конфискација на имотна корист прибавена со кривично дело, со Предлог на закон да се разгледа на наредната седница, бидејќи Комисијата не го разгледала поради тоа што на седницата не присуствувал претставник на Владата.

Предлогот на Комисијата го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

За гласаа 71 пратеник, 5 се воздржани, а двајца против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Комисијата за сообраќај и врски предлага дневниот ред на денешната седница да се дополни со Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на Јавното претпријатие Македонска радио-телевизија.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Ве молам да гласаме.

**НИКОЈТА ПОПОВСКИ:**

(Од место). Го немаме добиено тој материјал.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас сум информиран дека Предлогот на одлуката Ви е поделен.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Немаме добиено статут за да можеме да се изјасниме по него.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ќе ве молам, со оглед дека Статутот се уште не е поделен, го немате добиено Статутот, во тој случај, јас мислев дека е поделен, а така и пишува во сценариото дека Статутот е поделен, но бидејќи не е поделен и пратениците не се запознаени, ќе ве молам оваа точка до поделувањето на Статутот да ја одложиме.

Предлогот се прифаќа.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со: Предлог на одлука за разрешување и избор на членови на Советот на Народната банка на Република

Македонија; Предлог на одлука за разрешување и избор на членови на Советот за радиодифузија; Предлог на одлука за основање пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Европскиот Парламент и Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Природно лечилиште "Негорски бањи" - Гевгелија.

Предлозите на одлуките Ви се поделени.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

70 пратеници се за, 4 воздржани, а тројца против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Според тоа за денешнава седница го предлагам следниов дневен ред:

1. Предлог - закон за задолжување на Република Македонија кај Меѓународната трговска банка на Кина.

2. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за задолжување на Република Македонија кај Фондот за меѓународна соработка и развој на Република Кина.

3. Предлог за донесување закон за изменување и дополнување на Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, со Предлог на закон;

4. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за надворешно - трговско работење, со Предлог на закон;

5. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за водите, со Предлог на закон;

6. Предлог за донесуваше на закон за изменување и дополнување на Законот за Републичкиот судски совет, со Предлог на закон;

7. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за спортот, со Предлог на закон;

8. предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за откуп на побарувањата на правните лица од Република Македонија од Ирак и Кувајт од страна на Република Македонија, со Предлог на закон;

9. Предлог за донесување на закон за ратификација на Конвенцијата за укинување на присилна работа, со Предлог на закон;

10. Предлог за донесување на закон за ратификација на Амандманот кон Монтреалскиот протокол за супстанците што ја оштетуваат озонската обвивка усвоен во Монтреал (од 15 до 17 септември 1997 година), со Предлог на закон;

11. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за редовен воздушен сообраќај меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Државата Израел, со Предлог на закон;

12. Предлог за донесување на закон за Јавното обвинителство;

13. Предлог на одлука за давање согласност на тарифата на Државниот завод за ревизија;

14. Барање за давање на автентично толкување на член 5 од Законот за локалните избори, поднесено од Советот на општина Неготино - Полошко;

15. Барање за давање автентично толкување на член 47 точка 1 од Законот за персоналниот данок од доход, поднесено од претпријатието "Руди -Комерц" - Скопје;

16. Барање за давање автентично толкување на член 77 став 1 алинеја 3 од Законот за радиодифузната дејност, поднесено од Јавното претпријатие Македонска радиодифузија - Скопје;

17. Барање за' давање на автентично толкување на член 19 став 1 и член 62 став 4 од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, поднесено од Независниот синдикат АД "Алкалоид" - Скопје;

18. Барање за давање на автентично толкување на член 2 од Законот за јавните претпријатија, поднесено од Советот на општина Кавадарци;

19. Предлог за разрешување на судија поротник на Основниот суд во Прилеп;

20. Предлог на одлука за разрешување и избор на членови на Советот за радиодифузија;

21. Предлог на одлука за разрешување и избор на членови на Советот на Народната банка на Република Македонија;

22. Предлог - одлука за основање пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Европскиот Парламент;

23. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Природно лекувалиште "Негорски бањи" - Гевгелија;

24. Извештај на Анкетната комисија за испитување на јавните набавки на Собранието на Република Македонија, за испитаните јавни набавки во Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана, Архив на Македонија, Македонската

академија на науките и уметностите и Републичкиот за вод за судски вештачења, во период од 8 јануари 1991 година до 19 ноември 1998 година.

Дали има предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред.

Најнапред за збор се јави господинот пратеник Лазаров Илија.

**ИЛИЈА ЛАЗАРОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници од Владата, колеги пратеници, пред околу еден месец Министерството за образование беше ставено на тапет од учениците – посетители на Проектот, јас би рекол без проект "ПЕКСНАС" и родителите.

Молам, Министерството за образование да изготви Информација за овој проект, по кој ќе се расправа на оваа седница или на првата наредна. Информацијата да се однесува на следното:

1. Кој орган дал согласност да се реализира овој проект?

2. Кој ги предлага и кој ги донесува наставните програми и планови за работа на овој проект?

3. Кој врши инспекциски увид во педагошката документација и реализација на донесените наставни планови?

4. Кој ги потпишува сведителствата, чиј печат носат и каков е увидот на тоа лица во реализацијата на наставата?

5. Колку го чини Министерството една паралелка годишно од овој проект и споредбено, колку чини една паралелка од редовната настава на "Корчагин"?

6. Со кој процент партиципираат родителите во трошоците што ги поднесува Министерството?

7. Какви резултати постигнуваат учениците од "ПЕКСНАС" на натпреварите со нивните врсници по математика, физика, македонски јазик, историја и т.н.?

8. Каков третман ќе имаат тие при уписот на факултетите во нашата земја?

И јас уште една точка би додал, не е лошо да се знае и чии се тие деца што таму се школуваат? Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас мислам дека е ова пратеничко прашање и тоа е упатено до Министерството за образование и ќе остане како пратеничко прашање.

Јас верувам дека Владата прифаќа да се одговори на пратеничкото прашање.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Карактерот на барањето на пратеникот Илија Лазаров повеќе има карактер на пратеничко прашање,- така што би го упатила кога ќе има точка на дневен ред пратенички прашања, претставникот на Владата усмено или во писмена форма ќе ги даде потребните податоци.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали се согласувате да добиете одговор како на пратеничко прашање?

(Се согласува).

Добро, се согласувате.

За збор се јави госпоѓата пратеник Марковска Ѓулистана.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа, барам информација од гувернерот на Народната банка на Република Македонија во врска со изборот на генерален директор на Македонска банка.

Во однос на бројните бранувања кои оваа институција ги имаше скоро во сите електронски медиуми и во дневниот печат, имам сознанија дека е направен избор на генерален директор на оваа институција од страна на гувернерот предложен и се однесува за лице кое, прво, поседува сопствена штедилница, што не е во согласност со позитивните законски прописи односно статутарните норми на оваа организација, второ дека се работи за лице кое е избрано од Управен одбор чиј што мандат е престанат веќе 18 месеци, што значи веќе е не легитимен орган, трето е избрано лице кое од овој управен одбор дури таков каков што е не го има потребното мнозинство, односно работел со мнозинство само од четворица.

Барам оваа информација да биде доставена на денешната седница, бидејќи е многу кратка и овие дилеми ако се неточни да бидат отфрлени, ако се точни истите да ни биде одговорено.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ве молам, господа пратеници, да разликуваме што е пратеничко прашање од информација. Информацијата опфаќа една многу поширока проблематика, која тангира многу повеќе субјекти. Затоа, би било добро ако упатуваме до еден субјект за едно одредено прашање да го третираме како пратеничко прашање, па ако не сме задоволни на наредната седница, кога ќе добиете одговор, би ве прашал дали сте задоволни, па во тој случај може да побарате дополнителни информации и да го правиме како информација.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Вред, ја прифаќам вашата сугестија, нека биде во форма на пратеничко прашање.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Вред, тогаш на наредната седница ќе ви биде одговорено како на пратеничко прашање.

За збор се јави господинот пратеник Ризван Сулејмани.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани членови на Владата, пред две недели побарав информација во врска со ситуацијата со хуманитарните организации, односно можноста тие организации да бидат ослободени од данок на промет за стоки кои ги добиваат за хуманитарни цели. Од страна ан потпретседателот на Владата ми беше одговорено дека таква информација ќе биде доставена на наредната седница, а наредната седница беше минатата седница, но и ден денес не е доставена таква информација.

Прашувам, кога Владата мисли да поднесе ваква информација, со оглед дека почнуваат и летните одмори, таква информација не е доставена, а целта зошто побарав таква информација беше токму ургентноста, затоа што тие организации функционираат и работат, а многу е битен ставот на Владата во однос на ова прашање.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Ризван Сулејмани.

Тука е потпретседателот на Владата и ве молам господин потпретседателе да се произнесете.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Информацијата се подготвува, јас мислам дека и денес ја имам пред себе и ќе биде доставена до Собранието.

За оваа седница не успеавме да ја доставиме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали сте задоволен од одговорот дека ќе биде подготвена и доставена?

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Задоволен сум.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За збор се јави господинот пратеник Стојан Андов.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Почитуван господин претседателе, дами и господа пратеници, претставници на Владата, пред неколку седници барав во дневниот ред на тие седници да се стават некои информации и тоа: Информација во врска со организираноста за грижата за спортистите, нивното здравје и живот, потоа Информација за имплементација на Резолуцијата на Советот за безбедност на Обединетите Нации за Косово број 1244 од страна на Република Македонија и Информација за пактот за стабилност за Југоисточна Европа и за активностите на Владата на Република Македонија за вклучување со конкретни проекти во процесот на негова имплементација.

После неколку седници, и благодарам на Владата што ги подготви и достави информациите. Меѓутоа, не слушнав дека се уврстени во дневниот ред, па предлагам да се уврстат во дневниот ред за да може Собранието да помогне во разјаснувањето на овие состојби и градењето на нашата државна политика, бидејќи овие две информации се однесуваат на два акти кои ќе ги одредуваат односите во регионот во блиска и подалечна иднина и мислам дека Парламентот треба да биде доведен во ситуација да му се овозможи да помогне околу тоа, а исто така и оваа другата информација која се однесува на животот и здравјето на спортистите, бидејќи се однесува на огромен број млади луѓе.

Предлагам да се уврстат во дневниот ред на денешната седница.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Стојан Андов.

Во тој случај, ако ги уврстиме во дневниот ред, ќе бидат точки 25, 26 и 27, но ние треба да се произнесеме и да гласаме.

Јас ќе ги ставам на гласање посебно секоја од овие информации.

Да почнеме со Информацијата за имплементацијата на Резолуцијата на Советот за безбедност на Обединетите Нации за Косово број 1244 од страна на Република Македонија.

Ве молам, кој е за да се разгледува на денешната седница оваа информација.

40 пратеници гласаа за, 4 пратеници се воздржани и 40 пратеници се против.

Тоа е една третина, прифатена е резолуцијата и ќе ја разгледаме. (Реакција од пратеници).

40 гласа се, една третина, треба да се прифати.

Јас се извинувам, значи не е прифатено да се уврсти денес на дневниот ред.

Понатаму, ја ставам на гласање Информацијата за Пактот за стабилност за Југоисточна Европа и за активностите на Владата на Република Македонија за вклучување со конкретни проекти во процесот на неговата имплементација.

Ве молам да гласаме.

Не е прифатена и оваа информација, бидејќи 39 пратеници гласале за, 6 пратеници

се воздржани и 41 пратеник е против.

Конечно, ја ставам на гласање последната информација во врска со организираноста за грижата за спортистите и нивното здравје и живот.

Ве молам да гласаме.

32 пратеници гласаа за, 9 пратеници се воздржани и 41 пратеник е против.

За жал и оваа информација не е прифатено да се расправа на оваа седница.

Да видиме кои други пратеници се имаат пријавено за збор.

Има збор господинот пратеник Сејфедин Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Почитувано претседателство, почитувани дами и господа пратеници, минатиот месец на една од собраниските седници, до претседателот на Собранието на Република Македонија Саво Климовски, врз основа на член 32 и 56 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, доставив барање за поднесување информација за актуелните состојби од настанатите штети врз раноградинарските и други земјоделски култури, предизвикани со поројните дождови што го зафатија подрачјето на општина Гостивар на 15.06.1999 година.

Таа информација што ја баравме потпретседателот на Владата господинот Ибраими, рече дека на првата наредна седница ќе биде изготвена. Од таа првна наредна седница до сега поминаа три седници, а таа информација уште не е доставена на разгледување пред Собранието и пратениците.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на прашањето на господинот Сејфедин Харуни.

Молам, потпретседателот на Владата госпоѓата Доста Димовска да одговори на поставеното прашање.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Целосно е респектирано барањето на пратеникот Сејфедин Харуни и изготвувањето информација е во процедура.

Јас би сакала да укажам на тоа дека голем број информации кои се побарани од пратениците имаат карактер на пратенички прашања, така што министерствата ги оптоваривме со одговарања и пишувања на овие информации, така што ветувам дека за наредната седница ќе биде доставена оваа информација до пратениците.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине Харуни, вашата информација е во процедура и на наредната седница ќе ви биде доставена.

Дали сте задоволни од одговорот?

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Минатиот месец добив ветување од потпретседателот на Владата дека така ќе се постапи.

Меѓутоа, денес ова толкување од госпоѓата Доста Димовска дека тоа е во вид на некое пратеничко прашање, тоа може и така некако да се одговори. Јас гледам дека или не сум во тек со пратеничките барања или понекогаш така сакаат да ескивираат и да даваат такви одговори. Јас бев дециден и јасен и барав да се подготви информација.

Инаку, поројните дождови не нанесоа штета само на гостиварскиот дел - Здуње, Речане, Градец, Бабин Дол, Турчане, Беловиште и други села, туку и на подрачјето на општина Тетово.

Меѓутоа, до денес таква информација немаме, луѓето се оштетени.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине Харуни, не е во прашање оваа информација, вие ќе добиете информација. Беше општ коментар на госпоѓата Доста Димовска за други така поставени прашања.

Во конкретниот случај, за вас, вие ќе добиете информација и ќе се расправа по информацијата. така што не е никако спорно тоа прашање. Беше еден коментар виза ви да речеме други поставени прашања, кои имаат карактер на пратеничко прашање, а се бара информација.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Владата зема обврска да даде информација и пратеникот ќе добие информација во писмена форма.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Владата зема обврска и Владата ќе ја достави на наредната седница.

Повелете господин Харуни, сакате коментар.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Јас гледам дека се одолговлекува овој проблем скоро еден ипол месец.

Меѓутоа, комисијата која требаше да излезе и информацијата која требаше да се подготви, на лице место да се излезе и да се констатира настанатата штета, јас мислам дека таа информација ако Владата ја ажурира како што коментира секогаш вака, после два или три месеци, јас мислам дека тоа нема да биде ни потребно после. Инаку, требаше да се излезе на лице место после првата недела или барем втората недела, да се видеше и оценеше направената штета.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Сејфедин Харуни, овие негови забелешки се упатени до надлежното министерство и ќе ги има предвид.

Има збор господинот пратеник Ѓорѓи Тодоров.

**ЃОРЃИ ТОДОРОВ:**

Почитуван господин претседател, почитувани претставници на Владата, почитувани дами и господа пратеници, деновиве сведоци сме на една девијантна појава или пак може да се нарече мода во градот Скопје, Куманово и пошироко во останатите градови во Република Македонија. На голем број на возилата им фали предна или задна регистарска табличка или и двете, а притоа сообраќајната полиција упорно не презема ништо да ја спречи оваа негативна појава. При разни однесувања на разните учесници во сообраќајот, а особено при случување на разни сообраќајни прекршоци, кои можат да резултираат со сообраќајни незгоди со разни последици, не е можно нивно идентификување и соодветно наградување, односно санкционирање. Интензивната појава на возила учесници во сообраќајот со затемнети стакла од 70% до 100% претставуваат потенцијални елементи за влошување на безбедноста на сите учесници во сообраќајот, а тоа генерира нарушување на безбедноста на сите учесници во сообраќајот, делувајќи психолошки и негативно врз граѓаните продуцира едно несигурно и непријатно чувство на возење и движење по сообраќајниците во градовите и ставање под знак прашалник на општата безбедносна состојба. Таквите возила претставуваат идеална опасност за разни криминални акции и дејствувања.

Поради тоа, барам Владата да изготви и на Собранието на Република Македонија да достави информација за тоа што презема за сузбивање и надминување на оваа негативна појава.

Молам ова мое излагање да не се сфати како напад врз Министерството за внатрешни работи, а најмалку врз Владата на Република Македонија, туку како укажување за превентивно надминување на веќе укажаните девијантни појави во областа на сообраќајот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Ѓорѓи Тодоров.

Дали претставникот на Владата се согласува со барањето на пратеникот?

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Барањето на пратеникот исто така има карактер на пратеничко прашање и кога ќе биде точка на дневен ред, Владата ќе одговори, тоа ќе биде писмен одговор.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине Тодоров, Владата смета дека вашето прашаше е пратеничко прашање.

Дали се согласувате да добиете одговор во форма на одговор на пратеничко прашање, а не информација?

**ЃОРЃИ ТОДОРОВ:**

Се согласувам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор господинот пратеник Фатмир Етеми.

**ФАТМИР ЕТЕМИ:**

Почитуван претседател, почитувани дами и господа пратеници, почитувани членови на Владата, средното образование на албански јазик во Скопје и натаму не може да го најде своето место и форма. За ова придонесува и Министерството за образование со своите не адекватни и доследни зафати, како во минатите години, и оваа година Министерството за образование објави конкурс за упис на ученици во средните училишта во март месец. Меѓутоа, истиот конкурс не предвидуваше во кое средно училиште колку паралелки ќе се примат во наставата на албански јазик. Ова повеќе години создава заблуда кај родителите и нивните деца за кое училиште да се определат. Ова е причина што албанските деца се пријавија само во пет училишта и тоа во "Зефљуш Марку", гимназиско образование, "Панче Караѓозов" - медицинска насока, "Арсение Јовков" - економска и биротехничка насока. "Цветан Димов" - тригодошно трговска насока и во АСУЦ "Боро Петрушевски" - тригодишна автолимарска насока. Во Скопје со подрачјата во учебната 1998/99 година има 2160 завршени матуранти и Министерството требаше да мисли да обезбеди место за сите матуранти. Заинтересираните за упис во средното образование на доследен начин, а не со некои неадекватни одлуки во конкурсот кои се покажаа сосема неуспешни.

Во првиот уписен рок од 1200 пријавени матуранти во средните училишта во Скопје, каде воспитно - образовниот процес ќе се одвива на албански јазик, се запишаа само 796 ученици, односно изразено во проценти 37%.

Барам од Владата да подготви информација кои се мерките на Министерството за образование за решавање на овој проблем во августовскиот уписен рок.

Вториот дел од информацијата е проблемот со изградбата на објектот "Зефљуш Марку" од Скопје. Да кажам дека гимназијата "Зефљуш Марку" оваа година прославува 50 години постоење и работа, но е единственото училиште во Република Македонија што нема свој објект. Имаше иницијатива од страна на минатата Влада за изградба на училишен објект, да се обезбедат средства од Јапонската Влада.

Прашувам до каде се работите за реализација на овој значаен објект за средното образование на албански јазик, односно какви активности презема Владата, односно Министерството за образование за реализација на овој проект.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Фатмир Етеми.

Ми се чини дека првиот дел е елемент на информација, а вториот дел веќе е елемент на пратеничко прашање.

Во таа смисла би можеле, евентуално Владата да го прифати првиот дел, но вториот дел да го добиете како одговор на пратеничко прашање.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Му благодарам на претседателот на сугестијата што ми сугерира одговор.

Го прифаќаме првиот дел од барањето за подготовка на информација за уписот во средните училишта, а вториот дел од барањето повеќе има карактер на пратеничко прашање, така што би го замолила пратеникот да има трпение и во писмена или усмена форма, кога ќе има пратенички прашања ќе биде одговорено.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Според тоа, првиот дел ќе ви биде одговорен како информација, а второто прашање ќе биде третирано како пратеничко прашање.

Дали сте задоволен господин пратеник?

**ФАТМИР ЕТЕМИ:**

Да, благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Уште еден пратеник е пријавен за збор, а тоа е госпоѓицата пратеник Валентина Божиновска.

Ги молам пратениците да влезат во салата за да можеме да гласаме, немојте сега да излегувате.

**ВАЛЕНТИНА БОЖИНОВСКА:**

Ќе ве замолам, пред да го изгласаме дневниот ред, сепак да ја оставиме точката за Статутот на Јавното претпријатие Македонска радио-телевизија, бидејќи само да ве потсетам, на минатата седница, сите заедно се договоривме дека на една од наредните седници во септември ќе ја разгледуваме програмската политика на Македонската радио-телевизија.

Тоа значи дека Статутот на МРТВ е веќе донесен на Управниот одбор, би требало да ја оставиме како последна точка, со тоа што барам техничката служба да го заврши својот дел, да го подели Статутот и да ја ставиме денес на дневен ред.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас мислам денес да се произнесеме, да го ставиме Статутот на дневен ред, последна точка нека биде, после Информацијата што ја предложивме, нека биде 25 точка, а во меѓувреме ќе го добиеме ќе направиме пауза, ќе го разгледаат комисиите и ќе заземат свој став.

Дали можеме да изгласаме една таква точка во дневниот ред.

Молам, да гласаме.

62 пратеници гласа за, 1 воздржан и 1 пратеник е против.

Констатирам дека точката е внесена во дневниот ред.

Уште еден пратеник побара збор.

Тоа е пратеникот Азис Положани.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

Господине претседателе, ценети членови на Влада, дозволете ми да ја пренесам загриженоста на дел на граѓани од Струга, за некои проблеми повеќе би сакал овие прашања да бидат решени, отколку јас од тука да изнесувам некои работи.

Но, еве јас морам да побарам информација од Владата, односно од Министерството за урбанизам за кое јас не сум против да се третира како пратеничко прашање. Целта ми е да се реши проблемот.

Се работи за еден дел од градот Струга, регионот што се вика Теферич каде што од 1982 година е забранета градба на тој дел. Иако овие граѓани побарале од сите инстанци тој проблем да се реши, најпосле тие да почнат да градат во тој дел легално и со уредна документација нивното барање се префрла час на локална самоуправа, час во Министерството и т.н.

Така да, мислам, едно ажурирање и една можност Владата посериозно да го разгледа тој проблем ќе придонесе овие граѓани да бидат задоволни што ќе градат таму. Само за информација таму сега има 80 до 100 куќи. Значи таму некој за да изгради зграда плаќа, некој ги зема тие пари, но мислам дека тоа не е државата. Ако Министерството за урбанизам го реши тој проблем ќе биде добро и за Буџетот на

Република Македонија каде овие средства легално ќе се прелеваат во самиот буџет, а токму тоа им е и целта на овие граѓани. Тоа е како прво прашање.

Второ, веројатно некој можеби се сеќава јас на петата или шестата седница побарав една информација од Министерството за урбанизам во врска со градењето и одземањето на дел од имотот на Алипашината џамија во Охрид, за што јас добив информација дека се преземаат некои активности овие работи таму да се расчистат.

Загрижените граѓани од Охрид ми доставија документ, иако Министерството за урбанизам нешто и преземало таму градбата продолжува и да биде уште потрагично и иронично таа зграда се приближува до џамијата само на 10 сантиметри и е оневозможена секаква друга можна активност, утре да речеме за заштита на тој споменик таа џамија, која е под заштита на државата. Јас мислам дека е не допуслив еден таков приод, бидејќи регионалното Министерство за урбанизам во Струга дало решение работата да се прекине, а тој си тера по свое, градителот или инвеститорот јас не знам. Така да би сакал информација или просто акција тој проблем да се реши.

А околу тоа, Заводот за заштита на културните споменици во Охрид, дали чува некој објект и што чува, јас мислам дека според материјалите ќе имаме можност и во друга прилика за тоа да се изјасниме.

Би ја замолил Владата да преземе нешто во врска со таа работа, затоа што загриженоста на овие граѓани навистина е голема и тие веќе го губат трпението.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Азис Положани.

Веројатно госпоѓата Доста Димовска ќе одговори.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Обврската преземена да подготви информација за вториот проблем што го потенцираше господинот Положани, Владата ќе ја исполни додека првиот предлог има карактер на пратеничко прашање.

Така што би го замолила пратеникот да има трпение, кога ќе има пратенички прашања ќе му се одговори писмено или усмено од Министерството за урбанизам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали пратеникот е задоволен од одговорот.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

Ако за вториот дел од прашањето, односно второто прашање би се презело нешто брзо и ефективно да се реши во смисла на зачувување на тој споменик, а да не се оштети и тој што гради, ние не сме за тоа и тој да се оштети, јас ја прифаќам таквата можност.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Госпоѓата Ѓулистана Марковска, сака да постави прашање.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Јас се јавувам процедурално и се надевам дека е исцрпен дневниот ред.

А од причина што имаме бројни интервенции на оваа седница и на сите други седници досегашни, а во врска со дневниот ред, барам освен изгласувањето на дневниот ред тоа да стана востановена пракса од оваа седница па натаму, пречистен текст на дневниот ред да се подели на сите пратеници за да можеме подобро да го следиме дневниот ред.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ќе го направиме. Тоа е веќе техничко прашање.

Со оглед на тоа што веќе немаме пријавени пратеници кои сакаат да постават прашања, ве молам да гласаме по предложениот дневен ред.

64 пратеници гласаа за, 1 пратеник е воздржан и 6 се против.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Минуваме на првата точка од дневниот ред - Предлог на закон за задолжување на Република Македонија кај Меѓународната трговска банка на Кина.

Предлогот на законот Ви е поделен.

Отворам општ претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

71 пратеници гласаа за, 1 е воздржан и 5 се против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за задолжување на Република Македонија кај Меѓународната трговска банка на Кина.

Минуваме на втората точка од дневниот ред - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за задолжување на Република Македонија кај Фондот за меѓународна соработка и развој на Република Кина.

Предлогот на законот Ви е поделен.

Отворам општ претрес. Молам,кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

66 пратеници гласаа за, воздржани нема и 5 се против.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување и дополнување на Законот за задолжување на Република Македонија кај Фондот за меѓународна соработка и развој на Република Кина.

Процедурално господинот Спасов побара збор.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, јас предлагам на кратко да ја прекинеме седницата на Собранието, додека не го добиеме дневниот ред за оваа седница, вака, верувајте, не е можно да следиме за што глсаме, затоа што дневниот ред што го имаме пред нас и што е добиен за оваа седница е сосема различен.

Се согласувам со предлогот на госпоѓата Ѓулистана дека не можеме активно да учествуваме и да знаеме за што гласаме, дека треба да го добиеме што е можно побрзо техничките служби да ни го поделат дневниот ред.

Мислам дека тоа воопшто не ја оддолжува седницата, бидејќи за 10 минути можеме да продолжиме со работата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дневниот ред, според итноста на материјалите ние го утврдуваме на самата седница.

За во иднина можеби ќе дадеме пауза.

Денеска го усвоивме дневниот ред и сите гласавме како што гласавме и резултатот е познат.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Јас не барам да гласаме против дневниот ред.

Меѓутоа за да можеме да работиме нормално, господине претседателе, мораме да го имаме во писмена форма пред нас за да знаеме точно. Вие само ги читате точките на дневниот ред и ние често пати не дослушуваме за кој закон се работи.

Мислам тоа е техничка операција, која можеме да ја завршиме за 10 минути.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Добро е што се согласуваме меѓутоа, мислам додека трае седницата, за тоа веќе нешто се работи.

Сепак да не губиме време, имаме голем дневен ред и службата веќе да ја почне таа работа и да се подели во текот на седницата. Таков беше и предлогот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро, од наредна седница, го прифаќаме како сугестија и по усвојувањето на дневниот ред 5 минути ќе дадеме пауза, за да се добие дневниот ред.

Минуваме на третата точка од дневниот ред - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Согласно член 62 став 5 од Уставот на Република Македонија, овој закон се донесува со мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Молам. кој бара збор?

Има збор пратеникот Тито Петковски.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господине претседател, дами и господа пратеници, почитувани претставници на Владата.

Јас очекував, бидејќи се работи за мошне значаен закон, претставникот на Владата министерот за правда, сепак да даде едно образложение за причините поради кои се бара по скратена постапка донесување на овој закон и се разбира основните упоришта на Владата за ваквиот текст на законот.

Меѓутоа, тоа е оценка на министерот за правда и Владата, дека пред пратениците за тоа не треба да се говори, независно што имавме можност да слушнеме дел од мислењето на министерот преку медиумите, на седниците на комисиите.

Но, мислев дека навистина беше неопходно пред пратениците да се излезе со едно поопширно и потемелно образложение, бидејќи станува збор за најзначајниот политички чин во една држава, а тоа се изборите. Станува збор за прашања кое што е вистинско мерило за нивото на демократските процеси во една држава. И внатре и надвор не ценат по тоа како ги организираме

изборите и колку сме напредналe во развојот на демократските процеси, во едно општество во целина.

Според тоа во принцип, да кажам, независно што е таква оценката на Владата, кога станува збор за мошне значајни политички прашања, не би требало да се носи таков закон по скратена постапка, уште повеќе што станува збор за промени на Законот за избор на пратеници, кога се знае дека парламентарните избори ќе бидат за уште три години, значи нема да се случат во непосредна близина, или ова што зли јазици говорат, можеби има намера власта едновремено со претседателските да организира и предвремени парламентарни избори и на еден трошок и градоначалникот во Кисела Вода да го избере. Ако е тоа така, прифаќам, зошто се форсира по скратена постапка да се донесе Законот за избор на пратеници. Не гледам навистина друга смисла, уште повеќе што министерот за правда во името на Владата кажа дека она што беше камен на препнување, тоа се промените во составот на изборните комисии, можеби нема да важи за претседателските избори, туку ќе важи за парламентарните. Затоа што има низа прашање кои бараат одговор, мислев дека е неопходно претставникот на Владата да се произнесе во името на Владата да видиме кои биле мотивите што ја раководеле Владата или очекува после тоа откако ќе кажеме ние што мислиме, претставникот на Владата да се произнесе.

Веднаш на почетокот да кажам дека Законот за избор на пратеници и целата изборна регулатива која што спроведе во Република Македонија трети по ред слободни, демократски фер повеќепартиски избори, беше изготвен врз основа на трудот и непосредниот ангажман на многу интелектуалци во РМ, на сите политички фактори, на политичките партии кои во изминатиот состав беа во Парламентот и особено политичките партии кои не беа присутни во Парламентот и најголемата вон парламентарна партија која сега е доминантна во власта беше вклучена од почетокот кога беше иницијативата за донесување на Законот до пред нејзиното завршување, односно донесувањето на Законот во оваа собраниска сала.

Според тоа и многу мислења и сугестии на вонпарламентарната партија како во овој случај на ВМРО-ДПМНЕ се имплементирани во Законот за избор на пратеници. И по една општа оценка, не само наша туку и на меѓународните институции, владини и невладини кои беа во својство на набљудувачи во Република Македонија, изборната регулатива гарантираше фер и демократски избори и тие се случија.

Патем да кажам, покрај тој креативен ангажман на потенцијалот со кој располага оваа држава, Законот беше доставен на експертиза на мислење и до многу авторитетни европски и светски институции и од нив се добиени многу високи оценки за содржината на законот, за решенијата, особено Национално демократски институт и од ОБСЕ, од Советот на Европа, по многу прашања кои сега се третираат во овој закон беа добиени високи оценки за нивото на демократичност во изборната процедура што гарантира овој закон.

Заради тоа ме чуди сега зошто Владата се одлучи да предложи закон по скратена постапка, да се носи во ова Собрание за избор на пратеници, ако со овој закон суштински не се влијае на престојните претседателски избори во РМ.

Сега нешто за решенијата.

Главната причина за донесување на овој закон, односно основните решенија се што се професионализира статусот на пратеникот. Тоа не беше спорно ни досега. Уставот дава таква можност, меѓутоа законот и уставот не предвидуваат императивна норма за професионален статус на пратениците. Мислам дека исто така не е добро решение, во услови кога имаме само трет по ред состав на македонски повеќе партиски Парламент, императивно да се наложува дека мандатот на пратениците ќе биде исклучиво професионален.

Мислам дека се задира и во човековите права и слободи што се гарантирани со Уставот на Република Македонија, а не е ни добро, бидејќи се уште пратеничката функција како што впрочем тоа се случи и во овој состав на Парламентот не е многу атрактивна не е примамлива за многу граѓани кои имаат професионален ангажман, кои се докажале како врвни професионалци и кои би сакале да се вклучат во политиката, меѓутоа на волонтерска основа, како впрочем и во овој состав на Парламентот имаме многу врвни професионалци кои се пратеници и кои сакаат, бидејќи уживаа авторитет од поддршката на граѓаните во местото каде што живеат, сакаат и тоа да го пренесат во Македонскиот Парламент, со фактот што ние ги задолжуваме, особено лекарите и другите луѓе чија професија е многу прагматична, ќе бидат хендикепирани. Тој или ќе биде лекар, или ќе биде пратеник.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:** (Продолжение)

Ако биде лекар ќе практицира, затоа што сепак тоа е занат. Хирургот едновремено мора и да оперира, а ако биде и пратеник веројатно дека дилемата ќе биде многу тешко, дали ќе почувствува потреба, за политичката партија што му е блиска да

му го даде својот ангажман. Наведувам само еден пример, кој што можеби ќе води во насока дека не би било добро да бидеме до крај ригидни со решенијата дека пратеничката функција мора да биде професионална. Тоа сепак нека остане и право на политичките партии кога кандидираат, меѓутоа и можност луѓето кои што се кршат помеѓу професијата која што му е висока доходовна, а политичкиот ангажман веројатно не му е многу атрактивен, сепак да можат по волја на граѓаните и да бидат пратеници во македонскиот Парламент.

Ова беше и една од точките кога во претходниот состав имавме контакти со низа демократски институции во Европа, дали тие решенија кореспондираат со земјите што имаат многу поголема парламентарна традиција. Искуствата се многу различни и можеби поради тие причини, не само заради ова решение во законот што ни се предлага за денешнава седница и нема компаративни искуства да видиме какви се решенијата во овие земји, Велика Британија како земја со најдолга парламентарна традиција, во Германија, во Франција и другите земји кон кои Република Македонија се стреми во сите домени па и во сферата на уредувањето на изборната регулатива.

Второ прашање кое се засега со овој закон, а кое што заслужува според мене наше внимание е исклучиво ослободувањето на судиите да не бидат членови на изборните комисии и можноста да се ангажираат врвни правници професионалци со положен правосуден испит и десет годишно искуство.

Ова решение исто така беше предмет на опсервација и од институции надвор од Република Македонија, па дури и од Советот на Европа и од ОБСЕ. Никогаш не ставија забелешка дека тоа значи мешање во надлежноста на судиите или преголем ангажман на судиите за време на изборната активност во Републиката. Ако се знае дека изборите се одржуваат на секои 4 години, според Уставот на Република Македонија, тие имаат еднократен ангажман месец дена и евентуално по приговорите два месеци максимален ангажман на судиите, кои што се членови на изборните комисии. Дали тоа значи навистина големо оптоварување на судиите во извршувањето на судската функција. Претпоставувам дека мотивите се сосема други.

И тогаш кога многумина заговараат во Република Македонија, дека судиите не треба да бидат членови на изборните комисии, од причина што може да значи и ограничување на самостојноста на судиите во вршењето на нивната функција, тезата беше сосема спротивна, која што исто така сакам пред вас да ја изнесам.

Имено, според нашиот Устав постои рамнотежа на Законодавната, судската и извршната власт. Односно се стремиме да воспоставивме систем на парламентарна демократија, во која ќе има поделба на власта на законодавна, судска и извршна. Тоа имплицитно подразбира и меѓусебно влијание и зависност на законодавната, извршната и судската власт. Ако ова Собрание ги бира судиите, јавните обвинители и т.н., да има можност и судската власт на посреден начин да влијае во конституирањето на Собранието како врховно законодавно тело, односно како законодавна власт во Република Македонија. Единствен начин, допирна точка кај што судската власт и законодавната власт имаат, тоа е во процедурата на изборите. Јас сум многу повеќе убеден во професионалност, независност, одговорниот однос на судиите, отколку на правниците, кои што овде се предлагаат да бидат партиски неопределени луѓе и со 10 годишно искуство.

За илустрација ќе споменам само неколку актуелни примери. Како енергично, професионално судството реагирање во Битола во врска со наметнувањето на извршната власт над судската. Таму се инсистираше од премиерот на Владата, од самата Влада под итно судот да определи нов стечаен управник и дури предизвика револт кај штедачите, па да вршат притисок кај судот во Битола тоа да се стори. Тоа е директен притисок на извршната власт врз судската власт.

Исто така, добар пример е Одлуката на Врховниот суд во врска со барањето на заштита на законитост од јавниот обвинител за пензиите. Многу подобар случај е слободниот, професионалниот ангажман на Уставниот суд околу приватизацијата. Владата донесе предлог, утврди ова Собрание донесе закон со кој што ги обврза сите акционери во рок од 30 дена да ги откупат акциите или пак сите тие фирми, околу 114, ќе станат државен капитал. Судот енергично одговори со времена мерка дека тоа не е во ред.

Овие примери ги кажувам само заради поткрепа на тезата. Неодржива е тезата дека судиите ќе бидат помалку објективни отколку правниците, кои што политички не се определени, не се членови на политички партии, дека подобро, по квалитетно и по одговорно ќе ја извршуваат работата. Ако се знае уште повеќе дека судиите се бираат докрај на работниот век и тие за да си ја сочуваат професијата ништо

друго не им останува освен да бидат независни, професионалци, одговорни, бидејќи само на тој начин можат да си го задржат и работното место, додека правникот кој што се предлага овде со положен правосуден испит и со десет години искуство, мислам дека не е поголема гаранција од судијата дека ќе биде непристрасен, објективен. Напротив, сметам дека судската професија по природата на нештата и кога влегуваат во судската сала налага на тој што се бара, со правораздавање, како што вели народот пред се да внимава на законитоста во работењето, бидејќи може да биде на предлог на Републичкиот судски совет разрешен, додека оној правник што ние го предлагаме сега, односно што предлага Владата да биде член на изборната комисија, а не е член на политичка партија не е растеглива категорија. Многу малку ќе најдете луѓе кои што до крај ќе бидат непристрасни, кога станува збор за ангажман во изборната комисија.

Заради тоа, сметам дека ова решение не е чекор напред во македонското изборно законодавство. Напротив мислам дека се многу ретроградни процеси, кои што ќе создадат повеќе проблеми меѓу политичките партии, бидејќи многу тешко освен ако не се професионално независни, кога говорам како судија, да можат да си ја вршат совесно и одговорно работата како членови на изборните комисии. Така да јас предлагам навистина уште малку да размислиме во начело не само за овие две одредби, за кои што споменав.

Исто така ние имавме можност да се сретнеме и со други одредби кои што се директно спротивно на Уставот. На пример одредбата за отповикувањето на пратеник. Во Уставот многу прецизно е речено дека пратеникот не може да биде отповикан од функцијата, а ние предлагаме односно Владата, пратеникот кој што е избран на мнозинска листа да може да биде отповикан. Тоа е директно во спротивност со Уставот, а буквално значи крајно дисциплинирано од пратениците од партиски причини, или ќе ја слуша партијата или ќе излегува надвор од Парламентот. Уште повеќе ако се знае дека пратеникот не е избран само на листа на политичка партија.

Според нашиот Устав, пратеникот има обврска кон граѓаните. Тој претставува израз на суверенитетот на граѓаните преку него пренесен на Собранието. Значи двојна е улогата на пратеникот. Едно е односот политичката партија, и второ односот кон граѓаните кои што го избрале. Ние можеме овде да се надмудруваме и како членови на различни политички партии, меѓутоа одиме, бараме поддршка од граѓаните кои што според нашиот Устав го пренесуваат сопствениот суверенитет преку пратеникот на Собранието. Така да ова прашање заедно со другите, не сакам другите да ги елаборирам, меѓутоа заслужуваат внимание на овој Парламент и што сакам јас да предложам.

Ние бидејќи ги слушнавме намерите кои се барем прагментарно од министерот за правда преку комисиите, да утврдиме на денешнава седница предлог за донесување на закон, а на есен да го донесеме законот. Во меѓувреме да се направат консултации со компетентни невладини, не партиски организации, да се направат консултации со политичките партии кои што се надвор од Парламентот, бидејќи со ова се создава и демократска атмосфера во државата. На овој начин и се легитимираме пред светот дали сакаме нешто набрзина да донесеме со регулатива, која што ќе има негативни импликации понатаму во политичкиот живот на државата, или сакаме навистина да бидеме во функција на унапредувањето на демократијата во Република Македонија. Ако е второто, мислам дека е беспредметно вака значаен закон да го носиме по скратена постапка. Да дадеме шанса на политичките партии, кои што се помалку важни на македонскиот политички простор, но можеби на следните избори ќе имаат поголема шанса, отколку што ние сега седиме во пратеничките клупи. И тие нека се произнесат, нека се произнесат здруженијата на граѓаните, еснавските, професионалните здруженија и т.н., за да навистина донесеме закон, кој што ќе кореспондира со современите демократски процеси и во Македонија и во Европа.

Јас би сакал да видам, бидејќи сакаме да бидеме членка на ЕУ земја, која што вака набрзина носи изборна регулатива. Министерот за правда нека ни посочи земји каде што овие решенија со елиминирање на судиите во изборната процедура се содржани како решенија, каде се носи изборната регулатива преку ноќ по скратена постапка. Јас мислам дека тоа е својствено само на земји со не демократски односи. Демократски земји прават многу по темелни подготовки за најзначајниот политички чин во една држава, тоа се изборите, каде што се утврдува правила на игра за да можат да стекнат доверба, оние кои што во името на граѓаните ќе ја водат државата наредните 4 години. А уште повеќе, да повторам, ако стои тезата како што рече министерот за правда на Комисијата за политички систем и

Законодавно -правната комисија, дека не е целта да се измени составот за наредните претседателски избори, навистина не гледам ниту една смисла овој закон да го донесеме денес и тоа по скратена постапка. Претпоставувам дека можеби ќе добиеме некои поголеми образложенија, па сите да се произнесеме, бидејќи имаме обврска пред граѓаните.

Значајна забелешка од набљудувачите на последните парламентарни избори беше, само околу некои технички прашања сврзани со ажурирањето на списоците и организирањето на избирачките места. Сериозни забелешки ниту од набљудувачите, ниту од компетентни институции во Европа и во светот на изборната регулатива во Република Македонија немаше, бидејќи беше еднодушна оценката дека таквата изборна регулатива обезбедува фер и демократски избори, кои што се случија во Република Македонија.

Ќе завршам со една молба до сите вас почитувани колеги, бидејќи сепак се однесува и за пратениците малку повеќе внимание да посветиме и преку ноќ набрзина да не носиме регулатива, која што утре можеби со последиците што ќе ги има врз изборниот процес негативно ќе се одрази и врз нашиот однос кон овој мошне значаен политички чин.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. пратеник Тито Петковски, за дадените сугестии во врска со точката.

За збор се јави министерот за правда, г. Владо Камбовски.

**ВЛАДО КАМБОВСКИ:**

Господине претседателе, почитувани пртеници.

Направено е се законот по оваа процедура, врз основа на претходните консултации со политичките партии во Парламентот, вон парламентарни политички партии да влезе со определени измени во изборната регулатива, што се однесува на изборот на пратениците за да се сообразат некои решенија со Изборниот закон за избор на претседател, кој се повикува на Законот за избор на пратеници и во Законот за избор на пратеници, да се вградат одредени усогласени помеѓу политичките партии, становишта по однос на гаранциите во самата изборна постапка, приговорите на записниците, на крајот и судската заштита што треба да се обедначи на рамништето на Врховниот суд и другите прашања кои беа во функција на јакнење на гаранциите за регуларноста, објективноста на изборната процедура. Така што причините за донесување на Законот за измени на законот за избор на пратеници по скратена постапка, мислам дека стојат и доволно се објаснети и во претходните консултации со политичките партии, тие не ја спореа тогаш потребата од пристапување кон измена на законот сега и во претходната расправа во собраниските тела. Се разбира дека за повеќе прашања е постигнат консензус помеѓу политичките партии. Тоа се прашањата за роковите, технички прашања, за судската заштита и сл., а некои прашања се оставени отворени. Да речеме прашањето кое ја подгреа и нашата политичка јавност, дека гласањето на државјани на Република Македонија во странство, за кое сите се согласивме дека бара по темелни проучувања и дека една материја која била со години наназад запоставена и не преземала оваа држава, ништо по однос на остварувањето на изборното право на нашите државјани во странство, дека треба да се совлада во еден догледен период, кој сепак не може да биде период од месец или два, туку бара синхронизирана законодавна активност во повеќе закони, како што е Законот за пријавување на живеалиште, Законот за единствениот избирачки список и на крајот Законот за избор на пратеници.

Се разбира бара една мошне голема активност на нашите министерства, тоа е Министерството за надворешни работи и Министерството за иселеништво, за овозможување на правото на пристап на наши државјани кои живеат во странство кон единствениот избирачки список, избирачката легитимација и врз основа на тоа остварување на нивното избирачко право, седно каде живеат во нашите дипломатско - конзуларни претставништва.

Второто прашање за кое исто така политичките партии расправаа во неколкуте круга во претходните консултации, беше прашањето за составот на државната изборна комисија и изборните комисии. И притоа беа конфронтирани различни становишта. Од становиштето што се брани во овој закон, дека тој состав треба да го чини еден постојан дел, тоа се дипломирани правници со положен правосуден испит, кој не се членови на политички партии и еден променлив дел, тоа се политичките репрезенти на политичките партии кои се менуваат со секој парламентарен избор во определен период по конституирањето на Собранието.

Ако вториот дел е исто така неспорен, затоа што во составот на Државната изборна комисија се наоѓаат претставници на политички партии, кои не

ја претставуваат постојната политичка, односно партиска структура во Собранието на Република Македонија, па горе доле ќе мора тој состав да го измениме, затоа што сега имаме други односи помеѓу политичките партии, иако односот 50:50% позиција опозиција не се менува меѓутоа на страната на позицијата се наоѓаат други политички партии, на страната на опозицијата се наоѓаат други партии.

Според тоа, еве ја потребата поради која во очи на претседателските избори треба да стапиме со соодветни законски измени на тој дел на составот на Државната изборна комисија и на изборните комисии. Никаква намера тука не постои дека со некое менување на составот на Државната изборна комисија и изборните комисии, позицијата, владеачката гарнитура во моментов сака да подготви некаков маневар, па преку влијание врз овие правници кои нема да бидат судии, ќе влијае врз резултатите на претседателските избори и сл. Дека е тоа така дозволете да го откријам следното. Подготвен е амандман од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ тој ќе биде поделен, со кој јас ќе се согласам како претставник на Владата, според кој амандман избраните судии во овие комисии остануваат до истекот на мандатот за кој се именувани, а потоа ќе се менуваат кога ќе истече нивниот мандат, тој постојан состав на Државната изборна комисија и изборните комисии ќе се именува според решенијата што законот ги содржи. Така што мислам дека е депласирана сега понатаму секоја дискусија дали по однос на прашањето за составот на Државната изборна комисија и изборните комисии треба да постои некоја конфронтација.

По однос на ова решение за составот на Државната изборна комисија и изборните комисии дипломирани правници г. Петковски изнесе некои аргументи кои ние во претходната расправа сестрано ги разгледувавме и на крајот на краиштата излегува дека не е така како што тој своето становиште го образложува, дека извршната власт не може да врши влијание врз судиите, па ќе врши такво влијание врз дипломираните правници кои не се членови на политички партии и сл. Тука се приведуваат аргументи на ТАТ, дека извршната власт вршела некаков притисок, а ние знаеме дека според одредбите на законот за стечај доверителите т.е. штедачите се господари во стечајната постапка и можат да предлагаат се, а судот е тука ставен во улога на арбитер кој главно треба да оценува дали нивните предлози се во согласност со законот.

Според тоа, сите предлози одат во нормална судска процедура и сите предлози судот ги разгледува, ги усвојува или не ако се во сообразност со законот. Или примерот за влијание на извршната власт врз судската власт, може и други да употребиме, нека посочи барем еден од постојниот судски состав, дека министерот за правда предложил избор на судија врз основа на претходни консултации со политичките партии или политичка листа. Јас веднаш ќе се повлечам од својата функција.

На крајот на краиштата и Врховниот суд можеби не ќе имаше смелост да донесе една тешка за државата одлука по однос на признавањето на правото на пензионерите од 8%, ако не постоеја навистина создадени релации на независност на вршењето на судската функција, така што тие аргументи да не ги вовлекуваме во оваа расправа, да го оценуваме овој предлог со конфронтирање со другите рационални аргументи во редот на кој јас би го привел следниот аргумент. Сигурно дека судиите се тие кои уставно и институционално независни и Уставот содржи уставни гаранции и забрани за нивно политичко и партиско ангажирање, но зарем не се тоа и судиите на Уставниот суд. Зошто не може судија на Уставен суд да биде претседател на Државната изборна комисија. Зошто не може судија на Републичкиот судски совет односно член на Републичкиот судски совет, за кои постојат истите уставни забрани и гаранции да биде претседател или член на Државна изборна комисија. Ако одиме сега на функционалните и другите аспекти на позицијата на судството во целата оваа шема на односи во изборната процедура и улогата на Врховниот суд да се постави во улога на заштитник на изборните права и на вршење на судска контрола во законитоста на изборната процедура ќе најдеме директно спротивни аргументи на барањето судии на Врховен суд да бидат членови на Државната изборна комисија, за што судската заштита ја обезбедува Врховниот суд, а знаеме во сите процедури, било која процедура, дали е тоа казнена, граѓанска и т.н., дека постои изземање на судија кој учествувал во една претходна процедура. Во која улога сега треба да биде судијата како член на Државната изборна комисија, кога одлучува во другата постапка, а во која кога тој на општата седница, ајде ако се изземе од судскиот совет треба повторно да одлучува за законитоста на целата процедура.

**ВЛАДО КАМБОВСКИ:** (Продолжение)

Така што тука правните аргументи про и контра се бројни.

На крајот предложено е едно решение, кое не ги исклучува судиите воопшто, не ги исклучува и судиите на Уставниот суд, не ги исклучува и членовите на Републичкиот судски совет, а не исклучува и други истакнати правници, правници нема збор "истакнати" во Законот, од редот на адвокати и правници во стопанството, кои дозволете не мора да бидат членови на политички партии. Во нашата правничка струка има луѓе кои не се членови на политички партии, тоа можат да го потврдат и со свои јавни определби, изјави и т.н., или го гледаме целиот правнички еснаф, како некое стадо кое се приклонило кон една, или друга партиска опција, па сега имаме доверба само во една структура за која се држиме и дека надвор од таа структура ништо друго не може во државата да обезбеди законитост, контрола на остварувањето на законски гарантираните права. Тоа и за правничкиот еснаф малку е неприкладно мислење, па воопшто и за државата не зборува којзнае како добро, дека еве, ако не се судиите кои се тука навистина во таа функција на контрола и на извршната власт и заштитници на законот и законитоста дека нема други снаги кои можат да застанат во одбрана на законот, законитоста и слично. Но добро, таа дискусија за аргументи и контра аргументи јас ја прифаќам, нема никакво вознемирување од еден ваков предлог, дека зад тоа се крие намерата на Собранието да го менува составот на комисиите. Ако имаше Собранието таква намера впрочем можеше да го измени составот на комисиите и според постојниот закон. Може да поднесе предлог Собранието, пратеник, Комисијата за избори и именувања за да се смени составот поради некои оправдани причини што се дадени во законот за сменување на еден, друг член и т.н. Нема потреба ако сака да се постигне таа цел да се покренува сега еден сложен законодавен механизам, за да дојде до некоја задна цел за која сите знаеме дека во овие услови би била лесно прочитана и би се одразила негативно врз оценките за тоа како објективно и непристрасно се спроведуваат изборите во нашата држава.

Според тоа, нема ништо во овој закон што е спротивно на интенцијата за обезбедување на што е можно поголема објективност, непристрасност, законитост во целата изборна процедура. Законот се предлага во скратена постапка, реков на која претходеа можеби двомесечни консултации со политичките партии, затоа што навистина требаше да се направи селекција од еден широк круг на прашања кои треба да бидат предмет на натамошното дотерување на законската процедура. Зошто?

Па едноставно затоа што еден од најважните закони, Законот за избор на пратеници па и другиот дел на изборната регулатива кај нас беше донесен минута до дванаесет. Законот за избор на пратеници да Ве потсетам беше усвоен во ова Собрание кон крајот на мај, односно почетокот на јуни стапи во сила во 1998 година само неколку месеци пред парламентарните избори, по еден долг период од усвојувањето на Уставот, во кој беа преминати сите рокови за донесување на нова изборна регулатива. И се разбира, бидејќи сите тие закони што ја чинат изборната регулатива, беа донесувани во различно време во тие закони има внатрешни контрадикции, има не усогласености, а во некои делови очигледно не се стигнало одделни прашања да бидат развиени низ таа регулатива. Ако Законот за избор на пратеници беше усвоен веднаш по усвојувањето на Уставот, или барем 2, 3 години потоа, ние на време ќе го подготвевме и прашањето за изборот, за гласањето на нашите државјани во странство. Зошто овој закон и другите закони не беа на време усвоени, сега не сакам да дискутирам.

Една контрадикција во изборната регулатива. Законот за локалните избори да речеме го предвиде правото на гласање на наши државјани во странство во дипломатско - конзуларките претставништва. Тој Закон содржи таква одредба без ништо понатаму да се каже како изгледа постапката на гласање на нашите државјани во странство во дипломатско - конзуларните претставништва. Зборот ми е, едно решение кое е вградено, а не е развиено со сите консеквенции и во тој Закон, па и во Законот за избор на пратеници во Законот за единствениот избирачки список и т.н. Покрај овие измени ние наскоро, во месец септември и октомври повторно ќе излеземе со иницијатива, тогаш кога ќе оцениме во консултации со политичките партии дека треба уште натаму да се дотерува изборната регулатива и со други предлози за измена на овој закон.

Според тоа, овој закон ги поставил темелите, бара натамошно доградување на одделни финеси на целата изборна регулатива. Го споменав прашањето за гласањето на наши државјани во странство, за кои Владата ќе подготви предлог и некаде на есен, септември, или октомври ќе излезе со својот предлог пред Собранието. Реков, пак по претходните консултации со политичките партии. Никој не сака да наметне нешто што не е прифатливо за другите политички партии.

Прашањето за професионализмот во вршењето на пратеничката функција. Ова прашање беше едно од основните определби на владината коалиција. На ова прашање повеќе пати се враќаше и стариот пратенички состав, често пати оценувајќи ја позитивно, или негативно работата на Собранието, на пратениците, активноста на самото Собрание и слично, секогаш со едно одлагање на тоа прашање дека треба сигурно тоа прашање заслужува внимание и еден ден треба да дојде на дневен ред.

Ние предлагаме сега една измена која не мора да значи финализација на целата заложба за професионализација на пратеничката функција, затоа што таа ќе бара измена и во други прописи, па дури можеби повторно враќање на овој закон и доградба на уште неколку одредби. И помеѓу другото предлагаме таа одредба да започне да се применува од првите наредни избори за пратеници во Собранието на Република Македонија. Важно е според тоа таа политичка одлука, таа политичка волја да биде правно институционализирана и да претставува веќе надминато прашање на кое сега ќе надоградуваме одделни финеси, како што е тоа да речеме за не споивоста на функцијата на пратеник со други функции, како што е обезбедувањето на други услови материјални, па и просторни беа споменати за професионалното вршење на пратеничката функција која би претпоставувала сега околу секој пратеник да се формира еден мал кабинет од помошници, советници кои ќе му помагаат во вршењето на пратеничката функција. Зад тоа се разбира стои една јасна политичка определба, активна улога на Собранието во остварувањето на неговата основна функција, а тоа е законодавната дејност на Собранието. Моја оценка, можеби не е точна, можете и да ми замерите дека продолжува инерцијата во работата на Собранието и во вкупните односи со извршната власт која ја влечеме десетици години наназад. Стилот на собраниско владеење е барање на информации и т.н. и се друго, а законодавната активност е во прв план. Таков впечаток јас лично добивам и во работата на ова Собрание. Собранието чека од Владата законодавни иницијативи, тие иницијативи треба да дојдат како апсолутно заокружен законски предлог. Непозната ми е практиката Владата само да наметне, отвори едно прашање кое бара законска регулатива, а Собранието да го дефинира ставот за тоа како треба определена материја да биде регулирана низ закони и т.н. Тоа се отворени прашања, за нив сигурно треба во наредниот период додека се подготвуваат следните пратенички избори, исто така да се разгледаат сите аргументи, сите моменти кои се од значење за подготовка за тоа, за воведување на тоа ново решение.

На крајот прашањето за членот 24, а тоа е одредбата според која на пратеникот му престанува мандатот кога ќе му престане членство во политичката партија. И тука сум информиран дека пратеничката група на Демократската алтернатива ќе предложи бришење на таа одредба и ние ќе се согласиме со тоа. Но, има уште едно прашање кое се покренува во врска со таквото законско решение, за кое ние мораме да размислиме заедно Владата и Собранието, а тоа е постојното законско решение не е во дослух со уставната одредба, според која уставна одредба таксативно се определени основите на престанок на функцијата на пратеник. Меѓутоа, тоа е прашање за кое мислам дека треба навистина да поведеме една претходна расправа и тоа е исто така едно од прашањата за кои треба да обавиме претходни консултации со политичките партии и да го подготвиме за наредното навраќање кон Законот за избор на пратеници. Исто така сум информиран дека пратеничката група на ПДП подготвува амандман со кој ќе предложи бришење на членот 98 став 1 алинеја 5.

Затоа би предложил ако може да се постигне консензус денеска да не го прифаќаме тој амандман, да обавиме претходни политички консултации, да ги согледаме сите консеквенции. Затоа што навистина кога е работен Законот за избор на пратеници, е пропуштено и прашањето за положбата на пратениците кои доаѓаат од пропорционалната листа. Овде е направено едно мало дотерување сега. Имено, се постави прашањето, што кога ќе се исцрпи пропорционалната листа? Ние предлагаме сега да може тој круг повторно да се отвори. Меѓутоа не е исклучена теоретски можноста тој круг и ако повторно се отвори пак да не даде резултати, т.е. да не може да се најде пратеник од таа пропорционална листа. Што во тој случај, како, во која смисла распишувањето на нови избори за 1, 2, или неколку пратеници кои се наоѓаат на пропорционалната листа на една партија. Како ќе изгледаат тие избори? И тоа е едно отворено прашање.

И затоа би предложил без претходно добро да ги погледаме аргументите со политичките партии за некое ново решение, да не одиме со усвојување на тој амандман денес.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Камбовски, министер за правда.

За збор се јави г-ѓата Ѓулистана Марковска.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа, ќе се согласам со претставниците на опозицијата кои што рекоа дека се работи навистина за еден значаен закон, од проста причина што ова е еден од законите кој што претставува еден сегмент од нашата лична карта за тоа колкав е степенот на демократијата во Република Македонија, постојано под посматрање и под лупа на меѓународната јавност, меѓутоа и на нашата јавност. Овде беа елаборирани еден добар дел од страна на г-динот министер Камбовски, причините поради кои што се предлагаат одредени измени на Законот, кои што јас би сакала малку и да ги проширам со одредени свои согледувања и со споредување на изборите кои што не беа така одамна, последните парламентарни од кои што е избран и овој состав на Собранието.

Од тие причини го поздравувам донесувањето на Законот токму во ова време и токму пред претседателските избори, затоа што одредени нејаснотии кои што беа дадени во овој закон и кои што беа предмет на правно толкување, зборувам на постојниот Закон, на поедино правно толкување, за жал завршуваа со различни правни толкувања, создадоа одредени забуни кај нашата, меѓутоа и пошироко кај меѓународната јавност. Не така одамна можеме да се потсетиме на спорните прес – конференции, во кои што беше давано едно толкување од страна на Државната изборна комисија и од нејзиниот претседател г-ѓата Ингилизова за да само по два часа тоа толкување биде изменето и поинаку правно толкувано, меѓутоа со значајна и битна материјална и содржинска измена на истата. Самата можност, овој Закон дава можност точно и во одреден временски период се огласуваат одредени резултати, односно во рок од 48 часа да бидат дадени одредени приговори, сега не до Апелациониот, туку до највисокиот суд, Врховниот суд и истите да бидат решавани по брза постапка, не отвора можност за никакви шпекулативни би рекла и поинакви правни толкувања освен за расчистување на ситуации и давање на точни, прецизни и јасни информации и на подносителите на приговорот, односно на политичките партии и на кандидатите на нашата јавност, меѓутоа и на меѓународната јавност.

Повторно ќе потсетам дека ние на последните избори направивме многу современ меѓународен прес центар, кој што за жал, благодарение на лошите обскрбувања со информации од Државната изборна комисија, функционираше многу лошо и веројатно бевме предмет како држава овој пат на потсмевање и на презир на целокупната меѓународна јавност, бидејќи имавме можност одредени изборни резултати да не се знаат, не за 48 часа, туку истите да бидат објавувани за 5 и 6 дена после одржаниот круг на гласање. Сите, веројатно се смееја што се случува во таа држава кога не можат да се пребројат гласовите само на два милиона население, а не да зборуваме за помоќни држави, кои исто така имаат компјутерски систем, кој што може да се заведе и во нашата држава, за една моќна Германија, која што изборот на претседател веќе го славеше со само неполни 6 часа од завршеното гласање.

Така што, предложените предлог измени кои одат на прецизирање на текстот се токму нужни во овој временски период пред одржувањето на претседателските и со една доволно временска дистанца да се согледаат, сигурно можеби и други несогласувања, други решенија кои што би можеле да бидат предложени веќе и во нов текст за предлог измена на таков закон, кој што ќе биде во новите парламентарни избори.

Би сакала да се осврнам на она што беше коментирано од страна на министерот и од претставникот на опозицијата за професионализација на пратеничкиот состав. Само ќе потсетам дека ние постојано претставниците на опозицијата бевме и се уште сме под лупа на она што е ветено и на она што ќе се реализира. Основниот слоган на коалицијата за промени беше дека, сите пратеници на коалицијата ќе бидат професионални. Можам да кажам на свое задоволство дека овој состав и покрај тоа што остана само на таа морална, а не и некоја законска легислатива, која што би била обврзувачка за сите нас, веќе 2/3 од постојниот состав на Собранието е професионален, а 1/3 не е. Не навлегувам дали е тој од опозицијата или позицијата, да не кажам 90% се претставниците на ВМРО-ДПМНЕ се веќе со професионален ангажман и тоа е добро.

Ќе ги искажам сопствените причини, зошто сметам дека треба да биде професионален составот на Собранието. Не само од причина што тоа раѓа кај секој од нас како човек, како пратеник поинаков третман кон работата што ја врши многу по професионален и ангажиран, туку и од причина што кај нас професијата политичар, кај некои е сфатена само како хоби и не и како статус на човек, политичар со соодветна содржина, кој што секои 4 години ќе има храброст, смелост да излезе пред граѓаните, да се соочи со таа јавност и да каже што од ветеното тој реализарал, а што не. Јас имам одредени сознанија кои за жал, не би сакала да ги кажам јавно, меѓутоа, дека можеби претставници на опозицијата ќе

можат да го кажат дека дел од пратениците професијата пратеник ја сфатија како хоби, како можност да бидат 4 години присутни во Парламентот, дека тоа се нивните т.н. 5 мин. кога можат да направат се, кога можат добро да се обогатат, а за после веќе не е важно. Така што, добар дел од нив ја платија својата кандидатура, па имам некоја цифра дури и од 750 илјади марки, што не е така за потценување.

Сигурно затоа ќе се согласиме сите, од проста причина што тие не мислат да градат кариера на политичар, туку мислат дека тоа е период кога сега е времето и шансата кога можат тоа да го платат, да го добијат, а за после што ќе стане со партијата, ама апсолутно воопшто не им е гајле. Така, оваа можност за професионализација никого не спасува од одговорноста повторно да се појави пред таа наша јавност и да каже што направил како пратеник, што пропуштил и дали ќе добие повторен мандат од граѓаните. Беше изречена дилемата што со лекарите и навистина тоа е така, меѓутоа јас овде можам многу поодговорно да го кажам, од проста причина што јас сум лекар. Знаете што, да бидете лекар добар, а уште повеќе добар хирург и во исто време добар пратеник апсолутно е не спойво. Кажете ми вие еден хирург, чија што функција е да секој ден влегува во сала, барем секој втор ден да оперира, кој што ќе може да биде добар пратеник и да одговори на сите обврски пред граѓаните и пред овој Парламент.

Поаѓајќи од тие причини, можеби и самата јас сум оштетена како лекар и тоа е факт, меѓутоа не можам да бидам оштетена како пратеник ако веќе тука секој ден морам да идам во Собранието и морам да извршувам еден куп професионални обврски, кои што стојат не само пред мене, туку пред секој од нас. Областа со која што и јас се занимавам е хируршка тоавтомологија, меѓутоа вие не можете нечии очи или пак некој друг орган на некој човек и тој човек да се даде во комплетна ваша доверба, заради тоа што се работи за нечие здравје, за нечиј живот, а вие тоа да го сфатите како една од вашите обврски, а и не како секојдневна обврска.

Токму од тие причини бројот на врвните хирурзи во собранијата во сите земји во светот, сигурно е не незначителен, туку воопшто го нема. Така што, секој еден лекар, и ако веќе прифати да се кандидира, ќе треба да го прифати целокупниот ангажман од она што произлегува од пратеничката функција. Од причина што мора да биде добар пратеник и за тоа добил мандат од граѓаните.

Во однос на вториот дел за изборот на судиите дали тие треба да останат како претседатели на изборните комисии. Не од причина што тие можат да бидат политизирани, туку од причина што постои еден сплет на законодавната, извршната и судската власт, меѓутоа и строга динкстинција на судската власт, која што велиме дека е независна и комплетно независно треба да ја врши својата работа, сметам дека судиите не треба да бидат ставени за претседатели на изборните комисии. Не затоа што сметаме дека тие ќе бидат на една или на друга опција пристапници, туку токму од причина нив да ги заштитиме. Секој оној кој што губи има право да се лути. Тоа е факт. Токму од тие причини оној што губи, без оглед на која политичка опција припаѓа, судијата кој што го донел тоа решение ќе го нарече дека е претставник, односно поборник на другата политичка опција, без оглед дали постојат аргументи за тоа. Тоа е така. Токму поаѓајќи од тие причини јас го поздравувам новото решение и сметам дека тоа ќе биде голема оддушка на судиите и голема благодарност ќе имаме од нив да не ги инволвираме во законодавната власт, во процесот на избор на пратеници, на претседател, во процесот на избор на одборници, а во таа власт, во тој избор да бидат вклучени истакнати правници со 10 годишно искуство, односно со положен правосуден испит и со едно 10 годишно правно искуство, што од друга страна пак за нас пратениците, пред да го изгласаме тоа решение, претставува дополнителен аргумент, кој ни влева доверба дека ќе се работи за квалитетен кадар.

Третиот дел кој што за мене, исто така, можеби отвора дилеми и со право е причината за отповикување на пратеникот. Во однос на пропорционалната листа, знаете воопшто нема дилеми. Избраните пратеници од пропорционалната листа се избрани претставници на политичката партија и за нив гаранција е носителот на листата, односно лидерот на партијата. Веројатно, гласовите се слеваат на сметка, прво на партијата, односно на лидерот, затоа што целокупниот тој свој авторитет го употребува и гарантира дека пред граѓаните дека тие избрани пратеници, кои што ќе бидат на листата, совесно и одговорно ќе ја извршуваат понудената функција пратеник во Собранието.

Во однос на пратениците кои што се избрани од мнозинската листа тешко ќе може да се најде параметар за да се каже кој елемент одиграла партијата и покрај тоа што кај нас се уште нема наметнати, барем како држава со една млада демократија, нема толкав број на наметнати личности, кои што со својот авторитет ќе можат да влијаат во непосредната локална јавност, пошироката јавност на Република Македонија, и ќе се

каже дека истите се избрани само заради нив лично. Тука се испреплетуваат претпоставувам личното и она што ја има довербата како политичка партија, така што отповикувањето на пратеникот ќе биде доста тешка работа да се избере. Така, избирањето на решение за отповик, за мене е спорно, од причина што во еден дел на Уставот имаме, прво, дека се неотповикливи пратениците, а втор дел во законот во кој што се таксативно набројани деловите под кој што може кој може и на кој начин да биде еден пратеник отповикан. Затоа, сметам дека треба добро да се размисли, за да и пратениците не бидат ставени во нерамноправна положба на едни кои што ќе можат да бидат отповикувани и на други кои што нема да можат да бидат отповикувани односно сите да бидат отповикувани, а за тоа да има решение на јасна неотповикливост на давање на суверенитетот, кој произлегува од народот и повторно се враќа во народот.

Знаете, малку ме чуди зошто тоа од претставници на опозицијата го слушам како аргумент, меѓутоа можеби тоа е добро за ширење на една демократска атмосфера, затоа што обично и секогаш премините на пратеници од една во друга област се вршат од претставници на опозиција во претставниците на владеачката гарнитура.

Тоа, впрочем, го имавме и во претходниот мандат кога претставници на владеачката гарнитура се здобија со двајца нови пратеници, сега уште поголеми поборници, поголеми папи, односно поголеми католици од самиот папа во градењето на опцијата, за која што се зборува. Тоа се однесува на пратеници од Куманово. Веројатно, ќе го споменам и својот пример, за да бидат до крај искрена, јас ќе останам како еден, претпоставувам, запаметен пратеник, кој што од можност да влезе во позиција, остана во опозицијата повторно чисто од принципиелни, би рекла и морални причини во претходниот мандат, не согласувајќи се со решението што го донесе партијата да влезе во власта, тогашната моја и си останав како претставник на опозицијата. Тоа е можно секаде, меѓутоа тоа ги консолидира, тоа решение ги консолидира редовите на опозицијата, не на позицијата која што може да прима и постојано да го зголемува својот број и да прима нови пратеници. Меѓутоа, како размислување реков дека тоа е добро што се разговара отворено, што значи дека и претставниците на опозицијата и на позицијата во овој случај, сите заедно се трудиме да донесеме едно ново решение, квалитативно подобро за нас самите, меѓутоа и за пошироката демократска јавност за ова Собрание, за легитимитетот и за, би рекла, личната карта на Република Македонија пред сите меѓународни асоцијации. Ви благодарам за вниманието.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

И благодарам за сугестијата на госпоѓата Марковска Ѓулистана.

За збор се јави потпретседателот на Собранието, господинот Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господа пратеници, предизвикан од ставот на господинот Тито Петковски, околу третманот на одредени делови од предложениот закон, сакам да се јавам и да говорам на три теми.

Првата е предлог за професионализмот.

Втората тема е зошто судиите да не учествуваат во изборните тела.

Трето, е отповик на пратеник.

Првиот дел за предлог на професионализмот, беше третиран и во претходниот состав на Парламентот кој и го донесе Законот за избор на пратеници по кој и ние, по која процедура и ние дојдовме овдека. Тогаш стана збор на оценка дали професионализам или не. Тогашната коалициона власт или коалиција во Парламентот предводена од СДСМ, застана на становиште дека не треба да биде професионализам воден од лични интереси по народната пословица, и камен и орев во рака. На едно место да има капитал, а на друго власт. Најлоша комбинација за демократија. Меѓутоа, интересите остануваат вечни.

Затоа, сега јас не сакам да говорам оти не е исправен ставот на г. Тито Петковски. Јас неговиот став го оправдувам од негова причина интерес, а не од принцип на демократијата. Се спомна дали некоја финоќа и убавина во работа, па меѓу нас не знам дали има некој виолинист, клавирист, или нешто друго или лекари, влејтисти и што јас знам, да не говорам повеќе, тие ако не практикуваат, ќе си го изгубат занаетот. Да можат посебно да практикуваат, да не биде врзано и за каменот и за оревот. Меѓутоа, другите професии, да бидете директор на една установа и кога имате власт од неа да говорите, не е мала причина за интересот.

Затоа, сакам овој професионализам да го врзам за мојата функција, иако личниот пример е најлош пример за човекот. Меѓутоа, се одлучив за најлошиот пример, за себе. Како адвокат имам интерес да бидам и пратеник и адвокат. Ќе претставувам и сила и воопшто за капитализирање, затоа што човекот ќе има не во мојата стручност крајно,

туку во мојата положба како пратеник, бидејќи судиите имаат друг третман и однос спрема мојата личност тогаш. Се одлучив да бидам професионалец да заштитам не свој интерес, туку дигнитетот и достоинството на судиите да останат на сила, да го применуваат законот од положба на судија, а не од положба на послушник и зависник. Ова го зедов мојот пример за лош пример. Затоа, се залагам да бидеме професионалци.

Вториот дел, зошто судиите да не учествуваат односно да учествуваат. Во овој дел се повикувам на распределбата на власта по Уставот. Таа е поделена на законодавна, извршна и судска власт. По игра на содржината на Уставот и тоа неговото правило, судиите ние овде ги избираме. Сега, ако им дадеме можност да бидат и тие луѓе, кои ќе одлучуваат за судбината на изборите кои кандидати ќе добијат и ме потсети зборот на госпоѓа Марковска кога говореше дека наместо за 48 часа, да не речам 48 дена немавме изборни резултати.

Навистина, се поставува прашањето дали сега тие судии што ние ги избравме не сакаат да не заштитат нас да останат и да не се постави прашање на знаењето или незнаењето на правото. Да дојде да се разрешува значи секој си обезбедува во тие две власти секој си обезбедува свој грб. Тоа е првиот дел, што значи да не бидеме еден со друг, јас те избрав тебе за судија, ама ти прокламирам на изборите ти мене да ме избереш за пратеник. Ова е мојот аргумент со кој сакам да кажам дека судиите не треба генерално да бидат, ама не да бидат исклучени не од позиција судија, туку од позиција правник да применува право по одговорност, а не по интерес. Затоа што, сега овие квалификувани правници ако дојдат ќе имале интерес. Па, тој нема власт. А, ако власта ја има во законодавниот дел и ги избере овие, каде ќе оди, дали ќе се вратиме сега, е вие нас не избравте за пратеници, ние ќе ви вратиме и ќе ве избереме за судии. Ако одиме на таа варијанта до бескрајност, тогаш немаме поделба на власта.

Во овој случај сакам да ги ослободам колегите судии, многу да не се јадосуваат оти нема да бидат претседатели на изборните комисии. Колегата Камбовски, говорејќи од правниот аспект за практикување на правото, ние при избор на еден пратеник во Куманово имавме едно вакво решение. Изборната комисија изборниот материјал го запечатува во плик и не го разгледува. Се праќа до Апелациониот суд. Тој со решение, неприфатливо, неможно, со решение да не се отвора доказниот материјал на кој се однесува приговорот и го потврдува мандатот на еден од пратениците. Дали може доказен материјал да не се разгледува. Меѓутоа, врзан за силата на судиите, врзана посебна ингеренција во Апелациониот суд е последен, дојде она што беше идејата судиите да ги избираат пратениците.

Затоа, сакам слободни избори преку слободни луѓе, кои ќе немаат обврска спрема никого. А, ќе гледаат во избраниците, не да бидат избрани од нив, туку да им го потврди мандатот од гласачите.

Имаме и амандман и мислам дека тој ви е поделен каде не се сложував со предлогот кој го поднесе Владата. Дали Владата преку зборот на министерот ќе се согласи или не, тоа беше генерално кажано. Кога ќе дојде на ред да се говори за него, веројатно, ќе има и дискусии, па тогаш ќе го чуеме и претставникот на Владата.

Колеги, имаме едно теоретско уставно прашање, прашање за престанок на мандат на пратеник. Генерално, пратеникот е не отповиклив, таксативно се наведуваат кои случаи. Сега се интервенира и со право оние што се на мнозинска листа не можат да бидат, да им престане мандатот, поради напуштање на партија или исклучување од партија или по било кој основ друг да не е член во партија. Значи, доаѓа, практично до отповик на индиректен начин.

Ако ова прашање е оправдано, јас го поставувам прашањето во ист момент на член 98, алинеја 5, каде се вршеше интервенцијата со дадениот предлог. Вели, му престанува членство, ако му престане членство во партијата, а е избран на листа на кандидати, тогаш дали и јас и Уставот поставуваме прашање, дали во Уставот има таква можност и на која експертиза претходната власт го платила тој дел од Законот за избори на пратеници и некој да им каже овде имате неотповикливи, меѓутоа алал да ви е штом е на листа, можете тоа да го направите.

И, сега каде е снагата на противење на оваа одредба?

И таму господа, и на листата граѓаните дале глас за еден пратеник и за него се одлучиле да или не. Тие гласале за листата можеби ако листата имала поинаков состав да се определиле поинаку. Меѓутоа, што да правиме со тоа решение, ќе треба да го поткрепуваме, затоа што имаме и Закон и Устав. Па господине Тито, не знам дали ќе треба да се отповикуваш да го практикуваме. Немојте твојата партија да рече "не", па после што ќе правиме ќе одиш дека си избран на листата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на потпретседателот Томислав Стојановски за излагањето.

Господинот Тито Петковски побара реплика.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господине претседателе, бидејќи господинот Стојановски полемизираше со моите ставови, така ја започна својата дискусија, меѓутоа тоа не е спорно. Сакам само да додадам, господинот Стојановски професионално води војна со судиите. Мислам војна во наводници. Ќе ме разберете, бидејќи се бавите со адвокатура, професионален ангажман и вие постојано контактирате со судот. Така да, не ми е несфатливо едно такво прашање за судиите.

Во јавноста се доживува тоа како недоверба кон судиите. Бидејќи ако вршиме измена на законите, тоа го правиме врз основа на критика на постојните решенија. Јас тврдам одговорно дека РМ нема негативно искуство во врска со одговорната функција на судиите во изборните комисии, или како претседатели, или како членови. Нема негативно искуство. Може има фрагментарно некои забелешки, меѓутоа во целина судиите одговорно и професионално си ја вршат работата. И судии и членови и претседатели на изборните комисии.

Така да, ако сакаме да правиме промени во системот, тоа мора да го правиме аргументирано врз основа на критиката на постојните решенија и се разбира, лошите искуства во практиката. Лоши искуства во РМ од членувањето на судиите во изборните комисии и нивното претседателствување немаме.

Според тоа, нема потреба такви измени да правиме во нашето законодавство.

Јас пред малку реков, апсолутно сум убеден дека судијата ќе биде многу по непристрасен и по објективен, отколку така наречените партиски правници со 10 годишно искуство. Затоа што, на судијата сепак не можете да вршите притисок. Јас ќе наведам неколку примери. Тоа навистина се среќни примери во практицирањето на власта денеска во РМ. Да се најде судија, да се спротивстави на притисок на извршната власт, тој заслужува секаква почит. А многу помалку заради позицијата во економскиот систем. Во политичкиот систем и правниот систем ќе биде во позиција правникот со 10 годишно искуство и положен правосуден испит, било со каква друга професија да се бави, затоа што тој е подлежен на промени и да го отповика опструкции, власта да му пречи во вршењето на професионалниот ангажман, ако станува збор за стопанственик и така натаму, менаџери и други професии. Кај судот тоа не е можно.

Според тоа, сметам дека не треба да правиме никакви промени.

Второ, што би сакал да полемизирам околу отповикувањето на пратениците. Не споиво е тоа со Уставот. Во член 62 став 3 говори дека пратеникот ги претставува граѓаните и одлучува во Собранието од сопствено уверување. Не по диктатот на партијата, или на некој друг. Пред се, тој ги претставува и граѓаните.

Поради тие причини тоа решение не може да опстои. Таму се говори дека пратеничката функција, на пратеникот не може да биде отповикан. Тоа е категорична уставна определба.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Тито Петковски.

За реплика се јави господинот Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Му благодарам што ме повика повторно господинот Тито Петковски, сега го именувам по име и презиме.

Постојано што се повикувате на судијата дека тој треба да врши некоја тортура или притисок, а тој беше претседател на една изборна комисија. Тој беше ваш човек господине Тито. Тој се чувствува дека некој му врши притисок кога треба да изврши функција судија. А не да полемизира дали ќе примени или нема да примени закон. Ако не е така, за наредната седница, ако го спорите ова ќе ги донесам неговите решенија, каде бил, во која изборна единица, што работел и сега одеднаш стана толку снажно совесен, зарем нему Владата му врши притисок.

Знаете што. Најлоша работа е кога ќе се избере ваша тема за разговор.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Стојановски и министерот за правда господинот Камбовски побара збор.

**ВЛАДО КАМБОВСКИ:**

Јас се извинувам, меѓутоа должам една дополнителна информација, ако ја дадев на време кога ги излагав причините за усвојување на законот, можеби и немаше дискусијата да се развие во овој правец.

Имено, покрај консултациите што политичките партии за ова решение околу членувањето на судиите или исклучително на судиите од Државната изборна комисија и во изборните комисии, е расправано и на состанок во Врховниот суд и е расправано на седница на правниот совет на Владата.

На состанокот во Врховниот суд беше изложено мислење дека тоа решение е добро, од повеќе причини.

Прво, затоа што судиите се одвлекуваат, особено судиите кои се

претседатели односно членови на изборните комисии од нивната редовна судиска работа и поради тоа трпи судењето на одделни предмети кај кои доаѓа до одолговлекување, затоа што во неколкуте избори наназад тоа значело отсуство на одделни судии повеќе од месец или два.

Второ, поважно, тоа е дека е добро судиите да се институционализирани. Ова решение не брани, тие и понатаму ќе останат во изборните комисии. Да не се врзуваат за членувањето во Државната изборна комисија и изборните комисии, затоа што тоа решение имплицира оценки за работата на судовите, кои се одразуваат врз нивната независност и самостојност и дека според зборовите на Врховниот суд, претседателот на Врховниот суд на седницата на правниот совет, чувството во целина треба да се заштити од таквите политички импликации и политички префрлања или етикети кои може да ги добие судството во било кој дел на тие активности, што се одвиваат кај нас. Дали е тоа за избор на претседател и т.н.

Според тоа, мислам дека ако претседателот на Врховниот суд е тоа компетентно лице кое може и смее да изложи една таква оценка, а на таа седница на првниот совет присуствуваше и претседателот на Републичкиот судски совет, мислам дека мојата маленкост или некој друг од нас да се стави во улога на адвокат на она или ова решение, малку е претенденциозно.

Нивна основна оценка е дека ова решение е добро. Не спречува судии на бидат членови на Државната изборна комисија и на изборните комисии, не изразува недоверба кон судиите, не изразува ревидирање на постојните оценки, затоа дека до сега овие изборни комисии успешно си ги вршеле своите работи, на крајот од краиштата тоа е и смислата на овој амандман.

Според тоа, ако овој состав на Собранието не бара сменување на Државната изборна комисија и на изборните комисии, туку напротив, вели дека луѓето треба да си го истераат својот мандат до крај, а од друга страна предложеното решение може да биде еден чекор напред во светлината на овие барања за усовршување, за поголема демократија, за ширење на демократските елементи на целата изборна процедура.

Таа информација чувствував дека треба да ја дадам. Требаше на почетокот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на министерот за правда, господинот Камбовски за дополнителната информација.

За збор се јави пратеникот Биљали Мерсел. Повелете.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Господине претседателе, почитувани пратеници и министри, односно претставници на Владата.

Од почеток да кажам дека ги поздравувам сите напори кои ги вложила Владата, односно Министерството за правда, во правец на подобрување на текстот за оваа многу важна материја како што се изборите, за авансирање на стандардите кои се однесуваат на оваа материја. Да се има фер, демократски и тајни избори и т.н. Но, истовремено, мора да признам дека некои решенија што се нудат, дел од тие решенија, самиот министер кажа дека не се во ред, дека ќе прифатат одделни амандмани. Тие решенија според мене рестриктивни решенија фрлаат сенка врз сето тоа што јас сметам дека е позитивно во правец за гарантирање на фер и демократски избори. Ги сметам позитивни повеќе решенија кои, односно формулации во однос на предлогот особено во предлогот каде што се воведува единствена судска заштита на изборното право и така со ова ќе се елиминираат сите аномалии кои досега беа како појава. Сите дисхармонии во однос на одлучувањето за прашања на изборите и т.н. Позитивни се некои до прецизирања за преземање на некои дејствија кои се поврзани за изборната постапка, како што се на пример, ако од страна на изборната комисија, односно избирачките одбори не се воведуваат забелешките кои дејствија и како треба да се преземат тие дејствија, потоа како да се пренесе мандатот ако на некого од нив му престане мандатот и така натаму.

Исто така ги поздравувам и ги поддржувам некои дополнувања кои ги дополнуваат одделните празнини во однос на законот, како што се роковите за преземање на некои многу важни дејствија во однос на изборната постапка.

Исто така е добро што се предвидува Државната изборна комисија да поднесе извештај за спроведување на изборите пред Собранието на Република Македонија.

Но, пак ќе кажам, според мене, е доста рестриктивна формулацијата која се однесува на Државната изборна комисија и на изборните комисии. Навистина е неостварливо претседателот на Државната изборна комисија плус двајца членови и нивни заменици, или пак претседателот и заменикот на изборните комисии да се изберат под условите кои тука се предлагаат, убеден сум длабоко дека не е гаранција во правец на авансирањето на тоа што се бара фер и демократски избори.

Имено, според предлогот се бара за претседател и двајца членови и нивни заменици да бидат предложени кандидати кои имаат положено правосуден испит, 10 години работно искуство на правни работи и да не бидат членови на политички партии. За претседателот и заменикот на изборните комисии се бара пет години и правосуден испит и да не бидат членови на партии. На секого мислам дека тука му е јасно, без оглед на тоа што ни се кажува тука и кои образложенија се изнесоа тука, мислам дека на секого му е јасно дека со овие формулации се сака да се исклучат судиите од изборната постапка, односно од изборните органи кои се надлежни за спроведување на изборите.

И тука, неминовно се поставува прашањето која е сигурноста дека тие кои не се судии, туку се правници со услови кои стојат во предлогот се по непартиски од судиите, односно дека тие ќе постапуваат по принципиелно во спроведувањето на законите и така натаму. Мислам дека мора да се одговори на ова прашање. Зошто мислиме дека без судиите ние ќе имаме по фер и демократски избори. Исто така мора да дадеме одговор на ова прашање. Мислам дека оваа коалиција што поддржува, оваа структура на изборни органи, значи да не се покажуваат дека тие се принципиелни во спроведување на законите, веројатно немаше да победи оваа коалиција, туку се запишаа гласовите како што знаат да ги направат, ако некој сега се плаши дека поради паднатиот рејтинг би требало да се елиминира принципиелноста, значи да се елиминира можност на принципиелност, спроведување на законите и постапката тоа е друго прашање. Ако не заплашуваат, спроведувањето, праведно спроведување на постапката и праведно спроведување на законите, тоа е веќе друго прашање. На секого е јасно дека функцијата судија е по стабилна функција, сепак судиите во нивните средини уживаат почит, тие имаат натпросечен авторитет и не подлегнуваат лесно на притисокот, кој притисок нема секогаш да биде од власта, од страна на власт. Јас мислам и те како претседателите на изборните комисии најмногу имаат притисок и од самите кандидати, односно поддржувачи на кандидати и локални ограноци на политички партии и разни групи. Тука мислам дека многу по имун може да биде судијата кој сепак спроведува, односно применува закон, бидејќи некој адвокат или било кој што работи на друга функција што ги исполнува условите кои ги предвидува законот, односно предлогот. Тука беа дадени и некои образложенија во правец на тоа зошто не би требало евентуално судиите да бидат и се кажа понатаму тука и од некои медиуми дека не би требало судската власт да се меша во другите власти.

Јас сметам дека тука на секого е јасно дека не се работи за мешање од страна на една власт, во однос на другата власт, туку се работи за чисто спроведување, применување на закон, почитување на постапка и ништо повеќе. Или пак, да кажеме тука и пред министерот, го имам слушано од некои компетентни личности дека судиите се презафатени, предметите треба да се решаваат и така натаму. Меѓутоа, ние мора да го поставиме прашањето алтернативно. Дали треба, дали е подобро да примиме бар уште 30 или 40 судии па да имаме по фер и демократски избори, да се решаваат предметите што јас се сомневам дека може толку многу да допринесе нивниот недостаток за решавање на предметите, па да имаме било какви избори.

И на ова прашање јас мислам дека ние имаме обврска да одговориме.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:** (Продолжение)

Во однос на предложената регулатива, условот што се бара во предлогот е кандидатот, односно претседателот, двајцата членови и нивните заменици од ДИК или пак претседателите на изборните комисии општинските и заменикот да не бидат членови на политичка партија.

Не знам дали ова воопшто може да биде правна формулација. Може да биде политичка формулација, меѓутоа ние не донесуваме, барем мислиме дека не донесуваме политички закон. Ние донесуваме правен закон и тука мора да резонираме до крај правно. Како ние ќе утврдиме дали некој член на партија е или не е? Врз основа на која постапка? Ќе одиме по архивите на партиите, ќе бараме, ќе прашуваме и дали тие ќе одговорат реално или не или воопшто не, не постои никаква постапка за да се утврди тоа. Според мене, подобро е таа формулација да се брише, воопшто да не постои, бидејќи да не се залажуваме дека сме направиле нешто правно, а правно е политичка работа.

Потоа, пратеникот да биде професионалец. Се плашам дека барајќи пратениците да бидат професионални ќе направиме депрофесионализација на Собранието. Од причина што многу способни кадри кои во моментов или во иднина ќе водат одредени институции и т.н. и кои се корисни да бидат присутни во Собранието, не ќе можат, од причини што, според законот, тоа му го оневозможуваме. Не знам дали во идната структура во ова Собрание ќе имаме доктори на науки, факултетски професори, познати економисти, кои водат важни

институции, организации и т.н. Така што, многу лесно може да се случи идното Собрание, идниот Парламент да биде до крај депрофесионализиран, така што не ќе биде во можност најосновната уставна улога да ја остварува како Собрание.

Затоа јас сум против оваа формулација што се нуди во Предлогот за донесување на закон. Ако се сака да се елиминира како можност некој да не чувствува како двојна улога, јас мислам дека тој што е поврзан со некој интерес може и фиктивно, без проблеми тоа да го покрие.

На крајот, тоа што министерот го признал во однос на престанокот на мандатот на пратеник, значи на пратеникот му престанува мандатот меѓу другото ако му престане членството во неговата партија. Мислам дека е тоа апсурд. А и постојната регулатива што беше донесена од минатото Собрание беше апсурдна иако тогаш, јас се сеќавам имав амандман, дискусија по тоа, од причина што тоа е дијаметрално во колизија со императивните норми на Уставот на РМ, од причина што Уставот е многу дециден и пропишува дека пратеникот не може да биде отповикан. Како ние со закон ќе ја дерогираме таа одредба на Уставот и можеби секој од нас ќе се присети да покрене постапка пред Уставниот суд и веројатно таа формулација од законот ќе испадне.

Политичката цел зошто се прави тоа, јас не би сакал да навлегувам дали некој се плаши од некое распарчување, тоа е едно. Меѓутоа, друго прашање е што тука и нема логика да задржите пратеник кој не сака или е убеден дека треба да премине во друга партија или треба да биде независен и т.н. Демократски, суштински воопшто не држи, не е во духот на плурализмот и демократските убедувања. Затоа е добро што има амандман. Меѓутоа, има два амандмани.

Едниот е до Демократската алтернатива, која предлага да се брише членот 24, што не би требало да се прифати до причини што со тоа останува старото решение да важи за пратениците кои се избрани по пропорционалната листа.

А, амандманот од ПДП се однесува на измена на членот 24 што предлага да се брише точката 6 од членот 96 од бившиот закон за избор на пратеници.

Мислам дека тоа министерот ќе го има предвид. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Биљали Мерсел за дискусијата.

Ќе ве молам, со мобилните телефони, да бидат исклучени од проста причина што можеби некој од пратениците ги има фатено дремка, па ќе им попречи во тоа.

Ако ништо друго, а инаку рековме дека би требало навистина да бидат исклучени.

Имајте обзири, ако не према мене, тогаш према своите колеги кои се во една таква ситуација.

Да продолжиме со расправа.

За збор се има јавено уште господинот пратеник Спасов Ѓорѓи.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Почитуван господин претседателе, почитувани пратеници, почитуван господине министер, донесувањето на Закон за избор на пратеници во Собранието, како и измените во него, несомнено секогаш претставуваат еден извонредно важен чин, затоа што, како и самите говоревме кога го донесувавме тој закон, всушност се донесува закон со кој што ќе се формира политичкиот дом што ќе ги донесува сите други закони во Републикава. Оттаму е важноста, затоа што со тој закон се создаваат услови да биде создадена онаа динамичка структура што потоа влијае врз целокупниот процес на демократијата и економскиот развој на Републиката.

Оттаму е големата важност и оттаму не е вообичаено, дури и измените, макар и ситни, да се носат по скратена постапка, особено затоа што сметам дека Република Македонија во процесот на донесувањето на Законот за избор на пратеници направи еден голем исчекор во процесот на зголемување на политичката доверба помеѓу партиите на власта и партиите во опозицијата, сосема заради тоа што тие закони што беа донесени на претпоследните парламентарни избори, беа оценети како основ за еден транспарентен процес на изборите, основ за зголемување на довербата, за фер и демократски избори и дека врз основа на тие закони, легитимноста на ново избраната власт, таква каква што е денеска е мошне голема.

Во таа насока сметав дека немаме потреба за некои големи суштествени промени на тој закон. Морам да ви кажам, кога започна иницијативата на промени, особено кога беше најавено во врска со скратената постапка, сметав дека целата смисла на промената на овој закон е во промената на составот на изборните комисии.

Денеска, кога го слушнав образложението од министерот Камбовски, кој кажа дека дури има амандман од страна на партијата ВМРО-ДПМНЕ, да не се менува составот на ДИК и на другите изборни комисии до траењето на нивниот мандат, а исто така има амандман да не се менува тоа што претставува можност да бидат, да

престане мандатот на пратениците, доколку ја напуштат партијата а се избрани од мнозинската листа, а исто така е исто ставено во самиот закон дека одредбата за професионализација ќе важи од следните парламентарни избори, тогаш навистина смислата на донесување на вакви измени по скратена постапка сосема не се гледа. Сосема не се гледа, затоа што идните претседателски избори ќе ги држиме со истата ДИК, со другите изборни комисии, одредбата за професионализација важи од следните избори, а мислам дека не се менува ниту тоа што го спомнува госпоѓа Ѓулистана, некакви појаснувања во законот, затоа што токму членот што минатиот пат предизвика одредени нејаснотии, тогаш беше членот 81, не се третира со измените на овој закон.

Оттаму, прво сметам дека немаше потреба да се оди со скратена постапка, затоа што ова суштествено ништо не менува во правилата на играта за следните претседателски избори. Можевме овие измени да ги усвоиме во една редовна процедура, што ќе беше исто така влог во натамошната доверба и дискусија меѓу политичките партии од опозицијата и од власта. Меѓутоа добро, тоа што е предложено сега е пред нас и ние треба да го разгледаме со сета сериозност.

Имено и натаму останува впечатокот дека суштествената измена што се предлага во овој закон е измената на составот на ДИК и на изборните комисии. Измената е во тоа што од така наречената императивна обврска тројца членови на ДИК да бидат судии на Врховниот суд, а претседателите на изборните комисии да бидат судии од основните судови од подрачјето на кое што се однесува изборната единица, сега да се замени со правници, во ДИК со 10-годишно правно искуство, а во другите изборни комисии со 5-годишно правно искуство.

Во основа и новото решение, како што нагласи и предлагачот на законот, не ја исклучува можноста да бидат именовани судии и во ДИК и во изборните комисии, меѓутоа не постои императивната обврска. Во тој случај, Комисијата за именување што предлага на Собранието да бидат избрани тие тројца членови, а кои можат да бидат одобрени од страна на парламентарното мнозинство може да доведе во ситуација парламентарното мнозинство, односно партиите на власта веќе во наредниот период, по истекот на мандатот на оваа ДИК да има 6 члена во ДИК или апсолутно мнозинство, а три места во ДИК да бидат оставени за политичките партии од опозицијата. Тоа беше еден од основните приговори на политичките партии, додека беа во опозиција. Дека, всушност, таквиот однос на членовите од страна на париите во власта и партиите во опозицијата не гарантира на некој начин заштита на избирачкото право и не гарантира дека таквата ДИК ќе постапува согласно со принципот на политичката непристрасност.

Оттаму, во претходниот период сметавме дека најдобар избор сепак да се гарантира дека политичката опозиција и партиите од власта ќе бидат еднакво застапени во сите овие изборни комисии, е да се оди со определбата тројцата членови на да бидат сепак судии на Врховниот суд, чиј што мандат е неограничен и што гарантира еден повисок степен на не пристрасност политичка, што мислам дека тука не беше оспорено, а претседателите на изборните комисии да бидат исто така судии и во тие комисии да има по двајца членови од опозицијата и двајца членови од власта.

На овој начин, со доминантно мнозинство на политичките партии од власта во ДИК, со нивни шест члена кои ќе ги избере парламентарното мнозинство и тројца членови во изборните комисии каде имаме 5 членови, апсолутно ќе имаме изборни комисии што ќе бидат со доминантно мнозинство на партиите во власта, што сметам дека само по себе ќе ја доведе во прашање довербата на политичките партии од опозициите во легалноста на изборниот процес. Тоа е едно прашање што секогаш е ставено под посебна опсервација на меѓународниот организации по донесување на закони што треба да гарантираат фер и демократски избори.

Сметам дека тоа решение не е добро. Меѓутоа, и да не оди овој закон по скратена постапка, можевме дополнително да разговараме како да се најде решение, што ќе го зачува нивото на довербата меѓу политичките партии.

Имено, ако веќе се оди на решение тројцата членови кои сега императивно беа членови на Врховниот суд во ДИК, да бидат заменети со истакнати правници, претседателот и двајцата членови, со истакнати правници со 10-годишно искуство. Тогаш би требало да се оди во насоката дека претседателот на ДИК, од редот на тие тројца правници истакнати, го предлагаат политичките партии во опозицијата, а двајцата членови ги предлагаат политичките партии на власта. Или обратно, претседателот на ДИК се предлага на предлог на политичките партии во власта, а двајцата други членови се предлагаат на предлог на политичките партии во опозицијата.

Истото тоа, за да се обезбеди рамноправност во изборниот процес, еднаквоста, треба да важи и за претседателите на изборните комисии во општините. Односно, во членот 6 треба да

стои одредба - во тој случај 50% од претседателите на изборните комисии ги избира ДИК на предлог на партиите во опозицијата. На тој начин ќе имаме целосна рамноправност во изборниот процес и во 50% од избирачките места, на некој начин мнозинство ќе имаат партиите во опозицијата, а во другите 50% на избирачки места односно изборни единици во овој случај 85, ќе имаме еднаквост на застапеност на партиите во власта.

Ако тоа така го направиме, мислам дека одиме во насока на зголемување на довербата меѓу политичките партии, создавање на клима во која што практично ќе ни се верува на изборните резултати и на крајот на краиштата ќе ја олесниме работата на судиите на Врховниот суд кој во второстепена постапка одлучуваат по приговорите што ќе доаѓаат од изборните комисии, односно по приговорите од ДИК. Тоа е во однос на составот на комисиите.

И дека, доколку не дојде до таква промена, сакале ние, верувале или не, колку ни било тоа пријатно или не, едноставно ќе се стекне впечаток дека со оваа измена по скратена постапка, всушност се сака само да се обезбеди апсолутно мнозинство во изборните комисии од страна на партиите на власта, што во основа не е добро. Тоа во основа не говори за демократскиот исчекор на Република Македонија, во насока на гарантирање на фер и демократски избори.

Што се однесува, мене ми е драго што веќе министерот најави дека ќе го прифати амандманот, до такви промени да не доаѓа веќе за претседателите избори да предложи мандатот, мислам дека би било добро да се прифатат и овие два амандмани што ќе ги предложи СДСМ за составот на изборните комисии.

Второ, да не се прифати амандманот, исто така да може да престане функцијата на член на Парламентот кој е избран на мнозинската листа, што мислам дека исто така, не само што е спротивно на Уставот, туку ќе доведе до, сепак поголем притисок на партиските раководства врз слободата на избраните претставници во Парламентот и мислам дека таа одредба, колку што ја поддржаа и другите е добра. Инаку, јас лично останувам на она решение што важеше за пратениците избрани од пропорционалната листа, особено со оглед на тоа што такво решение постои во законите на многу земји во светот. Тоа е сосема легитимно и сосема можно таквите пратеници, доколку практично истапат од партиската листа, да бидат на некој начин заменети до составот на другите пратеници на таа партиска листа кои на листа веќе биле на проверка кај гласачите во време на изборите.

На крајот, што се однесува до членот што говори за професионализацијата, самите се сеќавате, еден дел од вас дека во време на донесувањето на Законот за избор на пратеници се водеа големи дебати околу тоа дали треба функцијата да биде професионална. Јас тогаш, во својство на министер за правда реков дека, навистина, постојат голем број на Парламенти во кои таа Функција е професионална.

Аргументите за професионализацијата на Функцијата беа три:

Прво, дека со професионализација на функцијата ќе се обезбеди поголема одговорност на пратеници.

Второ, дека ќе се обезбеди поголема дисциплина на пратенциите во работата на Парламентот. И,

Трето, дека ќе се оневозможи затоа што тие обавуваат и друга јавна или професионална дејност, односно пред се стопанска дејност, да ја злоупотребуваат функцијата за вршење на тие други дејности, што истовремено ги обавуваат додека им трае пратеничкиот мандат.

Тогаш говоревме дека сите аргументи, на некој начин, стојат на лабави нозе, со оглед на тоа што токму професионалците во Парламентот, врз основа на евиденцијата што тогаш ја направивме, се однесуваа по недисциплинирано од оние кои беа избрани врз основа на нивниот професионален ангажман на друга страна. Така што, самиот тој чин не ја засилува ниту дисциплината ниту одговорноста на пратениците.

Што се однесува до можноста за злоупотребите, тоа беше отворено кај сите пратеници, затоа што всушност и да се укине споивоста на тие две нешта во Парламентот, тогаш тој кој сака тоа да го прави, ќе го прави преку фирми на роднини, синови, ќерки и било какви и т.н., така што простор за злоупотреба во таа насока не се стеснува и не се ограничува директно со тој член. Ние го ставивме тој член да не биде императивен, од причини што сепак мислевме дека пратеникот треба да реши дали тоа ќе го обавува професионално или нема да го обавува професионално. Врз основа на таа слобода, како што знаете, пред малку слушнавте целата парламентарна група на ВМРО-ДПМНЕ е професионална, целата парламентарна група на ДПА и на ПДП се исто така професионални, над 50% од парламентарната група на СДСМ се професионалци. Реално, во овој момент во Парламентот, барем мене ми се чини според бројките, можеби има 10 до 15 пратеници кои функцијата не ја обавуваат професионално.

Реално, ако со ова мислиме дека со ова исполнуваме некакво изборно ветување дека ќе обезбедиме професионализација во Парламентот, дека тоа ќе биде некој суштествен исчекор во демократијата, мораме да го сведеме на неговите реални дострзи. Тоа значи дека ќе обезбедиме само уште 10 до 15 пратеници во следниот мандат обврзно да бидат професионалци во овој Парламент. Меѓутоа, истовремено треба да знаеме дека нешто ќе загубиме. Што ќе загубиме?

Тогаш нашата аргументација беше зошто е нашиот предлог да се остави можноста некои луѓе да бидат во ситуација да не бидат професионалци во Парламентот, туку професионално да си ја обавуваат другата дејност во која што работат, затоа што сметавме дека во Македонија постојат голем број и писатели и уметници, научници, професори кои со сопствениот професионален ангажман и со сопствениот углед и те како можат да ја добијат довербата на народот, да бидат пратеници, а сепак нивниот професионален ангажман, таму каде го имаат, не ги ограничува да бидат исто толку способни пратеници колку оние кои професионално ја обавуваат таа функција. На тој начин, со нивниот авторитет, пренесен и стекнат во професионалната сфера каде што тие делуваат, во истиот период се зголемува и достоинството и авторитетот на македонскиот Парламент, како и нивото на дискусијата.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:** (Продолжение)

Доколку тие луѓе бидат принудени исклучително професионално да се занимаваат со функцијата на самиот момент, ние ги обескуражуваме и и добиваме можност еден голем дел од оние што се квалитетни кадри во Република Македонија да ја извршуваат таа функција на тој начин како што сега можат да ја обавуваат

Од тука, сметаме дека околу таа работа треба да се размисли. Не е тоа прашање околу кое ние би воделе битка и би се расправале, меѓутоа чисто од интерес на Македонскиот народ и поуспешната работа на овој Парламент, не треба да се оди со исклучително императивни решенија, како што е во случајот со именувањето на членовите на Државната изборна комисија и претседателите на изборните комисии, не е кажано дека судиите и натаму не можат да бидат членови на Државната изборна комисија или претседатели на Изборната комисија. Меѓутоа, треба да ги ограничиме можните злоупотреби во таа насока.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Ѓорѓи Спасов.

За збор се јави господинот пратеник Ванчо Чифлиганец.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Почитуван претседател, почитувани колеги пратеници, морам јавно да се извинам пред овој законодавен дом и пред сопствениот електорат, во последниот еден ипол месец се дистанцирав од работата на Парламентот од мои лични гледања и приод, затоа што сметам дека денес да бидеш на јавна функција, а секако најмногу пратеник, најмногу чувствуваме кога треба некој да се одбележи, санкционира и т.н.

Затоа, и сега кога се јавувам за збор, се јавив поттикнат од дискусијата на почитуваниот министер Камбовски, кога зборуваше за статусот на пратеник во највисокиот законодавен дом, а тоа е овој Парламент. Јас морам да кажам дека овој трет највисок законодавен дом, првиот законодавен дом Парламентот можеби имаше статус и глас пратениците, вториот онаков каков што беше и третиот, за жал, ништо подобар за граѓаните на Република Македонија, ако така продолжиме. Јас се прашувам каков е статусот на еден пратеник избран од граѓаните на Република Македонија, избран со минимум 6000, максимум 8000 илјади гласови. Зборувам за вториот и третиот, а посебно ме интересира сегашноста и иднината. Кажете кој пратеник, освен што електоратот стои зад него, што нешто друго не стои зад него, а тоа е голема добивка, има оние што се платени пратеници во овој дом канцеларија и со екипа која го следи. Се прашувам како припадник на партијата која беше на власт во претходниот состав, платен пратеник, без комисија да води и сегашен платен пратеник во овој состав. Тие две работи еднаш за секогаш треба да ги сфатиме, не секогаш сме во позиција или опозиција и треба токму сега во овој Предлог-закон да се каже.

Можеби се разликувам за нијанса од партијата во чиј состав сум, затоа што можеби е добро што сега се донесува овој закон. Не се донесува во последната година од мандатот, затоа што за временски период од три години секој ќе се престрои каде ќе биде, или ќе биде врвен менаџер, повеќе, помалку, средно или ќе биде професор, доктор или ќе биде платен пратеник. Тоа не смее да се направи последната година кога луѓето не можат да се престројат и ќе биде виновен Парламентот, системот и на крајот сопствената партија. Тоа е предноста. Дали треба на оваа седница или наредната, тоа го оставам на челните луѓе лидери на партиите. Се прашувам што значи професионално, суштински и што значи волонтерски. Третата варијанта јас би ја нарекол импровизациска.

Господа, може некој да седи во овој Парламент од 11,00 часот до 7,00 часот, со самото присуство да даде придонес, многу помалку придонес отколку некој со својот креативен однос на седница на Собранието и со дискусии, предлози и амандмани, а пред се и во базата каде го спојува неговото творење, дали е тоа во јавни, државни, приватни претпријатија, дали е во сферата на културата, образованието, спортот, со самиот Парламент, мислам дека придонесот може да биде многу поголем, многу по професионален. Ако ние сметаме дека ќе бидеме професионални, само ангажирани 120 пратеници и тогаш ќе има поголем успех во однос на објективност на донесување на сите акти од страна на Парламентот, не сум до крај лично убеден дека така ќе биде. Јас би бил среќен кога во овој Парламент од 120 пратеници би соодветствувал со структурата на граѓаните на проблематиките од подрачјата од општините од каде доаѓаат, да има и доктори, професори, артисти и врвни менаџери. Зошто да нема тука три-четири врвни менаџери од македонската економија, да видиме колку има разлика во самиот приод на еден професор, еден доктор и на еден менаџер кој го шетал светот. Некогаш треба ние едни од други пр професии да менуваме. Затоа, во прашањето дали ќе биде волонтерски или професионално, ја поддржувам идејата дека треба професионален однос, ако сметаме дека професионалниот однос ќе биде исцрпен со професионалното ангажирање и егзистенција, го прифаќам, но лично сметам дека не би можеле само да кажеме дека ќе бидат професионални, ќе дојдат доста луѓе кои нема да бидат искусни од своите општини, кои ќе бидат повеќе наклонети кон апстрактни дискусии, како што знаеме некогаш да залутуваме и т.н. Во таа смисла, во секој случај, како пратеник јас поддржувам дека барем овие три години треба да се знае дали ќе бидат или нема да бидат професионални.

Кога зборувам за статусот, пратеникот денес - јас зборувам за последните пет години, статусот на пратеник не е на завидно ниво. Не е доволно пратеничката книшка да ја покажеш на наплатната рампа и да имаш привилегии. Пратеникот треба да одговара пред својот електорат, пред своите граѓани, пред сопствената партија, а пред се и за интересите и актите кои се донесуваат овде. Дали пратеникот некој го следи, неговото движење, неговиот делокруг и т.н. Мене ме радува сега, господине министре и коалицијата и партијата на власт што сега го донесувате. Зошто? Јас сум една - дали жртва или не жртва, не сакам да кажам, што овој професионален однос и професионално обавување на задачите прв го почувствував на своја кожа, како еден од менаџерите во Република Македонија во претпријатието кое го водам, при фазата на трансформацијата, дојдоа три човека после работното време, пред започнувањето на викендот во 4 часот со единствениот заклучок дека генерален директор на фирма, односно на рудникот "Бучим", на чие чело стоев 10 полни години и пратеник не може да се обавува. Се прашувам сега дали статусот, тоа е за пример и затоа сакам да го кажам, дали треба еден пратеник без разлика на која партија припаѓа, дали е позиција или опозиција, во таков момент, во таков амбиент, во такво искушение да се најде. Зарем не заслужил еден пратеник за кој гласале 280, 330, 120 или 80 или јас конкретно за моите 7908 гласа да има еден статус да биде повикан од Комисијата за стопанство, од министерот за стопанство господине Трајко, Петко, господине Чифлиганец, така и така, такви се релациите и т.н.

Затоа, ние треба во суштина да го расчистиме статусот на платен или неплатен работник, што е голема работа. Застапуваме држава, дали е од два или 22 милиони луѓе, ние ја застапуваме овде. Ние не сме за една употреба. За среќа, јас морам и јавно овде да кажам, олеснителна околност ми е што одговорните субјекти во коалицијата и партијата на власт, што еве имав една поддршка и верувам дека имам поддршка, тоа е една сатисфакција лично за мене, но еве, апелирам кон коалицијата и партиите на власт да не дозволуваме, како што дозволуваа и во претходниот парламентарен состав поединци, групи, дали во составот, дали во општината, со нивните ограничени перспективни гледања да стават црна дамка на Парламентот, на системот, на државата, па и на сопствената партија. Крајно се извинувам, судбината ќе ја доживеат некои порано, некои подоцна, секој од нас и затоа треба да дадеме што повеќе придонес тоа да се надмине. Кога ние сме се калеле во оваа Македонија, кога беше осамостојувањето во Република Македонија, не беше доволно само заокружувањето на бројчето, односно на реченицата која бевме сите спремни, без разлика на партиската или националната припадност, но ние знаевме под такво ембарго да донесуваме по 30, 40, 45 милиони девизен прилив на оваа држава, кога знаевме во сопствената фирма за 10, 11 години, без никаква загуба да земаме по 13 плати со регрес расположение, тоа не е добивка на партиецот, на партијата, тоа е добивка на граѓаните, тоа е добивка на државата, на економијата и т.н. Јас не можам да сфатам,

немам ништо против да се донесуваат експерти од надвор. Нека се донесуваат експерти, немам ништо против господинот Анте Марковиќ, но ако е Анте Марковиќ експерт за македонската економија, за рударството во Македонија, ние сме уште поголеми експерти за сопствената економија. Не треба никој овде да ни дава совет, ние знаеме доволно сами да се советуваме во интерес на сопствената држава.

Затоа, јас се извинувам и апелирам, иако моето мислење се разликува од мислењето на сопствената партија во таа смисла, овој Предлог-закон ме радува што се донесува многу порано, затоа што секој од нас во Владата не треба да се крие во партиите, во групациите, во Парламентот, треба благовремено да се прегрупира. Во таа смисла го поддржувам ова и ако веќе се оди на професионално извршување на функцијата пратеник, статусот пратеник мора да биде со услови, не велам канцеларии, треба да има простории во сопствената општина и да ги поттикнува и разрешува прашањата што се за законодавната власт, не пратеникот да биде кум и секаде да се меша, да биде во пет управни одбори и т.н.

Затоа, во оваа смисла моите сугестии би сакал да бидат добронамерни прифатени и да настојуваме овие слабости кои биле до сега во наредниот период да ги разрешуваме. Јас лично, без разлика дали ќе биде по итна постапка или не, ќе го поддржам Предлог-законот за што побрзо донесување, па макар и на оваа седница.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Ванчо Чифлиганец.

Има збор господинот Љубен Пауновски.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

Претседателе, колеги пратеници, двата закони за измени и дополнување на Законот за избор на претседател на државата и овој закон, поминаа во собраниските комисии. Впрочем, онаму каде што е местото за најголемите дебати, размислувања, размени на мислења, па дури би рекол и прочистување на сите дилеми и конечно се дојде на седница, каде што можеби остануваат за разрешуваше некогаш воопшто проблеми кои нема да постојат за самата седница, а понекогаш одреден број за кои можеме тука да доразмислиме. Радува податокот што низ собраниските комисии изменувањата и дополнувањата на Законот за избор на претседател на државата беа поддржани од претставниците на сите пратенички групи и преовладуваше една констатација дека со овие измени и дополнувања всушност на секој политички субјект во Република Македонија јасно му е што го очекува при изборната постапка за претседател на држава.

Значи, суштинските прашања околу оваа материја беа прифатени од сите, независно што по едно или две прашања кои беа сосема маргинални или прашања на толкување на нештата, а не од суштински карактер, постоеја и околу тоа.

Околу денешниот Предлог на закон, постојат три моменти би рекол на недоразбирање, а не од суштински карактер.

Едниот елемент е прашањето на професионализација на пратеничката функција, вториот елемент е околу изборните комисии и Државната изборна комисија и третиот елемент е прашањето на отповикување на пратеникот.

Сите овие три прашања се многу чисти и многу јасни. Јас бев отсутен половина час поради странска делегација, но добив впечаток и информации дека за поголем дел од овие нејасни прашања веќе биле дадени конкретни мислења што значат тие и веќе биле дадени конкретни упатства дека меѓу другото и Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ има поднесено амандмани кои ние ќе ги поддржиме, а за кои опозицијата прилично опширно зборуваше. Така што и тие размислувања се покажуваат некако беспредметни, меѓутоа не е на одмет да бидат слушнати.

Околу овие прашања јас би сакал многу на кратко да изнесам некои работи, бидејќи реков дека се многу јасни, дефинирани се и на крајот на краиштата во најголема мера, ако не целосно, ги задоволуваат и барањата на опозицијата.

Да тргнеме со ред, Државната изборна комисија и изборните комисии. Проблематизирањето околу тоа дека се менуваат членовите од редот на судиите или не се менуваат е многу јасно. Имаме ние како пратеничка група таков став, тоа ќе го поддржиме. Сегашниот состав на членовите кои се од редот на судиите избрани да си го истераат својот мандат, онолку колку што тој трае. Значи, не станува збор, тоа јавноста треба да го знае, дека тие ќе бидат менувани. Ако имаат мандат уште година, две или две ипол години, тој мандат мора да биде до последниот ден, да им биде дадено правото да си го задржат. Значи, тука нема никаква забуна и нема причина да се драматизира или политизира. Тоа е многу јасна ситуација.

Втората работа, беше речено дека постои императивна обврска да бидат бирани од редот на судиите. Ако постои императивна Обврска, тогаш постои императивна можност да се атакува директно на судот, од следните

причини: два, три или четири месеци судиите во локални претседателски или парламентарни избори се отсутни од својата основна професија, основна работа. Тоа значи од судот. Значи, од една страна имаме огромен број на предмети во судовите, кои не се реализирани, кои не се започнати, за што имаме сите критики и забелешки, а од друга страна според податоците некаде околу 180 судии се надвор од судот два, три или четири месеци или зависи, ако продолжи изборната постапка, не знам доколку може тоа да се случува. Причината и образложението зошто сега императивно не се само од редот на судиите, туку од редот на истакнати правници во едниот случај со петгодишно искуство, во другиот случај со десетгодишно искуство со положен правосуден испит не ја исклучува можноста дефинитивно да бидат избрани и одредени личности од редот на судиите. Сега се дава поширок спектар на можности за избор на тие членови во овие изборни комисии, значи не елиминирајќи го прашањето на отсуство на судиите од овие изборни комисии.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:** (Продолжение)

Втората битна работа во образложението е следната.

Во еден, два или три примери или случаи на поедини случаи кои се членови во овие изборни комисии, правејќи одреден превид, не намерен нека биде тој, не намерен карактер, во тој момент оној кој е незадоволен или една две и три партии кои се незадоволни во текот на изборната постапка атакуваат на целиот судски институт, на целата судска власт. Значи, поштедувањето од таков негаторски однос, жесток во текот на изборната постапка која трае два, три или четири месеци, а имаме речиси некогаш година за година избори, ние всушност го поштедуваме овој институт, односно судската власт од нашите мораме да признаеме, некогаш и неразумни постапки, затоа што преку тој атак понекогаш сакаме да го оправдаме сопствениот неуспех.

Според мене овие две оправдувања се максимално рационални издржани и логични, посебно што добивме информација од министерот дека направени се консултации во самиот судски систем. Стручноста без сомнение сите ние ја даваме на судиите, меѓутоа видовме дека во текот на минатите избори во неколку наврати и во неколку ситуации имавме сериозни превиди од страна токму на судиите членови на овие изборни комисии, кога тие потпишаа едно, две или три решенија на прогласени пратеници во Македонскиот Парламент, потоа се повлекуваат од своето решение. Значи дури и судии можат да се најдат во ситуација кога ќе влезат во голема недоумица дали го спроведуваат Законот за избори правилно или не правилно. Значи да не бидеме исклучиви дека во овој случај сами им го даваме правото за стручност на судиите, а на другите со десет години искуство не. Значи овие три елементи, поширокиот спектар на избор, заштитата на судската власт од она што знаеме за време на избори што се прави и долгото отсуство од нивната основна работа, во овој случај се елиминираат, а не се исклучува нивното учество.

И околу целата оваа работа, околу Државната изборна комисија, прашањето на член на партија, дали судијата или било кој друг е член на партија, како тоа ќе го утврдиме. Тоа е нај деликатната работа. Еве да речеме некој ќе се само пријави дека е извршител на некое кривично дело од било кој карактер. Тоа не значи автоматски дека треба да биде однесен на бесилка или на електрична столица. Тој се вклопува во законските одредби, со тоа што самиот ќе се пријави и се аплицира на законските одредби, дека треба да биде санкциониран. Меѓутоа, тоа автоматски подразбира дека одредени служби треба повторно да си ја извршат својата постапка за проверка, затоа што можеби таа личност некој без да знае за што станува збор, ќе соопшти дека во 12,00 часот кога било извршено некое криминално дело, таа личност се наоѓала во сосема десети град и ќе се докаже дека овој само пријавен извршител сака да заштити некого. Можеби од лични побуди прави жртва. Затоа членската книшка во ниедна ситуација не може да биде преиспитана од следната причина: Определбата на човекот стои во неговата глава, во неговото размислување, а ние сме сведоци низ историјата и минатата и сегашна дека има луѓе со по една три или четири членски книшки. Тука се многу јасни ситуациите и околу тоа, исто така не треба да се прават многу забуни.

Околу прашањето на отповикување и ние се согласуваме дека имаме наш мандат, исто така има на пратеничката група, ќе го поддржиме него токму дека партијата е голема институција и таа мора да функционира како институција.

Меѓутоа, во Парламентот сепак треба да има политичка слобода пратеникот и да прави своја лична проценка дали некои политички определби може лично да ги процени, дека за него лично не се соодветни или не се соодветни за даден момент од интерес за работата на Парламентот, за функционирањето на институциите и т.н. Значи таа слобода да му се отстрани. Ние тоа ќе го поддржиме, тоа беше соопштено и мислам дека натамошното драматизирање околу сето тоа само можеме да водиме дебати да си правиме мал политички маркетинг пред

јавноста. Инаку ние со тоа се согласуваме.

И на крајот третото прашање, прашањето на професионализација на пратеничката функција. Ние затоа стоиме и принципиелно и категорички дека треба да биде професионализирана таа функција, затоа што во поголем дел и од претходната пракса и од сегашната пракса на работењето на пратеникот се докажува дека постои во поголема количина или волунтаризам или импровизација, како сакате да ја наречеме.

Меѓутоа, зошто професионализацијата на пратеничката функција е многу битна и треба да започне веднаш. Затоа што клучната личност во законодавниот дом е пратеникот. Ако не постои пратеникот нема да постои ниту објектот, нема да постојат ниту овие микрофони, нема да постојат ниту стручните служби. На крајот на краиштата нема потреба ништо да постои. Причината за постоењето на Парламент е пратеникот. Значи, ако нашиот Парламент поради скромното искуство од 9 години на самостоен развој, сопствена организација и објективно немало можности некои работи да се поставаат со оние искуства што ги имаат да речеме западноевропската демократија или земјите кои имаат поголема традиција. Но има и субјективни прашања. Тоа не е предмет на денешнава расправа.

Ако сакаме да го забрзаме тој процес треба да тргнеме од основниот столб кој е носител и причина да постои Парламентот. Тоа е пратеникот. Да ја професионализираме таа функција, таа ќе ги побара сите основни барања до последниот сегмент на постоењето на системот во оваа институција, кој ќе треба веднаш да се прилагоди на тие потреби за професионална функција. Друг пат ние немаме. Во спротивно 20 или 30 години ќе чекаме да го оформиме Парламентот, како ефикасна и квалитетна институција. Точно е дека постојат одредени барања за сето тоа, но подобро е ние да тргнеме по овој пат па потоа да ги разгледаме просторните потреби и т.н. Меѓутоа, во самиот старт сепак ќе добиеме една голема корист за самиот пратеник. Тоа е следнава. Ефикасност во функционирањето на Парламентот. Меѓутоа, ако сака пратеникот да покаже лични квалитети, ако има сериозни намери да се занимава со политика и има сериозни намери да придонесе во тој политички живот и да се аплицира во праксата ќе може да ги покаже максималните лични квалитети. Или пак да види јавноста дека сепак има скромни лични квалитети па да на наредните избори да не се определува секој само за партијата, туку да може да размисли дека одредена личност не ја заслужува кандидатурата па дури и внатре во партијата самото партиско раководство на одредена личност да му каже отворено и јасно да твојата партиска припадност е во ред, ја цениме целокупната заложба, меѓутоа, нивото на пратеничката функција сепак се уште е недостижно за тебе. Така што има еден цел спектар на елементи кои говорат во интерес на професионализација и многу е нејасно зошто опозицијата има кон тоа толку отпор.

И уште нешто. Иако има многу елементи, ако се развие дискусија, многу ќе зборуваме, меѓутоа јас би спомнал само уште едно. Имено, станува збор за целиот балкански простор кој е загрозен од големи и многу сериозни процеси на криминал и корупција, надополнети со последните воени кризи од последните десет години. Станува збор за невидена инспирација на било кој балкански простор за да се прави мито и корупција, а од друга страна и реално покритие со такви тешки кризи. Ако сакаме во еден дел да придонесеме за криминалот да не стане јавна професија, отворена, значи на ниво на политичка функција, барем на тоа ниво со професионализацијата на пратеничката функција во најголем дел таа јавна професија на криминалност ќе ја елиминираме. Не можам да разберам ако некој оваа идеја и оваа намера не ја поддржува, затоа што ги содржи сите овие елементи. Значи групирањето на своевидна политичка и финансиска моќ бевме сведоци дека на поединци, верувам дека не стојат партиите зад тоа, во минатиот период беше максимално како институција, како професија манифестирана во јавноста. Ако сакаме да бидеме сериозни, еве ни ја големата шанса и да ја спроведеме.

И на крајот на краиштата што е многу битно граѓаните да стекнат дефинитивно барем пристојно доверба, дека луѓето кои доаѓаат во власта сепак не доаѓаат од материјален интерес да стекнат во нив доверба и утре или задутре да имаат сепак наспроти што да се проверат и да не живеат со психолошката состојба дека во оваа или во било која држава се е дозволено, затоа што тоа го прават самите претставници на политиката.

Според тоа и тие можат да го прават и според тоа секогаш ќе може да најдат некој пријател, роднина, брат, братучед од политичка позиција да ги штити и ние ќе дојдеме навистина на сите нивоа во сите категории во сите слоеви да прифатиме дека криминалот, митото и корупцијата ќе ни биде јавна професија.

Јас засега би имал толку.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го

заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија.

Ве молам да гласаме.

66 пратеници гласаа за, 1 воздржан и 6 против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

61 пратеник гласаа за, 1 е воздржан и 5 се против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави господинот пратеник Поповски Никола.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине претседателе, ќе ве замолам само додека говорам да ме сослушате пред замената, затоа што сакам да укажам на фактот дека, по трет пат веќе како координатор укажувам на овој факт.

Во Собранието веќе се направи навика да се гласа употребувајќи го механизмот на електронско гласање, за повеќе од присутните внатре и мислам дека сосема станува депласирано да реагираме, а од друга страна сосема не фер да се злоупотребува техниката и еден присутен пратеник, за закони, за кои по Уставот имаме ограничување да се носат со апсолутно мнозинство од составот на пратениците, да се гласа од еден пратеник за повеќе, дури веќе и на очиглед на нас овде присутните, без да се чувствува потреба барем да се сокрие тоа. Очигледно ние веќе гледаме овде како се гласа.

Мислам дека Собранието, укажувам веќе по трет пат се доведува во многу непријатна ситуација, да се гласа, еве сега господинот Пауновски го слушавме колку е важен пратеникот во политичкиот систем и во Собранието. Меѓутоа ако гласаме за пратеници кои не се тука и на тој начин, извинете за зборот што ќе го кажам на тој начин го фалсификуваме гласањето. Мислам дека нема апсолутна потреба од дебати овде. Едноставно веќе сме доведени во ситуација да размислуваме дека техниката за гласање која е доведена, апсолутно ја промашува својата цел и служи само за фалсификување на гласањето на законите, со тешки последици по државата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине Поповски, ако вие сте забележале таков случај тогаш во ред, треба да се реагира.

Меѓутоа, овде можам да констатирам дека навистина имаме доволен број на пратеници за работа. Тоа можеме ако сакате, да го провериме веднаш.

Меѓутоа стои фактот дека пратениците се многу комотни.

Јас неколку пати укажав тие не си ја одработуваат работата како што треба постојано се во ходниците, во бифето и на други места, но не се таму каде треба да бидат.

Апелирам до сите пратеници, независно дали се од левата или од десната страна, во центарот и т.н., апелирам да бидеме дисциплинирани. Ако сме дојдени овде и ако треба да работиме, прекинете ги еднаш мобилните телефони, останете неколку часа овде сослушајте се еден со друг за да можете да се определите, но немојте на секои три минути да излегувате од овде освен недај боже ако имате некоја медицинска потреба.

Но навистина би требало да бидете присутни.

Ве молам, апелирам и во тој контекст го подржувам господинот пратеник Никола Поповски, да бидеме коректни во извршувањето на обврските, затоа што во овој момент кога вие тоа го рековте навистина пет-шест пратеници влегоа внатре. Ве слушале веројатно по ходници и дојдоа внатре

Затоа ќе ве молам, имаме ние во конкретниот случај мнозинство и би требало да гласаме.

Господине Пауновски, вие секако сакате да реплицирате или барате процедурално.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

Како координатор на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ во делот на принципиелното размислување на Парламентот, апсолутно се согласувам.

На тоа е апелирано и многу пати од претседателот на Собранието. Во својство на координатор и јас сум апелирал при последната седница за ефикасноста. Значи во принципиелниот дел апсолутно се согласувам.

Исто така апелирам до пратениците сите да имаат разбирање за одредени потреби пратеникот да направи пауза, бидејќи сепак работиме долго. Меѓутоа, мора

пратеникот да води сметка, бидејќи целиот Парламент има монитори или телевизори, се знае кога доаѓа гласањето за точката на дневниот ред, доколку нема потреба да учествува во дебатата, да биде присутен. Со тоа се согласувам апсолутно. Тоа се однесува за сите и најголемата одговорност ја има токму коалицијата во овој Парламент. Меѓутоа и другата страна на нештата е апсолутна вистина. Добро апсолутна вистина нема во ништо меѓутоа има вистина. Како што во многу наврати или многу често страната на опозицијата е многу празна.

Значи треба да си поведат сметка и тие пратенички групи. Значи како што гледате и ова што господинот Поповски го соопшти јас го разбирам, принципиелно во ред е, а за поединечните однесувања тешко може да се одговара, меѓутоа, може да се апелира да има секој одговорност и да биде присутен.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас мислам практично сме на исто.

Се бара присуство во салата и верувам дека тоа присуство ќе се обезбеди.

Јас се извинувам не ќе можам да ја продолжам седницата, треба да го примам португалскиот амбасадор и од таа причина молам еден час да ме ослободите од обврската.

(Со седницата продолжи Томислав Стојановски, потпретседател на Собранието на Република Македонија).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека повеќе нема никој да се пријави за дискусија, по однос на општиот претрес по Предлог на законот.

Бидејќи никој не се јавува за збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на член 1, член 2 став 2, членовите 4 став 2 и 5, став 3, член 11 став 1, член 17, член 18, член 19, членовите 17, 18, 19, 21 и 22, член 20 за бришење на став 2 и став 3, за менување на ставот 4 и 5 и за додавање нов став 6, член 24, член 28 и додавање на нов став 2 и за менување на член 31, со кој се согласува претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на законот.

Комисијата за внатрешна политика и одбрана, поднесе амандман на член 13 и член 32, со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за политички систем, поднесе амандман на член 28 за додавање нов став 2 и за менување на постојниот став 2, со кој се согласи претставникот на Владата и тој е составен дел на Предлогот на законот.

Комисијата за политички систем, поднесе амандман за додавање на член 15-а, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Наталија Марковиќ – Димова, поднесе амандман за бришење на член 24, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Мерсел Билали, Абдулади Вејсели и Илијас Сабриу, поднесоа амандман за менување на член 24, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Томислав Стојановски, поднесе амандман за додавање на член 32, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за додавање член 15, поднесен од Комисијата за политички систем.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Молам дали некој бара збор, за да се произнесе по изјаснувањето на претставникот на Владата? (Никој).

Го ставам амандманот на гласање.

Вкупно гласале 69 пратеници, од кои "за" 13, "против" 55, "воздржани" 1.

Констатирам дека амандманот не е прифатен.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 24, поднесен од пратеникот Наталија Димова, за кој Владата не се произнела.

Го повикувам претставникот на Владата да се произнесе.

Предложениот амандман Владата го прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Во овој случај амандманот е составен дел од законот.

**МЕРСИЛ БИЛАЛИ:**

Мислам дека замениковт не го прочитал внимателно амандман.

Практично тој влегува во колизија, со тоа што го кажа министерот.

Односно треба да се избрише и старата формулација и новото.

Вака ако се прифати амандманот, да се избрише членот 24, останува старото.

Затоа имаме друг амандман.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Госпоѓа Марковиќ - Димова на кој закон се однесува, дали на постојниот или на сега предложениот.

**МЕРСЕЛ БИЛАЛИ:**

Да, ама ако се избрише во целост како што гласи тука, практично останува старата формулација.

Се однесува на пратениците кои се избрани од листата, а мислам дека треба да важи подеднакво за сите пратеници, без оглед дали се избрани од листата по пропорционалниот модел, или според мнозинскиот.

Затоа мислам дека, треба да се прифати другиот амандман.

И г-ѓата Наталија, мислам дека се согласи да го повлече амандманот.

**ДАНИЛО ГЛИГОРОСКИ:**

Во врска со амандманот на пратеникот Наталија Марковиќ – Димова, јас би молел пратеникот да го повлече амандманот, бидејќи ако е како што е сега ситуацијата и претставникот на Владата се согласи со прифаќање на овој амандман ќе остане ситуацијата по старо, а пред малку го слушнавте министерот дека тој се залага пратениците да не можат да бидат отповикани.

Значи во духот на неговиот настап следува амандманот што го имаат поднесено група пратеници Мерсел Билали, Абдулади Вејсели и Илијаз Сабриу, со кој што и претседавачот на Собранието се согласи всушност би требало да биде прифатен амандманот на овие предлагачи од ПДП, со кој што сите пратеници ќе се изедначат. Нема да може ниту една партија да отповикува ниту на пропорционалната ниту на мнозинската листа.

**НАТАЛИЈА МАРКОВИЌ - ДИМОВА:**

Амандманот се однесува на член 24 на Предлогот на законот за изменување и дополнување на законот за избор на пратеници, со тоа што член 24 се брише и фактички член 25 станува член 24. Тоа значи дека се однесува на листата на кандидати од пропорционалната листа. За отповикување на пратеникот од пропорционалната листа.

Јас не знам дали е настаната забуна меѓутоа јас знам зошто го поднесов овој амандман и не знам од каде се коментарите дека ќе го повлечам амандманот и го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Забуната е дали амандманот се однесува на член 98 или на член 24 од предложениот закон.

Има збор г. министер Владо Камбовски.

**ВЛАДО КАМБОВСКИ:**

Предлагам да се прифати амандманот што го поднесе г-ѓата Наталија Димова, а да не се прифати амандманот што го предложија пратениците од пратеничката група на ПДП, од причина што тоа прашање заслужува поголемо внимание и разработка. Ако сега ја исфрлиме таа одредба од законот за избор на пратеници, како што предлага пратеничката група на ПДП тогаш ќе создадеме додатни проблеми во врска со статусот на пратениците кои се наоѓаат на пропорционалните листи. Во случај на исцрпување на листата, повлекување од партијата и сл. на тоа.

Затоа каква и да е ова решение, се согласувам со вашето мислење сомнително од уставно-правен аспект да го разработиме, да го погледаме уште еднаш и во септември или октомври, кога ќе дојде другиот предлог за измени на законот, тогаш да го вклучиме и ова прашање.

Јас затоа би замолил да го повлечете амандманот со ветување дека тоа прашање по опстојно ќе го согледаме или ќе предложиме друго решение. Мислам да го повлече амандманот пратеничката група од ПДП, додека овој амандман да остане, останува старото решение до предлагање на неколку одредби, комплекс на одредби, каде што тоа прашање по целовито ќе треба да го погледаме.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине Билали, ако се прифати овој амандман тогаш вашиот е беспредметен.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Прво, со прифаќањето на амандманот за бришење комплетно на овој член добиваме една апсурдна состојба. На пратениците од пропорционалната листа ако бидат отповикани од партијата по автоматизам, го губат местото пратеник во Собранието на Република Македонија. Што се случува. Се добиваат два статуса на пратеници. Пратеници кои се не отповикливи и пратеници кои се отповикливи. Уставот е сосема јасен. Функцијата пратеник е не отповиклива освен во таксативно набројани случаи, во кои што не стои ако со закон поинаку не е определено.

Според тоа во овој случај ќе создадеме голема забуна и сметам дека треба да се прифати амандманот на групата пратеници, со цел да остане постојното решение како што е, а не со бришење на целиот член.

**ЗАМИР ДИКА:**

Господине потпретседателе, почитувани колеги, бидејќи по расправата по овој амандман излегоа некои нови аргументи, јас во име на пратеничката група ДПА барам пауза заради консултации, за да решиме како што треба.

Молам да ме поддржат пратениците за овој предлог.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Објавувам пауза до 16 часот.

(Пауза од 15,05 до 16,25 часот). (По пауза).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Да продолжиме со работа.

Молам дали предлагачот на амандманот се усогласи со групата пратеници, или ќе одиме на гласање.

**НАТАЛИЈА МАРКОВИЌ - ДИМОВА:**

Амандманот на член 24 од Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за избор на пратеници, бидејќи ценам дека е во коализија со амандманот на пратеничката група од ПДП го повлекувам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Отварам претрес по амандманот за менување на член 24 поднесен од пратениците Мерсел Билали, Абдулаи Вејсели и Илијаз Сабриу.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, бидејќи околу решението содржани во Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за избор на пратеници на Собранието на Република Македонија, а и по однос на предложените амандмани се отвори дискусија и има дилеми како претставник на Владата осеќам за потребно да го прочитам важечкото решение кое сега е содржано во Законот за избор на пратеници, за да потоа се произнесам по однос на предложениот амандман на член 98 алинеја 6 од Законот за избор на пратеници, поднесен од пратениците Мерсел Билали, Абдулаи Вејсели и Илјаз Сабриу.

Сегашната одредба на член 98 од Законот за избор на пратеници гласи: "на пратеникот му престанува мандатот пред истекот на времето за кое е избран ако поднесе отставка, кога е осуден за кривично дело за кое е пропишана казна затвор во траење најмалку од 5 години, ако настапи случај на не споивост на функцијата пратеник, во случај на смрт, ако со правосилно решение биде лишен од деловна способност и ако му престане членството во партијата, а е избран од листата на кандидати".

Првобитното решение во Предлогот на законот за изменување и дополнување на оваа одредба од овој закон, што Владата ја предложи беше да се бришат зборовите "а е избран од листата на кандидати".

Лично како пратеник и тогаш кога беше содржано ова решение а и во расправата на Законодавно - правната комисија се потврди едно мое размислување од порано дека ваквото решение кое се понуди може основано да се оспорува од уставно - правна гледна точка, меѓутоа тогаш како претставник на Владата во расправата на Законодавно - правната комисија имав став од Владата да го бранам таквото решение, а од една страна поаѓајќи од аспект дека сепак треба да се обезбеди едно начело на еднаквост на пратениците независно од тоа на кој начин дошле до статус на пратеник. Бидејќи самата продукција на нивното делување во Парламентот навистина се рамноправни во се, а само начинот на доаѓање до тој статус е различен. Затоа како претставник на Владата во тој момент го бранев тој став.

Меѓутоа и расправата на Законодавно - правната комисија ме поттикна на поблиско третирање на ова прашање, инаку и во денешната расправа г. Спасов се произнесе по однос на поводот за внесување на едно такво решение, кое сега постои во законот, а и од согледување на компаративна пракса од изборните законодавства на други земји навистина може да стои и има потреба за едно такво решение кога се работи за пратеници избрани од една таква листа. Тоа се поврзува со програмски определби на електоратот и т.н. Меѓутоа секако во тоа време кога се донесуваше Уставот ни од близу не можеше да се претпостави, дека многу брзо ќе дојдеме до поблиски можности за согледување на компаративни решенија во други устави, други изборни законодавства. Таквото решение е внесено минатата година иако има сомнителна уставно - правна основа.

Сега, по однос на дискусијата која се води овде и во самите собраниски тела, посебно на Законодавно - правната комисија со предложениот амандман со г-ѓата пратеник Наталија, некако се врати положбата на решението кое е сега важечко. Посебно сега не задоволува што има предложен амандман, мене лично како правник ме задоволува што се обезбедува можност, еден инструмент со кој се

отстранува и тоа најмало сомневање по однос на уставната основа на една таква одредба и поради тоа лично мислам дека овој амандман конечно го отстранува таквото сомневање по однос на таа важечка одредба сега и затоа сега и по консултации со министерот, а и со Владата во својство на претставник на Владата го прифаќам предложениот амандман од пратениците Мерсел Билали, Абдулали Вејсели и Илјаз Сабриу и како таков сметаме дека може да биде составен дел на предложениот текст на законот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Со тоа и овој амандман станува составен дел на законот.

Отворам претрес по амандманот за додавање на нов член.

Молам кој се јавува за збор.

**ЃОРЃИ ТОДОРОВ:**

Се обраќам до пратениците кои го предлагаат амандманот на член 24. Мислам дека во членот 98 став 1 алинеја 5 треба да стои а не 6, како што е предложено, затоа што ако го погледаме членот 98 од Законот мислам дека се однесува на алинеја 5.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине Ѓорѓи и јас го забележив тоа, меѓу тоа од Службата добив објаснување дека е направена техничка грешка во препишување и навистина е алинеја 6.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 32, поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

Штом се прифаќа и ова е составен дел на Законот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Во меѓувреме г. Ѓорѓи Спасов поднесе амандман на член 4 за додавање на нов став по ставот 1 и на член 6 за додавање на нов став 4 по ставот 3, по кој Владата не се произнесе.

Амандманот ви е поделен.

Отварам претрес по првиот амандман.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

За збор се јави г. Ѓорѓи Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Почитуван г. потпретседателе, почитувани пратеници.

Пред малку кога говорев, говорев и за тоа дека идејата за промена на составот на Државната изборна комисија може да доведе до апсолутно мнозинство на претставниците на партиите во власта, со оглед на тоа што досега таа комисија беше составена од три дела. Тројца пратеници предлагаа пратениците од опозицијата, односно партиите на позиција, тројца пратеници се предлагаат по предлог од партиите во власта, а тројцата беа членови на Врховниот суд. Тоа што беа членови на Врховниот суд, значи дека мораше да бидат од листата на оние луѓе кои што еднаш се веќе избрани од ова Собрание на некој начин и имаат улога на судии во највисокиот судски орган во државата што гарантираше сепак еден степен на еднаква застапеност на членовите на Државната изборна комисија од редовите на партиите во опозиција и на членовите на изборната комисија од редовите на партиите во власта. Со ова решение што сега се предлага во Законот, тоа значи тројцата членови наместо судии дека може да бидат правници со по десет годишен работен стаж и ги избира мнозинството во Парламентот на предлог на Комисијата за избор и именувања се доведуваме во ситуација партиите во власта да имаат во Државната изборна комисија 6 члена, а партиите во опозицијата да имаат само три члена во Државната изборна комисија.

Сметаме дека на тој начин навистина се намалува степенот на рамноправноста во Државната изборна комисија, и дека ќе се зголеми степенот на недовербата меѓу политичките партии, во поглед на работата на Државната изборна комисија.

Трето, оттаму како начин да се премости можноста од ваква мајоризација во Парламентот, предлагам во рамките на овој член да се внесе овој амандман во кој што ќе стои дека, значи од овие три члена сега што досега беа сурии, претседателот на Државната изборна комисија го избира ова Собрание, односно го именува ова Собрание на предлог на партиите во опозиција, а другите два члена во ДИК ги избираат исто така во Собрание на предлог на партиите во власта од редот на правниците со десет годишно работно искуство. На тој начин партиите во власта пак имаат мнозинство во ДИК, меѓутоа сепак се обезбедува еден повисок степен на рамноправност и повисок степен на доверба во тој државен орган. Инаку како што знаете во другите држави за да се обезбеди всушност таа рамноправност на партиите од власта и партиите во опозицијата во ДИК дел од овие членови се предлагаат или на предлог на претседателот на државата, или пак се бара некој таков

компромис меѓу политичките партии.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Го молам, претставникот на Владата да се произнесе.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

По однос на овие амандмани ставот на Владата е следниот.

Прво, и како текст предложени амандмани правно - технички не можат да се сообразат во самото решение на текстот на предлогот на закон, а и кога и тоа би било можно Владата не ги прифаќа овие два амандмана, бидејќи се работи за подлабоки измени во составот и во начинот на третирање на составот на овие тела. Значи Владата не ги прифаќа овие два амандмани.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој бара збор?

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Јас би сакала да се произнесам во врска со амандманиве, од причина што беше речено дека претставниците на позицијата ќе имаат шесточлено мнозинство.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ве прекинувам. Говорете само за првиот амандман.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Во ред,ќе се јавам подоцна.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не се јавува за збор, амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 67 пратеници, за 17 пратеници, 4 воздржани и 46 против.

Според тоа амандманот не е прифатен.

Отворам претрес по амандман 2, поднесен од истиот пратеник во членот 6 по ставот 3 да се додаде нов став 4, со содржина која Ви е разделена.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, не очекував дека амандманот ќе биде усвоен од Владата на членот 4, независно од ономотехниката на амандманот, или неговото правно нестручно обликување. Тој е сосема јасен и сосема е правно добро формулиран, меѓутоа се работи за политичка интенција и политичка волја, која што е сосема јасна и сосема легитимна и Вие во оваа ситуација изгласавте тоа што го изгласавте. Всушност да имаме Државна изборна комисија во која што партиите од власта ќе имаат двотретинско мнозинство. Ако тоа претставува основа за фер и демократски избори, за тоа ние ќе разговараме тогаш кога ќе дојде редот за таа работа, односно кога ќе дојде промената врз основа на овој закон. Меѓутоа сега Ви предлагам исто така еден амандман кој што би можел да ја корегира Вашата грешка направена со не усвојувањето на амандманот на членот 4, а тоа е дека таа ДИК така како што е составена со оглед на тоа што ние како опозиција се сомневаме дека таа сега веќе ќе ги менува претседателите на сите изборни комисии, иако таму претставува правници со пет годишно искуство да бидат од редовите на владеачкото мнозинство сепак да се обезбеди некаква гаранција дека претседателите на тие изборни комисии ќе бидат и од редовите на опозицијата. Да се усвои амандман во кој што ќе стои дека половина, ние не бараме повеќе од половина од претседателите на изборните комисии се именуваат на предлог на партиите од опозицијата, а другата половина по предлог на политичките партии кои се на власт. На тој начин ДИК не зависно од двотретинското мнозинство на претставници од партиите на власт, сепак ќе има некое ограничување и не ќе може на сите изборни комисии да стави претседатели од редовите на партиите на власта, односно да обезбеди апсолутно мнозинство и во сите изборни комисии.

Затоа што изборните комисии се составени од пет члена, од кои што досега два члена се бираат на предлог на партиите од власта, двата члена на предлог од партиите во опозицијата, а претседателот го именува Државната изборна комисија. Ова е единственото легално можно и правно ограничување на Државната изборна комисија, да не покаже висок степен на политичка пристрасност.

Затоа апелирам овој амандман да биде прифатен во интерес на јакнењето на меѓусебната доверба меѓу политичките партии на власт и политичките партии во опозицијата.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Го молам, претставникот на Владата да се произнесе.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

По повод изнесените причини од г-динот Ѓорѓи Спасов и предлогот по однос на овој амандман ставот на Владата е следниот.

Прво, по однос на прво предложениот амандман, реков дека како правна конструкција е недоволно обработена и како таква не се совпаѓа со нормативното дејство во целото наше изборно законодавство, го мислев поради следното, бидејќи такво решение се нуди и во овој амандман од формално правен аспект не е обработен во смисла на тоа што се подразбира да се предложи од опозицијата.

Која опозиција, кога и како?

Мислам доколку би се прифатило како решение од правен аспект како дотерување на норма треба да се доработи за да би се дошло до соодветно решение кое е потребно. Вака како што е предложено, значи искажува неопходност за понатамошно до уредување за да би се дошло до предлогот на партиите од опозицијата. Која е таа опозиција? Не е една, две или три. Но, сеедно, независно од тоа каква е правната конструкција од аспект на опортунитет од целисходност на ова предложено решение во овој амандман, Владата не го прифаќа и овој предложен амандман.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Со оглед на тоа што претставникот на Владата каже дека не било јасно на кој начин ќе бидат избрани и претставниците од опозицијата, односно половината претседатели, тоа не е точно со оглед на тоа што во истиот овој член, вториот дел од членот говори на кој начин се избираат претставниците од опозицијата во изборните комисии. Па таму се вели, дека двата члена на изборната комисија од редовите на партиите во опозиција се избираат врз основа на бројот на добиените гласови на последните избори. Тоа е исто така генерална одредба на крајот од изборниот закон, кој што се однесува на сите изборни комисии и тела.

Според тоа, со оглед на тоа што постои веќе таква генерална определба која што го дефинира начинот на кој што партиите во власта и партиите во опозицијата ги предлагаат сопствените кандидати. Сметам дека овој амандман не останува ниту не дообјаснет, ниту нема доволна правна јасност во поглед на тоа како би се избрале. Сосема е јасно на кој начин би дошле, со оглед на тоа што ние досега ја имавме таа пракса и таа пракса е добро регулирана со самиот закон. Оттаму интенцијата на ова е навистина да се покаже разбирање и да не се обезбеди тоа мнозинство во Државната изборна комисија, да наметне свои критериуми кои што на некој начин политички ќе ја дискриминираат опозицијата. Ако се сеќавате политичките партии кои што беа исто така во опозиција, токму инсистираа на овој степен на рамноправност во изборните органи. Ние ништо не бараме повеќе освен степен на рамноправност во изборните органи, кои што ќе гарантираат фер и демократски избори во Република Македонија.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Сметам дека амандманот не треба да се прифати и образложението и за двата амандмана практично без оглед што расправаме за вториот амандман е исто. Ако речеме дека половината од претседателите на изборни комисии се именуваат по предлог на партиите во опозицијата, а другата половина на предлог на политички партии кои се на власт. А претходно веќе рековме и дадовме образложение дека тоа ќе бидат истакнати правници без никаква партиска припадност со десет годишно искуство. Значи ли тоа дека ако ги предлага опозицијата, односно позицијата дека се сепак партиски определени луѓе. Ако држиме на тоа ваше објаснување, тоа значи дека досегашната ДИК била изборна комисија која што работела за сметка на тогашната власт, односно тогашната позиција, ако тоа ваше образложение држи. Затоа што тројца беа претставници на позиција, тројца претставници на опозиција, а тројца претставници судии на Врховниот суд кои што ги избираше да не кажам еднопартиско Собрание, меѓутоа Собрание кое што секаде во меѓународната јавност беше осудено како Собрание кое работи без опозиција. Тоа значи дека сегашниот состав на ДИК работел во состав 6 спрема 3, плус претседател кој што бил избран од страна на позицијата. Што значи дека образложението не држи, туку се работи за луѓе кои што се партиски определени, а бидејќи се избираат со 61 глас и тие ќе поминат на ова Собрание, секој од нас и позицијата и опозицијата ќе може да стане и на оваа говорница да каже дали се работи за луѓе кои што се инволвирани во политичкиот живот, или не.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Мислам дека приговорот од овој вид воопшто не држи, затоа што се работи навистина за сосема различни категории. Ние досега имавме судии во изборните органи. Судиите се избрани како што рековме од ова Собрание се избрани со мандат без ограничување и сепак степенот на политичката пристрасност, односно не пристрасност кај судиите е во голема мера гарантирана. Оттаму мислам дека не држи моделот на поистоветување на досегашниот состав на Државната изборна комисија, и изборните комисии со ова што сега се менува. Со самиот факт што Комисијата за избори и именувања ќе може да бира такви кандидати, од редот на оние што имаат за Државната изборна комисија десет годишно работно искуство правници, а за секоја од комисиите по пет годишно работно искуство создава можност навистина парламентарното мнозинство на чело на овие комисии да стави политички пристрасни луѓе. Ова е само обид да се зголеми довербата на тој начин што подеднакво ќе им се даде можност и на партиите на власт и на партиите во опозиција да предлагаат кандидати за претседатели на тие комисии. Доколку и тоа и биде оневозможено на опозицијата, тогаш е сосема

јасна интенцијата на партиите од власта, во име на парламентарното мнозинство на чело на ДИК и на чело на изборните комисии, да постави луѓе за кои што ќе гарантираат степен на политичка пристрасност во корист на политичките партии на власт.

Сметам дека со не прифаќањето на овие амандмани е очигледна намерата што била идејата за ваква итна промена на Законот за избор на пратеници, во ова време кога всушност се уште има време да се разговара за целата таа работа и да се проверат овие решенија во соработка со меѓународните институции кои што водат грижа за не пристрасноста на политичкиот процес на Македонија и за обезбедување на фер и демократски избори.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Вкупно гласале 67 пратеници, за 10, 1 воздржан и 56 пратеници против.

Според тоа констатирам дека амандманот не е прифатен.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Во име на пратеничката група ако нема повеќе амандмани, барам пауза од пет минути за да се исконсултираме и усогласиме.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

(Пауза од пет минути). (По паузата).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Во овој момент ме замоли претседателот да го почекаме и за неколку минути ќе слезе да продолжи со седницата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Почитувани господа пратеници, колку што сум информиран, сме дошле до чинот на гласање.

Според тоа, Предлогот на законот го ставам на гласање.

Молам, да гласаме.

72 пратеници гласаа за, воздржани се 2 пратеници и 11 пратеници се против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија.

Минуваме на точка четири - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за надворешно - трговско работење, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и Извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Дали е министерот тука или не?

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има заменик министер за трговија.

Значи, има претставник на Владата.

Повелете г. Поповски, јас мислев да не прашувате само процедурално.

Збор има г. пратеник Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Благодарам. Прашував дали евентуално претставник на Владата ќе образложи за Законот пред да се јавам и затоа прашував.

Инаку, имам намера да кажам нешто за законот.

Господине претседателе, почитувани колеги, зборувам во име на пратеничката група на СДСМ и ве молам дискусијата така да се разбере. Ова е еден од законите со кои ние не се согласуваме.

Сметаме дека принципиелно Законот има неколку проблеми со кои се соочува.

Првата и генералната наша забелешка е дека, по четврти пат веќе од почетокот на мандатот на оваа влада се нуди закон со кој директно се зголемуваат јавните давачки на граѓаните или на претпријатијата кон државата, во овој случај е на претпријатијата кои се бават со надворешна трговија, било да станува збор за извоз или за увоз. Ние сме истакнувале дека тоа и по наши видувања ги надминува рамките на залагањата на Владата, кои беа произнесени во неколку наврати како програмска определба на Владата и сметаме дека не е во ред и понатаму да се зголемуваат на мала или голема врата јавните давачки во Република Македонија, или поинаку кажано вкупното даночно оптоварување. Она што сметаме посебно дека е проблем со овој закон е што имаме впечаток дека овој пат оди уште едно зголемување на даноците кон правните лица во висина од 0,1% од нивното надворешно - трговско работење, по основ на царинска основица.

Меѓутоа, не сме сигурни дека средствата се буџетски средства, односно се прави уште еден преседан на кој не би сакале да функционира нашата држава, а тоа е да се создаваат релативно големи вон буџетски фондови во рамки на министерствата, за кои се создава моќ министерот да ги троши, макар и во рамки на законот и дека на крајот на краиштата во членот 57-г Собранието воведува јавна давачка, за која што никогаш

нема да има ни извештај колку се собира, ни извештај како се троши, што е случај со јавните давачки преку механизмот на буџетската потрошувачка, завршна сметка или на усвојување на Буџетот на почетокот на годината. Овде уредува дека министерот за трговија за овие средства еднаш годишно ја известува Владата за користење на средства на надоместокот, јавна давачка се уредува со закон и би било логично и легитимно извештајот за овие средства минимум да оди, кога веќе се воведуваат како дополнителна давачка пред Собранието на Република Македонија.

Третата наша забелешка е што овој Закон сметаме дека не заслужува сообразложение кое вкупно се состои од 6 реченици и со причини заради кои треба да се донесе Законот, кои се една реченица, да се воведе јавна давачка, која според наши предвидувања, односно согледувања во пратеничката група не е мала и се однесува на 0,1% од надворешно - трговскиот промет на претпријатијата во Република Македонија, кои во двете насоки, така како што овој закон предвидува да го оданочи и не знам каков друг збор да употребам, ќе изнесува над два милиони долари. Ние знаеме и во овој мандат кога Буџетот се носи и за многу помали ставки во Буџетот и на приходната и на расходната страна сме имале големи дебати, сметаме дека сега со јавна давачка вон буџетски средства, кои не се контролираат преку Министерството за финансии во рамки на буџетската потрошувачка, дури сметаме на некој начин можеме да ги третираме и на мала врата пробивање на плафонот на јавната потрошувачка, која ја зацртавме во Република Македонија со Законот за ограничување на јавната потрошувачка. Односно, не знам дали Владата овие средства не ги изразува во фондовите и во буџетот, туку ги изразува како средства за посебна намена во согласност со на некој начин на меѓународните институции, кои заедно со Македонија и помагаат за одржување на макроекономската стабилност, одржувањето на ликвидноста и отплаќањето на долговите и на тој начин и ја кројат макроекономската политика, заедно со Македонија во функција на поддршка. Имаат увид во ова што се случува со даночното оптоварување и на некој начин со зголемувањето на јавната потрошувачка во Република Македонија, а овој пат ќе кажеме на мала врата. Се разбира дека во тоа кратко образложение, во таа кратка постапка, сметаме дека Владата треба да излезе пред Парламентот, ако ништо повеќе со една елементарна проценка кои се финансиските ефекти од овој закон на приходната страна на Владата, а тоа автоматски значи расходна страна на правните лица и на претпријатијата. Пратеничката група на СДСМ, се разбира, не може да биде пратеничка група со стручна поддршка од Органите на управата во овој момент, меѓутоа според нашите проценки се работи за ефект од околу 2 милиони долари годишно, кои ќе паднат директно на трошоците на правните лица кои се бават со увоз и извоз, во нашиот случај, со прилично голема доза на сигурност, би рекле, на сите. Многу е мал бројот на претпријатијата во Република Македонија кои немаат надворешно - трговски директно или индиректно надворешно - трговски контакти и размена на стоки и услуги со странство.

Така што, од овие причини сметаме дека некако Законот отстапува од нашата, да речам политичка определба, дури и еве ако не звучи тоа претенциозно да кажам дека мислиме дека отстапува и од политичките и економски определби на оваа Влада, меѓутоа сепак е предложен. Нема доволна аргументација, се воведуваат нови давачки. Тие не се буџетски билансирани, туку се воведуваат во рамки на Министерството, значи некаква вон буџетска потрошувачка. Нема контрола од страна на законодавецот за собирањето и трошењето на средствата. Сето тоа останува во Владата.

Значи, за секоја поединечна од овие причини ние не би дале согласност на ваков закон, а кога се работи заедно за сите и во услови кога немаме сериозно образложение, ни пишано ни изнесено во Парламентот што тоа значи, ние не би биле во ситуација да го поддржиме ваквото оптоварување на стопанството. Намените кои се наведени во член 57-б, сметаме дека не можат на ваков начин да се подмируваат во нашата Република. Благодарам за вниманието.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. пратеник Поповски Никола.

Продолжуваме со претрес по Предлогот за донесување на закон.

Дали би сакал претставникот на Владата, заменик на министерот за трговија да земе збор?

**ТАТЈАНА ПЕРОВИЌ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, јас би дала само еден краток коментар во однос на пратеникот кој го даде своето образложение.

Пред се, морам да кажам дека овде не се работи за никаква јавна давачка, туку се работи за еден надомест за намени за кои познато е дека ние во Македонија имаме проблем со презентации на нашите фирми

на разно разни саеми, различни бизнис форуми кога правиме маркетинг, истражувања, а тоа се е само за поттикнување на извозот. Ние знаеме претходно, а и сега дека имаме проблеми со извозот. Значи, имаме производители, стопанственици кои што немаат доволно средства, свои сопствени средства, ниту имаат посебна организација како маркетинг организација, која би можела да поттикне или да го издржи тој товар да можат да присуствуваат на одредени форуми или саеми. Сметам, точно дека се оптоваруваат самите производители и извозниците, конкретно извозниците и увозниците, меѓутоа тоа е само финансирање на секој начин. Средствата ќе се употребуваат токму за извозниците за поттикнување на извозот. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

И благодарам на госпоѓата Перовиќ за објаснувањата.

За збор се јави г. пратеник Трајановски Коце.

**КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, јас би сакал да напоменам како претставник на Комисијата за стопанство дека, уште еднаш се потврдува фактот дека СДСМ работи не координирано, т.е. неговите претставници во Комисијата за стопанство, тука е извештајот, значи во собраниската постапка пред комисијата тие дадоа согласност за овој Закон, иако господинот Чифлиганец веќе подолго време не е присутен во оваа комисија, јас само сакав да напоменам дека го поддржувам овој закон и ние како комисија целосно го поддржавме.

Мислам дека со овој закон на некој начин се потврдува иницијативата на ново формираното Министерство за трговија, дека сака да направи еден нов стил, еден нов начин на работење, т.е. на стопанството преку маркетингот, истражувањето на пазарот, да направи продор на странските пазари. Ова, очигледно е дека е едно дополнително, меѓутоа мислам дека е минимално оптоварување на субјектите, воедно и на Буџетот. Меѓутоа, ние треба, сепак да ги гледаме ефектите кои што треба да се постигнат со овој Закон. Единствено, ние и на Комисијата тоа го констатиравме дека во член 57-г треба со овие прописите кои што Министерството за трговија треба да ги изготви, таму треба децидно, аналитички по субјектите кои учествуваат на проектите, дали се тоа семинари, симпозиуми или студии, да се видат аналитички од субјектите кои учествуваат во кои што се партиципираат трошоците за учеството, дали се тие во семинари, симпозиуми или не знам што. Тие аналитички да се видат ефектите од еднаш или два пати нивното присуство т.е. со субвенција на нивните трошоци. Ние тука би требало да го насочиме своето внимание како законодавен дом. Така што, јас не се сложувам со тоа дека ова би требало и понатаму, всушност да останеме на тоа дека би требало по тој стереотипен тип на работење на работиме, т.е. да гледаме маркетингот кој што значи досега запоставен тотално по дејност во стопанството и понатаму да остане на маргиналните функции на стопанските субјекти. Јас сум направил анализа и спрема стопанските субјекти, бидејќи потекнувам од стопанство, стопанството го поддржуваат овој Закон и мислам дека за една година ќе даде свој резултат. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. пратеник Трајановски Коце.

За збор се јави г. пратеник Сабриу Иљаз.

**ИЉАЗ САБРИУ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, мислам дека можеби требаше по опширно уводно излагање од страна на министерот или Министерството за трговија по повод овој закон, бидејќи се предлага по итна постапка, односно Предлог на закон.

Денеска ние треба да го донесеме тој закон и уште повеќе мислам дека тој закон требаше да оди на некој надлежни комисии, претпоставувам, а мислам на Комисијата за буџет и финансии, каде по опширно би елаболирале и разговарале за овој закон. Меѓутоа, не знам од кои причини таму законот не дојде и немавме прилика да се произнесеме по овој закон.

Јас би го изнел ставот на пратеничката група на ПДП, дека не ќе бидеме во состојба да го поддржиме овој закон од причините изнесени од претходните дискутанти, да не ги повторувам. Но, мислам дека овој закон е во спротивност со вкупните определби на Владата за растеретување на стопанството, посебно на извозниците, бидејќи надворешно - трговско работење се знаат, барем на нас ни е јасно какви проблеми имаат претпријатијата, денеска ние воведуваме, и покрај тоа што некој сака да оправда или да избегава од тоа дека не се воведува ново оптоварување и нова давачка, таа е нова давачка 0,1% треба да плаќаат сите претпријатија кои имаат извоз за надворешно – трговско работење за извоз и увоз.

Така што, по мое лично мислење ценам дека тој закон не би требало да се прифати, а уште повеќе што ние воведуваме на некој начин преседан, ќе биде ова и отвора врата утре на сите министерства по

разно разни начини и оправдувања да излезат пред Собранието за закон, да соберат некои средства подобро да функционира и тоа министерство, да се пристапи и да се излезе на симпозиуми, на семинари, на вакви или такви учества, на кои не сме против, но за тоа има предвидени средства во рамките на Буџетот и во тие рамки ние треба да се движиме.

Во никој случај не би смееле како Собрание, во Парламентот да дозволиме на мала врата да се отвораат вакви давачки и да одиме на оптоварување на стопанството, уште повеќе кога и ние мислиме дека намените за кои се предлагаат да се трошат тие се не производни трошоци, реклами, пропаганда и т.н. Претпријатијата знаат какви им се можностите и имаат определени средства колку можат да плаќаат за оваа намена и доколку имаат свој личен интерес тие ќе финансираат повеќе за тие намени, а не ние преку законски мерки пред државата да им одземе и сега министерот или министерството да прави некои поблиски прописи, да пропишува како и каде ќе се потрошат тие работи, за што мислам дека и како надлежно Собрание немаме контрола утре на тие потрошени средства.

Да не должам, има многу работи кои можат да се кажат по овој повод, но мислам дека принципот на воведување давачки на овие начини, на вакви и на слични начини, не би требало Собранието да практикува и ќе гласаме, реков пратеничката група против донесувањето на овој закон. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. пратеник Сабриу Илјаз.

Се јави г. Поповски Никола, веројатно, заради реплика.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Би сакал само да дадам на извесен начин демант на тврдењето на госпоѓата Татјана Перовиќ во својство на заменик министер за трговија, дека е ова всушност воведување на некаков вид на надомест, а не на јавна давачка.

Тоа целосно го отфрламе како неточно. Доказ за тоа е членот 57-а кој се воведува со измената на законот и во кој се утврдуваат дека се плаќа надомест, се утврдува дека субјектите кои подлежат под овој закон се должни да го платат надоместокот. Надоместокот настанува во одреден момент при увоз, односно извоз. Се утврдува орган на управата во овој случај царинскиот орган на Република Македонија, пред кој треба да се изврши наплатата и да се презентира данок.

Во спротивно се предвидува дека, доколку тоа не се изврши како плаќање на надоместокот, царинскиот орган нема да ја пушти стоката во слободен промет на Република Македонија. Се утврдува кои се обврзници на данокот, односно на надоместокот. Се утврдува основицата за пресметување на надоместокот и се утврдува стапката на надоместокот.

Значи, тоа се без исклучок сите елементи кои се востановуваат за јавна давачка. Ние можеме ова да го крстиме и доброволна членарина, можеме и хуманитарна помош, меѓутоа останува фактот дека е тоа јавна давачка. Без разлика дали е овде под надоместок или под некаква друга лингвистичка форма.

Значи, остануваме на уверувањето и напротив не сме демантирани дека овој пат на мала врата се воведува ново оптоварување, единствен надлежен уставен орган да воведува јавни давачки. Контролата е извлечена во Владата и сметаме дека целиот закон е, заедно со ова што го кажа господинот Сабриу, целиот закон е поставен на глава. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. пратеник Поповски Никола.

За збор се јави г. пратеник Стојановски Наќе.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Сакам да кажам дека не знам колку е размислувано при предлагањето на овој закон. Очигледно тој во него крие еден огромен дефект, по самата природа е таков, а тоа е дека е анти пазарен закон.

Според тоа, е спротивен и на Уставот на Република Македонија и цврсто сум уверен во тоа кога со закон се обидува да се утврдат давачки на одредени стопански субјекти, вршејќи нивна стопанска дејност при претходно утврдени инструменти за други давачки изразени преку буџетските инструменти и другите форми.

Мислам дека ваквиот начин на зафаќање на тие субјекти со намените за кои се определува и за кои слушаме тука од предлагачи, кои се пишани во самиот Предлог на закон, во основа даваат за право и да се тврди дека таквите решенија тие субјекти единствено е можно да ги реализираат во рамките на своите стопански асоцијации, стопански комори и други здруженија. Кој што водејќи сметка за сопствен интерес, за формите и начините со кои можат да се постигнат заеднички интереси, како што беше нагласено од тука за маркетиншки пристап, за презентација на своите програми на стопанските субјекти на

надворешните пазари за зголемување на целокупниот извоз во Република Македонија.

Од таму, формата што во овој случај се предлага тоа да се направи со закон, преку Собранието на Република Македонија, мислам дека е анахроно, повеќе коинцидира со еден друг систем на стопанисување со планското стопанство, отколку со пазарната економија.

Мислам, на прв поглед дека првично може да се каже дека овој закон остава впечаток за ефикасност преку инструмент, кој ќе ги овозможи овие цели, всушност се работи за едно анахроно решение, кое одамна е потиснато и во практиката е покажано како некое егзистентно во смисла на по профитабилно работење на стопанските субјекти.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Наќе Стојановски.

За збор се јави господинот пратеник Илија Филиповски.

**ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, претпријатијата извозници и увозници се организираат во стопанската комора на Република Македонија и за тоа тие плаќаат одреден надомест на Стопанската комора и Стопанската комора е таа која ги организира сајмовите, да организира разно разни изложби и не можам да ја сфатам концепцијата на Министерството за трговија, дали ние од една страна сакаме да оди една делегација од страна на Стопанската комора на Македонија, а од друга страна ќе оди една делегација на Министерството за трговија.

За мене, ова е еден апсурд. Концепциски апсурд. Ние се враќаме назад најмалку за 30 години кога Министерството организира сајмови и одредени пропагандни работи.

Мислам дека е тотално анти пазарен закон и мислам дека би требало предлагачот да размисли, да го врати назад предлогот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Илија Филиповски.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за надворешно - трговско работење.

Молам да гласаме.

Од 59 пратеници 48 пратеници гласаа "за". 1 пратеник е "воздржан". 20 пратеници се "против".

Според тоа, констатирам дека законот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

Од 65 пратеници кои што гласале, 48 се "за". 1 пратеник е "воздржан". 16 пратеници се "против".

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Отворам општ претрес по предлогот на законот.

Молам, дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по Предлогот на законот.

ЗПК поднесе амандман на насловот на Предлогот на закон, по кои Владата не се произнела.

Комисијата за стопанство поднесе амандмани на член 1, член 1 во новиот член 51-б, став 1 и за додавање нов став 2 и на член 1 во новиот член 57-в, за додавање нов став 4 со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на насловот на предлогот на законот, поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПРЕТСТАВНИК ОД ВЛАДАТА:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по Текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Од 69 пратеници, 51 пратеник гласаа "за". 2 пратеника се "воздржани". 16 пратеници се "против".

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за дополнување на Законот за надворешно - трговско работење.

Минуваме на точката 5 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за водите, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлог на законот, извештаите на

работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот аз донесување на закон.

Молам, дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за водите.

Молам да гласаме.

Од 68 пратеници, 57 пратеника гласале "за". 3 пратеници се "воздржани". 8 пратеници се "против".

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се разгледа и предлогот на законот.

Молам да гласаме.

Од 63 пратеника, 61 пратеник гласаа "за". 1 пратеник е "воздржан". 1 пратеник е "против".

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Молам, дали некој бара збор?

За збор се јави господинот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине претседателе, со оглед дека овој закон е со промена само на половина член, со кој Фондот за водите, на кои досега материјално финансиските, стручните и јавно административните работи за негови потреби ги вршеше Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, овој закон предлага фондот сам да ги извршува работите.

Нашата пратеничка група, во основа нема против во врска со делот од законот, кој регулира дека стручните работи утврдени со Законот за води, Фондот би сакал сам да ги извршува, наспроти Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, зашто се работи за исклучително стручни работи, за кои веројатно, самото Министерство нема доволно стручна подготовка.

Меѓутоа, би сакале да го прашаме претставникот на Владата кои се мотивите ви за ви Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, се формираат дополнителни не потребно нови служби, кој би вршеле само административни и материјално финансиски услуги на Фондот, кој се исти кој може да ги врши постојното Министерство ви за ви стручните, со кои во основа не би спореле, доколку Владата смета дека е така подобро.

Меѓутоа, сметаме дека материјално финансиските и административните работи, нема потреба да се префрлаат, зашто би значело нови буџетски средства и ставки кои се за извршување на овие кои се повеќе технички работи. Би сакале да прашаме што по ова се планира во Министерството за земјоделие и кои се мотивите за ваков предлог.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Никола Поповски.

Дали претставникот за земјоделие е присутен (не), според тоа, го симнувам од дневен ред законот.

Ќе го разгледаме на една од наредните седници.

Минуваме на точката 6 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за Републичкиот судски совет, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави пратеникот Тито Петковски.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господине претседател, почитувани колеги, претставници на Владата, излегов само да укажам на недоследноста на Владата, по однос на политиката на носителите на различните власти во Република Македонија.

Кога стануваше збор за измена и дополнување на Законот за избор на пратеници, таму се кажа дека судската власт не може да се меша во вршењето на функциите на законодавната власт, а овдека на голема врата се промовира принцип дека извршната власт може да се наметнува на работата на судската власт. Значи, едноставно се изместува уставната позиција на самостојноста на судството, како трета власт во Република Македонија.

Јас тоа ќе го илустрирам со неколку примери.

Во членот 2 вели, членот 11 се менува и гласи: Советот утврдува предлог за избор и разрешување на судија на седницата на која задолжително присуствува министерот за правда и претседателот на Врховниот суд. Во образложението е кажано кој се мотивите за присуство на

претседателот на Врховниот суд, и за мене е тоа прифатливо, бидејќи е многу логично и не случајно во образложението ништо не се говори, зошто се предлага една ваква одредба за задолжително присуство на министерот за правда. Која е неговата функција таму. Да бдее над самостојноста на членовите на судскиот совет, да стражари над нивната совест, кого тие ќе предложат за судија, кога тука неговото мислење не е задолжително.

И понатаму, во вториот став вели дека, на седницата на Советот, во утврдувањето за избор и разрешување на судија, свое мислење дава министерот за правда и претседателот на Врховниот суд. Значи, задолжително е неговото присуство, а што е смислата на продолжителното присуство, ако тој дава само свое мислење. Може да даде и писмено, како што впрочем покажува практиката. Но, тоа не е толку голем грев, колку што ова што се предвидува во член 11. Во член 11 се вели: министерот за правда може да поднесе предлог за разрешуваше на претседател на суд, во Републичкиот судски совет, кога претседателот покажува незадоволителни резултати во вршењето на работата од судската управа. Значи, нешто што е исклучиво со Законот за Републичкиот судски совет е ставено во компетенции во Републичкиот судски совет. Такви овластувања министерот нема. Така не ја менувате неговата позиција, министерот за правда, мислам дека е апсурдно решението, да може тој да оценува работа на претседателот на судот. На било кој суд. Значи, има основа и Основниот и Апелациониот суд и Врховниот суд.

Мислам дека ќе се измешаат до крај работите, доколку се даде право извршната власт да диктира, односи во судската власт, а обратно, судската власт да нема инструмент на кој што ќе може барем да инсистира на сопствената рамнотежа на различните носители на власта во Република Македонија.

Мислам дека, ова е уште еден пример што покажува за обидот на извршната власт да се меша во самостојноста на судската функција, или на функцијата на Републичкиот судски совет. Предлагањето избор и разрешувањето на судии е во исклучителна надлежност на Републичкиот судски совет. Тука министерот за правда може да даде мислење, бидејќи еден дел од управната надлежност од администрацијата на судовите води, меѓутоа би требало да цени, врз основа на кои критериуми ќе цени министерот за правда дали некој претседател на суд ја врши совесно својата функција. А во надлежноста на Републичкиот судски совет, таксативно се наброени условите по кои може да биде разрешен некој судија.

Според тоа, молам при одлучувањето да се има предвид и сметам ова Собрание не смее да промовира принцип кој нашиот Устав не го дозволува. Да се почитуваат односите на рамнотежа на носителите на власта, извршната, законодавната и судската, ако сакаме да градиме правна држава, ако сакаме да се почитуваат прописите во Уставот и така натаму и да бидеме одговорен Парламент.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Тито Петковски, за збор се јави господинот пратеник Наќе Стојановски.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Тоа е еден специфичен пример, наместо чекор - два, одиме со километри наназад, тоа е мое длабоко уверување, отворање на мала врата за мешање на извршната власт во судската.

Инаку, јас да ви кажам искрено очекував во овој, или во наредниот период, во однос на зајакнувањето на самостојноста на судската власт, ќе се оди во сосем други решенија. На пример, во решението, кое за мене беше апсолутно прифатливо, дека изборот на судиите нема да го врши Собранието на Република Македонија, дека ќе се обиде тоа да го направи Републичкиот судски совет, во процедура, веројатно по усовршена од досегашното што беше и ќе се постигне поголем степен на независност на судиите и судството воопшто, од една страна, и од друга страна, за подобрување на материјално - финансиската положба, вкупната состојба на судиите и сите судски луѓе што работат во судовите, материјалната сфера на тие установи и така натаму, во смисла на формирање на независен судски буџет. Наспроти таквите најавени решенија, бараме решенија од меѓународната заедница, кој се предлагаат на некој начин, кој уште еднаш да повторам ја отвораат малата врата на присуството, односно директното присуство на извршната власт, во однос на решенијата и ингеренциите кои ги имаше надлежниот Републички судски совет.

Оттаму, јас ја искористив и можноста, како второ нагласување на ЗПК на предлагачот, дали овој закон бил во процедура пред надлежните европски институции, како што беше на пример основниот закон, кој што беше на Републичкиот судски совет, како една дополнителна гаранција за демократските решенија, во смисла на самостојност на судската власт во Република Македонија. Добив одговор дека можеби дека не бил во таква процедура и дека за тоа нема потреба. Дека таква процедура била во текот на промена на власта од една во друга, а сега можат да се вршат измени во законот

без соодветен увид во тие институции, што зборува уште еднаш за можноста на предлагачот, а преку предлагачот и на оваа актуелна власт, своите пипци да ги стави што повеќе на надлежностите на судската власт и ја стави под своја контрола.

Меѓутоа, тоа е една голема небулоза која ќе се случува во Парламентот, но се надевам дека јавноста во Република Македонија, веројатно и меѓународните институции кои сепак будно бдеат на она што се случува во РМ, после сите овие настани, ќе имаат свој инструментариум, да укажат на точноста на таквите решенија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на претходникот Наќе Стојановски, за збор се јави потпретседателот Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

По однос на објаснувањето членот 11, од постојниот закон, кој се менува дека во ставот 2 на седницата на Советот го определува предлогот за избор и разрешување на судија, свое мислење дава министерот за правда и претседателот на Врховниот суд.

Ако се говори за оправданост, претседателот на Врховниот суд има можност и потреба да дава мислење за разрешување на судија надвор од овие, независно од мислењето на судијата, тогаш имам поддршка дека има да се дава мислење. Но кога се дава генерално мислење за избор на судија и за разрешување, тој може да биде, а министерот да не може да биде со свој став. Ставот не е притисок, ставот не е новост, туку едно свое мислење, затоа што тој, судот додека не добие самостојност во финансирањето, да има свој буџет, апсолутно држи ова, министерот за правда може да даде мислење.

А, ако се добие апсолутна самостојност и изборот на судиите да се врши дали во судскиот совет или во друг орган што ќе се избере со Уставот, тогаш би било излишно да дојде мислењето на министерот, затоа што се работи за исклучиво одвоена власт. Ова вака да го сфатите, Собранието и извршната власт се две власти.

Меѓутоа, Собранието врши надзор, врши контрола над извршната власт. И, овде само се работи за мислење да или не. Не е сеедно на една заедница кој ќе биде избран судија. Не е сеедно. Веројатно, колегите од СДСМ, водејќи сметка за своето време кога мислењето било правило за налог, тогаш навистина ги оправдувам дека ова е мешање во внатрешни работи на третата власт.

Разликата е во сфаќањето на мислењето, а не мислењето. Човек, како човек може да изрази свој став по одредено прашање. Овде се лоцираме само на министерот како на функција. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на потпретседателот Стојановски Томислав.

Дали уште некој бара збор?

Повторно побара збор господинот Петковски Тито.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господине претседателе, мислам дека господинот Стојановски ја кажа клучната работа. Мислам, најопасната работа за самостојноста на судовите. Аргументацијата дека министерот за правда ќе присуствува на седница на Советот, затоа што ги дава парите е за самостојноста на судовите е катастрофална.

Пораката е следна - ако сакате да не почитувате, ќе добиете пари, а ако добивате пари, ќе судите како што ние ќе ви кажеме. Затоа се многу гласни заложбите за самостоен судски буџет, заради независност и самостојност на судовите. Судот не може да суди онака како што смета извршната власт. Присуството на министерот за правда може да биде онака како што говореше господинот Стојановски не задолжително.

Меѓутоа, аргументацијата - тој мора да биде таму затоа што дава пари, е погубна и за самостојноста на судството и за демократијата во Република Македонија. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам за сугестијата на пратеникот Петковски Тито.

Повторно се јави потпретседателот Стојановски Томислав.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас сум радосен што господинот Петковски кажа дека е тоа негово мислење. Ќе беше зло за мене ако тврдеше така.

И овде сакам, ако сакаме да говориме за притисок, дали господин Тито Петковски користејќи ја функцијата да гласа за избор на судија не му става на знаење, по неговото сфаќање, ако не суди како тој сака ќе го разреши во наредниот период по основите предвидени во законот? Или нестручност или нешто друго, несовесност. А, несовесноста е многу тешка квалификација за било која функција. Нестручноста се контролира, меѓутоа несовесноста е опасност, знае и намерно крши закон.

Поради ова, друго е да биде советодавно. Јас не сакав да кажам, затоа што се парите кај министерот. Па, парите се кај министерот и за Собранието. Но, тој не може да ни врши контрола, Има да каже е, вие прекршивте, повеќе потрошивте или не, што ќе правиме. А не вака ќе работите, затоа

што јас ви давам пари. Нека се напушти таа теорија на сомневање, теорија на зло, теорија на црно. Да се гледа отвореност, ќе каже некој свое мислење, ние овде се почитуваме еден со друг и си ги кажуваме своите мислења. Некој остане при мислење, некој донесе заклучок и т.н.

Поради ова, мој е заклучок да не правиме од се црно и само ние сме исправни што седиме овде, другите се сите виновни.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот потпретседател Стојановски Томислав.

Имате повторно право на реплика, повелете господине Петковски.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Точно е тоа дека Собранието ги бира судиите.

Меѓутоа, Собранието може да разреши судија само по предлог на Републичкиот судски совет. Таму се наброени таксативно причините поради кои може да биде разрешен судија.

Според тоа, не можеме ние сами да поведеме иницијатива за разрешување на судија, туку тоа може да го направи Републичкиот судски совет. Според тоа не треба да се мешаат работите, да се пренесуваат генерално, ако Собранието бира, може во секој случај и поради причини што тоа ќе ги најде за потребни, во даден момент, да разреши судија. Тука е разликата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Уште една реплика има господинот Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Токму тоа и го реков, да не гледаме во се црно, туку да имаме одговорност. Ако беше по истото правило кај Судскиот совет ние го избираме.

Сега значи ако не можеме само судијата и двајцата одеднаш ќе ги тргнеме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За збор се јави пратеничката госпоѓа Марковска Ѓулистана.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Би сакала да кажам дека во еден дел се согласувам со претставниците од опозицијата, затоа што присуството на министерот како дел од извршната власт може да значи еден вид притисок, да биде прифатен како таков.

Меѓутоа, ако земеме дека се работи сепак за човек кој во својата работа комуницира и со странки кои имаат бројни - бројки забелешки на судската власт, бидејќи сепак се работи за еден од органите на извршната власт кој комуницира со странки, што комуницира непосредно со граѓани, што преку пратениците, што непосредно. Сепак, тој како министер има одредени сознанија за работата на судиите.

Можеби е во ред барањето неговото мислење да биде, сигурно и јас го прифаќам како такво, не не обврзувачко, туку да се прими на знаење дека тој има одредени сознанија за работата на некој судија и ова што е присутно во Предлог - законот го прифаќам само како такво.

Инаку, било која друга форма што би била обврзувачка, од аспект на тоа дека не може некој да биде разрешен ако за тоа изрично не стои министерот, за мене би било мешање на лончињата, односно мешање во работата на судската власт.

Ова го прифаќам од тој аспект, како позитивен чекор.

Доколку во праксата се наметне друг тип на решение, како што судскиот совет како самостоен орган, може да алармира до ова Собрание, мислам дека може да дојде до Предлог - измена на постојното решение. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

И благодарам на госпоѓата пратеник Марковска Ѓулистана.

Сега се јави господинот пратеник Спасов Ѓорѓи.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Мислам дека никој не го доведува во прашање правото на министерот да дадам мислење до Републичкиот судски совет, во врска со изборот на судиите. И до сега беше таква праксата и таквото давање на мислење не е обврзувачко и не може да претставува никаква форма на притисок со оглед на тоа што Републичкиот судски совет ги избира судиите на седница со тајно гласање, со мнозинство на гласови на членовите на Републичкиот судски совет. Мислам дека во краен случај таа пракса е добра и добро е да остане во Македонија.

Меѓутоа, овде се инсистираше на тоа дека нема потреба да се внесува во законот задолжително присуство на министерот на седницата на Републичкиот судски совет. Тоа е сосема друга работа. И до сега министерот за правда можеше да даде мислење по писмен пат или ако сака да присуствува на седницата и т.н.

Сметам дека тоа нема потреба да добива таква императивна форма, со што би се обезбедило такво присуство на министерот.

Втората работа што сметам дека претставува чекор назад, дали по однос на она што го досегнавме, тоа е што сега се дозволува правото на министерот за правда да порекнува постапка за разрешување на

претседател на апелационите судови.

Сметам дека тоа е лоша пракса, со оглед на тоа што Републичкиот судски совет, напротив, донесе една посебна постапка низ која се утврдува процедурата што може да биде основ за покренување на одговорност, па дури и разрешување на било кој судија или претседател на судот. Таа постапка е дефинирана, јавна, објавена и обезбедува целосна заштита на судиите и на претседателите на судовите од така наречените, не проверени информации и вршење на не основани политички притисоци врз судиите и претседателите на судовите.

Ако сега воведеме пракса министерот за правда да има можност самиот да покрене таква постапка, или како што веќе имаме пракса во Македонија таквата постапка уште и јавно да се објави и пред да бидат собрани релевантните елементи или аргументи за таквата постапка, тогаш би можеле, навистина да се доведеме во една голема опасност, министерот за правда кој секогаш доаѓа од некоја политичка партија, под влијание на некаков политички притисок, таквото сопствено овластување да може политички да го злоупотреби.

Оттаму, независно колкава доверба имаме во министрите за правда или во партиите што ги поставиле, сепак мора да направиме едно оградување, односно оневозможување, со помош на законот да им се дадат такви овластувања, бидејќи во основа тоа ќе значи, навистина голем чекор назад во однос на обезбедувањето независноста на судството што е услов за функционирање на една правна држава.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

МУ благодарам на пратеникот Спасов Ѓорѓи.

Му давам збор на господинот заменик министер Бајрам.

Положани да ги образложи неговите размислувања, во врска со сугестиите што беа дадени.

**БАЈРАМ ПОЛОЖАНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, бидејќи се работи за Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за Републичкиот судски совет, а како причина за неговото донесување и начелата врз кои се заснива овој Предлог на закон, како и образложението што е дадено за основот од Деловникот на Собранието за донесување на овој закон по скратена постапка, јас не го искористив моето право да се произнесам по однос на некое по блиско објаснување, во однос на содржината на овој закон.

Сега, бидејќи сме во расправа, а посебно поттик за излегување на говорница ми даде дискусијата на господинот пратеник Тито Петковски, а особено посебно дискусијата на господинот Ѓорѓи Спасов.

Прво, во образложението на законот за изменување и дополнување на Законот за Републичкиот судски совет, јасно се нагласува дека Законот за Републички судски совет донесен многу одамна пред да се донесе Законот за судовите, што е многу значајно, значи со одредени измени и дополнувања се вршат одредени усогласување во постапката за начинот на доаѓање до критериуми за избор на судии, значи мора да се извршат усогласувања со Законот за судовите, затоа што е донесен 5 години подоцна од Законот за судовите, Тоа е едно.

Второ, по однос на предложеното решение за присуство на министерот за правда на седници на Републичкиот судски совет, прво, што се однесува до зборот "задолжително" сосема е прифатливо и мислам дека на ЗПК е тоа посебно изложено и има амандман и јас на самата седница на ЗПК се согласив дека е помалку не функционално да се определи обврска на министерот за присуствува некаде, па дури и со закон да се задолжи неговото присуство. Оттука, сосема е природно да се отфрли зборот "задолжително". Меѓутоа, да присуствува на седница на Републичкиот судски совет кога се определува изградба на критериуми, врз основа на Законот за судовите, за избор на судии, не гледам некое навлегување во однос на независноста на судскиот систем. Сегашното решение во законот е дека министерот дава мислење и сега тој го дава или писмено и дури се поканува на седници на Судскиот совет. Значи, една пракса е сега вградена во едно решение да присуствува. Зборот "задолжително" секако ќе отпадне, бидејќи веќе на самата седница го прифативме амандманот.

По однос на тоа дека навистина се задира во независноста на судскиот совет, со самиот факт дека министерот за правда сега може да предложи разрешување на претседател на судови, навистина тоа најмалку го очекував од еден пратеник кој ја вршел функцијата министер за правда. Можам да ве уверам дека Министерството за правда и министерот за правда во Република Македонија споредувајќи ги со надлежностите што ги имаат министрите за правда во сите земји во транзиција во овој регион, ќе видите дека, навистина, најмалку надлежности има во однос на судскиот систем. Дури и никакви. Дури и називот што го имаме како Министерство за правда е навистина во тој поглед доста осиромашен. Нема никакво влијание.

Бидејќи со законот за судовите, претседателот на судовите има надлежности по однос на судската управа, а надзорот на судската управа го врши Министерството за правда, зарем тука министерот за правда да не може да изврши контрола во однос на судската управа, што му е на крајот на краиштата и уставна и судска надлежност конечно определена. Тука министерот за правда не го предлага разрешувањето на претседателот на судот директно во Собранието. Предлог до Републичкиот судски совет да се разреши претседателот на судијата, тоа не значи дека тој не ќе остане пак судија.

Значи, во ниту еден момент не доаѓа во предвид дека со самото иницирање дека постапката за разрешување на претседател на суд, поради слабостите во вршењето на неговата функција во судската управа, тогаш навистина што му останува на министерот за правда? Не знам на кој начин може министерот за правда, кој инструмент го има во управниот надзор по однос на судската управа. Упоредете ги надлежностите на министерот во било која земја во транзиција, да не зборувам за земјите со развиена демократија и конзистентен правен систем.

Со една група на судии на Република Македонија имав можност неодамна пред месец дена да престојувам на едно студиско патување во Германија и Холандија, разликите во надлежностите на министерот се огромни. Дури досегаат и до обвинителството и до другите алки на судскиот и правосудниот систем. А, овде, навистина, не знам зошто министерот за правда да не може да иницира постапка пред Републичкиот судски совет? Пак ако, што можеме да преземеме ние кога ќе извршиме еден управен надзор, на пример во судската администрација. Дури, во Бугарија имате и судска инспекција во Министерството за правда. А, ние имаме некои работни групи во секторот за судови. Треба да отидат и да видат, на бројни претставки. Јас секој петок примам странки дури и други денови не можам да се ослободам од странки само за слабости во судската управа. Ако овој инструмент на министерот за правда не му го обезбедиме, тогаш не знам што. Ви благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на господинот заменик министер за правда.

Дали уште некој бара збор? (Не бара).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и пред да му предложам на Собранието заклучок ги молам сите пратеници на влезат, бидејќи се сомневам дека имаме 61 пратеник. Нека влезат пратениците и нека ги заземат своите места.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Почитувани пратеници, вас ве чекаме да влезете.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за Републички судски совет.

Ве молам да гласаме.

Од 66 пратеници, 55 пратеници гласале за, 11 против и воздржани нема.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

Од 64 пратеници, 54 пратеници гласале за, воздржани нема, 10 пратеници се против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на член 2 став 1, член 4, член 6, за менување на места на членовите 6 и 7, за менување на член 10 и на член 11 став 1 и 3, со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на закон.

Комисијата за внатрешна политика и одбрана поднесе амандмани на член 4 и на член 10, со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на закон.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Од 64 пратеници, 52 пратеници гласаа за, воздржани нема, 12 пратеници се против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за Републички судски совет.

Преминуваме на 7 точка - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за спортот, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, дали некој бара збор?

Има збор министерот за млади и спорт, господинот Ѓеорѓи Боев.

**ЃЕОРЃИ БОЕВ:**

Почитуван господин претседател, почитувани пратеници, после храмовите на просветата и верските храмови, спортските објекти исто така на многу помал простор собираат голем број на субјекти, кои спортски објекти според некои стандарди мора да одговараат за да можат да се користат за натпревари во рамките на Републиката или надвор од неа, односно на меѓународни натпревари. По тој повод, државата е должна правилно да стопанисува со нив, да ги одржува и да може истите да ги даде во употреба.

По тој повод особено сум задоволен што на денешната седница на Собранието на Република Македонија имам можност да ви го претставам Предлогот за донесување на законот за изменување и дополнување на Законот за спортот, со Предлог на закон, што претставува заокружување на еден дел од обврските на Владата на Република Македонија.

Постојниот Закон за спорт е донесен во месец февруари 1996 година, но како што се гледа од образложението на Предлогот на законот прашањето за стопанисување со објектите за спорт остана нерегулирано, од причина што во тоа време не беа создадени правни претпоставки за неговото оптимално решавање. Под тие околности, прифаќајќи ја информацијата за актуелната состојба со стопанисување со објектите за спорт во Република Македонија, Владата на Република Македонија на својата седница од 27.04.1998 година со заклучок го задолжи Министерството за образование и физичка култура, сега Министерство за млади и спорт, да подготви и да достави Предлог за изменување и дополнување на Законот за спорт, а во врска со стопанисувањето на објектите за спорт.

Сериозноста на прашањето, која пред се произлегува од значителната материјална вредност на објекти за спортот, како и заради состојбата на нивното стопанисување од различни субјекти, како што се спортски здруженија, работни организации и други правни лица, веќе не остава простор за егзистирање на истите, така што е неопходна радикална промена која се нуди со овие измени и дополнувања на Законот. Оваа фаза на развојот на општествено - економските односи во нашата држава како најоптимално решение за стопанисување со објектите за спорт пред себе ќе има основање јавно претпријатие, кое повторно нагласувам пред себе ќе има сериозна и одговорна работа од причина што ќе треба да стопанисува со сите објекти од кои правно во сопственост има Република Македонија.

Поведената иницијатива за измени и дополнување на Законот за спорт беше повод да се вградат и одредени подобрувања на одделни одредби кои се резултат на сознанијата до кои се дојде од досегашната примена на Законот. Тука особено се мисли на постапката за издавање на решението за вршењето дејност спорт, особено на спортските сојузи на Републиката.

Во оваа прилика морам да споменам дека за жал ја имавме и состојбата на регистрирање паралелни сојузи во иста спортска гранка, што негативно влијаеше во развојот на спортот како во нашата држава, така и на неговото меѓународно претставување. За пример да ги наведам досегашните состојби во карате спортот, но за наша радост сега пред неколку дена тој проблем се реши.

Сега со предвидените измени и дополнувања се надминуваат не дореченостите, односно се создаваат претпоставки за елиминирање на можноста за појава на состојби слични или исти на досегашните. Во таа функција е заострена казнената политика, но не со мотив репресија, туку дисциплинирање на субјектите во спортот, а се во интерес на интензивирање на неговиот раст. Неопходни беа измените и дополнувањата кои се во функција на усогласување со Законот за трговски друштва и Законот за здруженија на граѓани и фондации, кои со својата содржина допираат одредени прашања од сферата која ја регулира овој закон.

Вака понудените измени и дополнувања на Законот за спортот верувам дека истиот ќе го направат уште поквалитетен, а со тоа и инструмент во функција на развој на дејноста.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на министерот за млади и спорт Ѓорѓи Боев.

За збор се јави господинот пратеник Горанчо Трајков.

**ГОРАНЧО ТРАЈКОВ:**

Почитуван претседателе, претставници на Владата, јас би сакал само да дадам одредени сугестии до Министерството за млади и спорт, кои кореспондираат со предложениот закон.

Поголем дел од ново формираните општини, а дел и од старите општини воопшто немаат изградено соодветна инфраструктура за обавување на спорт. Јас конкретно би кажал за мојата изборна единица. Во неа спаѓаат општината Виница и ново создадената општина Оризари, а секако овде е и ново формираната општина Блатец.

Во овие општини има вкупно пет основни училишта и една гимназија, а во ниту едно училиште нема спортска сала. Што е уште пожално немаме ниту градска сала, а да биде уште поголема иронијата морам да кажам дека градска сала во Виница е почната уште пред 27 години и се уште не е завршена. На една од претходните седници веќе зборував за негативните последици од недостаток на овие објекти и денес затоа не би сакал да зборувам, меѓутоа би апелирал на следното до Министерството за млади и спорт, а тоа е дека треба под итно да изготви стратегија за начинот и динамиката на изградба на соодветна инфраструктура, за да се создадат услови за нормален развој на спортот на територијата на целата наша држава. За спортот не би сакал посебно да зборувам, тоа е за третманот на спортот во сите развиени западно - европски земји.

Сега би сакал да спомнам нешто за начинот и динамиката на изградбата на оваа инфраструктура. Динамиката не е некој поголем проблем, би се направила, меѓутоа начинот за изградба на спортска инфраструктура е доста деликатен и по мое мислење и по мои сфаќања би требало Министерството за млади и спорт да биде и координатор, кој би опфатил повеќе делови. Тоа се пред се координација со локалната самоуправа, координација со Министерството за здравство и секако со надворешни организации како би можело да се изградат овие спортски објекти. Доколку дојде до изградба на спортски објекти, секако не би можел да се согласам со тоа каде би се граделе такви објекти, доколку би се дошло до прескокнување на општините и поголемите центри, каде што воопшто нема спортска сала. Јас можам да се согласам со тоа дека условите се лоши за работа во поголемите градови, да речеме во Скопје, меѓутоа мораме сите да се согласиме дека кај нас воопшто нема услови. Значи, не се работи за лоши услови, туку се работи за немање на услови.

Затоа, сметам дека е неопходно итно изградување на ваква стратегија, за да можат младите што поскоро да добијат можност и од овие општини да се занимаваат со спорт, да станат спортисти, да постигнуваат добри резултати, да ја афирмираат и општината и државата и пред се да им дадеме шанса на младите да избираат меѓу здрав живот и живот исполнет со разни мамки и опасности.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Горанчо Трајков.

За збор се јави господинот пратеник Вангел Симев.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Почитуван претседател, почитувани претставници на Владата, дами и господа пратеници, за прв пат во оваа парламентарна сала се зборува за спортот. Многу ми е драго, бидејќи спортот спаѓа во една од најважните споредни работи на светот. На некој начин сите директно или индиректно сме инволвирани во спортот, некои од нас ја креираме политиката, други сме слушатели или гледачи на спортот. Со сигурност треба да преземеме и да му помогнеме на спортот. Би тргнал од една поговорка: спортот е огледало на секоја држава. Дека е точно тоа би го поткрепил со неколку аргументи. За најкраток временски период може да се афирмира државата точно преку спортот.

Спортот во голема мера придонесува за одбранбената моќ на секоја држава. Спортот во голема мера ја зголемува продуктивноста. Спортот во голема мера придонесува работоспособноста на луѓето да се зголеми до касните возрасни големи. Спортот во голема мера придонесува да се отстранат современите болести на денешната цивилизација. Спортот формира позитивна личност и што е најважно, спортот спаѓа во една од најдоходовните гранки. Тоа со сигурност можам да го потврдам, во нашата земја спортот барем овие неколку години е најдоходовната работа, единствена гранка која работи без загуби. Тоа е спортот. Само да земеме за пример неколку фудбалери кои во овој период спаѓаат во најдоходовните дејности. Имено, со секое нивно излегување надвор од нашата земја се враќаат со, повеќе милиони марки.

Би го поделил спортот на два дела, тоа е една глобална поделба: на индивидуален и колективен, за да имаме подобра претстава. Го делам спортот затоа што спортот кај нас мора да добие одреден приоритет. Ние како држава сме мала и сиромашна држава, не смееме да финансираме подеднакво во сите спортски

дисциплини, туку затоа треба да дадеме приоритет. Индивидуалните спортови претежно спаѓаат во спортови кои полесно можат да ја афимираат нашата нација, но затоа се поврзани со големи трошоци на средства, патувања. Додека колективните спортови спаѓаат во спортовите каде многу лесно може да се заработи, и сметам дека оваа земја може целокупните средства кои треба да ги инвестира во спортот може да ги заработи од колективните спортови како што се фудбалот и кошарката. Од тие причини, треба да се инвестира во овие спортови.

Во овој момент, врз основа на искажаното, сакам да му искажам голема благодарност на министерот за вложениот труд и што за ова кратко време успеа да го постави овој закон, Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за спорт. И покрај тоа што министерот напомна дека насоката, односно акцентот е ставен на објектите за спорт, кои се наоѓаат во незавидна положба, без правни норми за да бидат заштитени. Верувам и убеден сум дека на некого до сега барем така му одговарало да нема заштитна мерка, некој од тие објекти профитирал дебело или перел пари, па затоа добро е што се ставаат во тие законски рамки.

Целта на овој предлог на закон е создавање правни норми за стопанисување со објектите. За таа цел се формира и јавно претпријатие. Пред неколку дена, во Комисијата за спорт имавме исто така расправа и за членот 24, поточно за стручните кадри, кој беше двосмислен. Успеавме да најдеме заеднички јазик со Комисијата и со министерот, да ги измениме тие недостатоци, да не се толкува законот онака како што не треба, поединци да не го злоупотребуваат и на тој начин во голема мера ќе придонесеме да се регулира стручните кадри кои можат да работат во спортските сојузи.

Идеален закон сигурно не постои. Но, поаѓајќи од моето познавање на министерот, верувам и убеден сум во неговата доследност и принципиелност дека овој закон ќе успее да го спроведе. Законот ќе има ефект само ако се спроведува, без разлика како ќе биде напишан. Јас верувам во него дека ќе успее овој закон да заживее и еднаш за секогаш спортот да се постави на здрави нозе. Затоа, му посакувам многу среќа и успех во работата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Вангел Симов.

Имаме уште двајца дискутанти по оваа точка.

Има збор господинот пратеник Трајко Гешоски.

**ТРАЈКО ГЕШОСКИ:**

Почитуван претседател, почитувани членови на Владата, почитувани пратеници, со Законот за спорт ("Службен весник на Република Македонија" број 7/96) прашањето за стопанисување со спортските објекти се остави отворено, со упатуваше на потреба од донесување на посебен Закон за користење, управување и располагање со објектите за спорт што не се во приватна сопственост, со Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за спорт. Со овој Предлог на закон се предвидува спортските објекти кои не се во сопственост на локалната самоуправа и приватните објекти, а се во сопственост на Република Македонија да потпаднат под ингеренција на Министерството за млади и спорт, односно Владата на Република Македонија основа јавно претпријатие за стопанисување со објектите за спорт. Со тоа сметам дека се стави еден ред во функцијата на многу спортски објекти, нивното одржување и функционирање. Ќе изнесам само еден пример. Спортската сала "Македонија" од Прилеп, која беше опожарена 1963 година и која е скоро до темел изгорена, се успеа некако да се изгради и за ставање во функција на оваа спортска сала се потребни околу 500 илјади марки. Поминаа три години, оваа спортска сала е во иста функција, не може никако да се доизгради затоа што нема стопан на оваа сала. Мислам дека со формирањето на јавното претпријатие за стопанисување со спортски сали се успеа и за кратко време овој спортски објект да се даде во функција на спортистите.

Дејноста на ова јавно претпријатие за спорт се состои во инвестиционо и тековно одржување на спортските објекти, користење на објектите за спорт, утврдување на висината за закуп, планирање и изградба на нови објекти и вршење на други дејности.

Од досегашната примена на законот стекнати се одредени искуства во однос на донесување решение за вршење на дејност во спортот, особено кога требаше да се примени став 4 од член 10, односно да се верифицира работата на еден спортски сојуз во една спортски сојуз во една спортска гранка. Појавата на непочитување на оваа одредба од законот резултираше регистрирање на повеќе спортски сојузи. На пример, како што изнесе министерот, имаме неколку години паралелни сојузи на карате, кои сами за себе работеа и не можеше никако да се реши оваа енигма.

Поради тоа беше неопходно вградување инструмент со кој во иднина однесувањето на субјектите кои не ја почитуваа одредбата на член 10 да може да се санкционираат, со тоа што ќе се поведе постапка пред соодветниот надлежен суд и таквото здружение ќе се избрише од регистарот.

На крајот би се осврнал на еден проблем на една појава, која се уште е присутна во спортските клубови, оние од понизок ранг. Здравствената контрола на спортистите со закон е предвидено да се обавува пред почетокот на натпреварувачката сезона. Контролните прегледи ги врши доктор специјалист по спортска медицина, а онаму каде што ги нема овие специјалисти треба да ги врши доктор од општа пракса и интернист.

Се уште има случаеви спортски легитимации да се потпишуваат бланко, да се потпишуваат и во кафана на маса, со алкохол и од нестручни доктори односно без основните лабараториски анализи, без контрола на бели дробови, бубрези и т.н. И поради тоа сведоци сме на чести трагедии кои се случуваат на нашите терени. Имаме неколку случаеви млади спортисти да умрат на самиот терен.

Предлагам Министерството за спорт да се изврши контрола дали, иако овие прегледи и легитимации се заверени, да се направи една контрола дали се има анализи или се така бланко потпишани од нестручни лекари и спортски раководители.

Јас го поздравувам овој предлог на закон и ќе гласам за него.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Гешовски Трајко.

Има збор господинот пратеник Стојковски Благој.

**БЛАГОЈ СТОЈКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, сакам да се искажам по едно прашање од измените на Законот за спорт, прашање кое според мене е иницијално, кое доведе до тоа да се предложат овие измени на Законот за спорт.

Не сакам да зборувам дека со овој закон ќе се обезбедат средства за изградба на спортски сали и т.н., бидејќи не гледам дека Законот пружа таква можност за обезбедување на средства и за инвестирање во спортските објекти. Јас очекувам дека сите пратеници овде кои сме од мнозинската листа 85 сме, оние 85 спортски сали, сигурно една од тие 85 ќе биде во мојата изборна единица изградена.

Сакам да кажам за објекти кои веќе се изградени и да искажам свое мислење за овие спортски објекти кои се и есенцијален сегмент за остварување на дејноста спорт и особено за развој на оваа дејност.

Многу од овие спортски објекти се изградени со самопридонес од граѓаните на локалните самоуправи. Со делбениот биланс на Република Македонија, со локалните самоуправи, некои од овие објекти иако се изградени со самопридонес на граѓани од локални самоуправи, почитувајќи го интересот на Републиката се ставени во Републички објекти како објекти за кои Републиката ќе води посебна грижа. За водење грижа за овие објекти, со предлогот за измените на Законот се предлага и основање на јавно претпријатие за стопанисување со спортските објекти. Тука сакам да искажам свое мислење дека мора да водиме сметка дека не станува збор за јавно претпријатие електростопанство кое продава електрична енергија, не станува збор за телеком, станува збор за спортски објекти кои во светот и во Европа имаат своја градација на објекти кои можат да работат пазарно и објекти кои мора да му служат на младиот човек, мора да му служат на спортистот, а за кои грижа води Република Македонија.

Овде мора да кажам дека се тоа со законот е кажано, основање на јавно претпријатие и искажана дејноста на тоа јавно претпријатие.

Со член 43-г е кажано дека средства за работење и развој на јавното претпријатие се обезбедуваат од приходи кои ги остварува јавното претпријатие со сопствено работење од кредити и други извори. Во самата дејност е кажано што може да работи јавното претпријатие. Ако погледнеме кои приходи ќе се остварат со сопствено работење недвосмислено бе дојдеме до следното:еден извор од тие приходи е и од издавање на деловен простор под закуп, но за тоа треба спортскиот објект да има локација интересна и привлечна за закупнина. Ако нема ќе нема средства. Понатаму организирање на други приредби. Исто така сведоци сме дека многу малку можат тие спортски објекти да организираат други приредби, па од нив да остваруваат и посебни приходи, или организирање на рекреативни дејности во претпријатие, кои за жал во многу мала мера се остваруваат така да и тука многу мали приходи ќе има во ова јавно претпријатие. Останува една единствена работа во прибирање на приходи, а тоа е прибирање од субјекти на спорт. Субјекти на спорт се спортски клубови и спортски здруженија. Тоа значи дека сега се наметнува размислување дека спортските клубови што ги користеа спортските објекти изградени со

самопридонеси, без надокнада преку сојузите за физичка култура кои сојузи за физичка култура ги финансирање преку Министерство, порано за образование и физичка култура, сега преку Министерството за спорт и млади.

Останува тоа дека, за користење на овие објекти клубовите ќе мора да плаќаат надоместок за одвивање на своја спортска дејност, било тренинзи било одржуваше на спортски натпревари, а вистината е таа дека многу спортски клубови одвај составуваат крај со крај, бидејќи скоро сите се спонзорирани од разни спонзори, граѓани и други донатори за тие да опстојуваат. Со воведувањето на уште една давачка за надокнада за користење на спортски објекти многу спортски клубови ќе се најдат во многу тешка финансиска состојба и наместо да имаме развивање на спортот, ние ќе имаме откажување или згаснување на многу спортски клубови.

Сметам дека со преземање и утврдување на републички интерес на некој спортски објекти, се мисли повеќе на спортските сали, Републиката мора да изнајде и средства за нивно одржување, како што беше и досега. Со формирање на јавни претпријатија не може Јавно претпријатие да биде финансирано од Буџетот. Досега сојузите за физичка култура во чии склоп беа и овие објекти, беа

Финансирани од министерствата на државата Македонија. Останува, за да може да се одвиваат спортски приредби, за да може да опстојуваат спортски клубови, граѓаните ќе мора да издвојуваат поголем дел на средства во локалните самоуправи, биле тие средства да се собираат преку билети или преку нешто друго, за да можат да одат на натпревар во кошарка, ракомет, фудбал и слично, а сигурно ќе бидеме во можност или не можност да опстојуваат клубови кои немаат лига, такмичење, а тоа се малите спортови, меѓутоа спортови кои на РМ во минатиот период и донесоа голема афирмација како држава Македонија.

Меѓутоа, поради непостоење на лига натпревари, не можност да се остваруваат средства немање да се платат закупнини за тренинг на сали, тие ќе бидат доведени во една неповолна состојба. Никаде во Законот, барем со нешто не е регулирано и ова прашање. Останува според мене тоа дека Републиката во овие објекти ќе има раководен и управен одбор, меѓутоа опстојувањето на спортските клубови и спортските здруженија ќе биде на товар на граѓаните од локалните самоуправи.

Овде не сакам да го потенцирам прашањето за вработените во овие спортски објекти, кои своите лични доходи до сега ги остваруваат преку Сојузот за физичка култура. За мене тоа прашање е секундарно. Битно е опстојување на спортските здруженија и клубови, кои според мене претставуваат најдобро место за собирање на младите за нивно спортување, за собирање на млади кои ќе бидат отргнати пороците на последните години. Сметам дека ќе мора во овој период што предстојува натаму до стапување на законот во сила, да се направат напори што поголем број на млади луѓе да можат да дојдат во спортски објекти, можат да дојдат во спортски објекти без да плаќаат надомест, бидејќи тие се млади и таквите средства ги немаат. Јас сум за тоа спортските објекти да бидат отворени за младите, да се обезбедат средства и да ги привлечеме младите што повеќе, а не на ваков начин како што е кажано во член 47-г кои се можностите за обезбедување на средства ќе предизвикуваме оддалечување на младите од спортските објекти.

За жал се плашам дека ќе ги доведеме и спортските објекти во тешка состојба, а мора па кажам пека тешко ги изградивме и тие за сите нас претставуваат голем капитал.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Стојковски.

Има збор пратеникот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине претседателе, почитувани колеги, би сакал да укажам на неколку евентуално, проблеми кои можат да произлезат од вака компонираниот Закон за спорт во одредени делови.

Се нудат измени на Законот за спорт во кои покрај промени во одредени членови, една од по сериозните промени која се нуди е нудење на извесно решение за регулирање на користењето, управувањето и располагањето со објектите за спорт кои постојат во Република Македонија, а кои на некој начин се во некаква пара државна сопственост и во овој момент останатите во сопственост на РМ кои беа во пара државна сопственост, сега се сопственост на РМ.

Овој закон за спорт се донесе како закон кој не беше оптоварен со таа проблематика и во член 63 уредуваше, од се уште постојниот закон дека за оваа намена ќе се донесе "посебен закон". Сега со измените на овој закон тој член е изменет, практично избришан затоа што во одредбите во Глава VIII, објекти за спорт се додаваат голем број на нови членови за кои голем дел од пратениците дискутираа, се уредува начинот на стопанисување со тие објекти и

формирање на Јавно претпријатие за стопанисување со објекти за спорт.

Би сакал да укажам на следново, што мислам дека министерот, Министерството или Владата, сеедно, би требале да го имаат предвид.

Читајќи го начинот на кој сега се уредува управувањето со објектите за спорт кои, повторно ќе нагласам, мислев дека можеби е подобро да се предмет на посебен закон кој не се однесува за спортот, туку се однесува за економизирање на спортски објекти. Би сакал да упатам евентуално да слушнам од министерот, какво е неговото видување по тие проблеми кои може да произлезат. Имам впечаток кога разговараме за спорт дека најчесто и во Законот ги третираме така наречените масовни спортови, популарни спортови кои и во најголем дел го предизвикуваат вниманието на јавноста.

Меѓутоа дозволете да укажам дека на пример во Македонија исто како и голем број на земји, постојат спортови кои се викаат спорт, спаѓаат под Законот за спорт, се во рамките на спортските сојузи, меѓутоа имаат некои специфични карактеристики. Се работи за спортови како што се автомобилизмот и мотоциклизмот. Тоа се два спорта кои можат, по Законот за спорт се подведуваа до сега, меѓутоа со членовите кои ги уредуваат објектите за спорт и некои одредби како тие се изградуваат, може да дојде до сериозни евентуално проблеми, па би сакал да слушнам од министерот за спорт, како он ги толкува следниве одредби: на пример за проектирање и изградба на објекти за спорт досега само се пропишуваше дека треба да се применуваат посебни услови кои се однесуваат на функционалноста, опремувањето, техничките нормативи, стандарди и така натаму на овие објекти. Сега законот оди во правец на до нормирање, по мое лично уверување пре нормирање на односите и кога веќе се уредуваат односите се пре нормираат, премногу се пишува што се треба па се направи, Тогаш се доведуваме во опасност како во случајот со автомобилизмот и мотоциклизмот, кои се регистрирани спортови во Македонија, тоа да не може да се вклопи. На пример во новиот член 43 ваквата одредба се дополнува и вели дека министерот, се подразбира веројатно на министерот надлежен од спортот, согласно со министерот кој раководи со органот на управа надлежен за работите од областа на градежништвото и урбанизмот, ќе ги утврди посебните услови кои се упатуваат на ставот 1 од истиот член и продолжува што се однесуваат на функционалноста, опремување и безбедност на објектите за спорт.

Сакам да упатам на следното. Кога веќе ги нормираме вака надлежностите со наименување на посебните услови со посебни министерства, би сакал да слушнам дали евентуално не би требало да се размислува дека за одредени спортови во овој конкретен случај автомобилизмот и мотоциклизмот, дека тие услови кога се пропишуваат мора да се во согласност и со Министерството за сообраќај и врски, Министерството надлежно за работите во врска со сообраќајот. Сега јас не можам да навлегувам во сите спортови, меѓутоа претпоставувам дека можат да произлезат проблеми ако за секој спорт министерот за спорт само со министерот за градежништво и урбанизам ќе ги утврдува посебните услови.

Уверен сум и тврдам дека во автомобилизмот и мотоциклизмот посебните услови треба да ги утврдува и Министерството за сообраќај. Значи деталното нормирање овој пат вклучува, веројатно кај некои други спортови може да се вклучат и дополнителни проблеми од тој карактер, затоа што се однесува за безбедноста, дека тој спор се одвива на специјализирани, меѓутоа и на постојни јавни патишта кои се пренаменуваат во одредени периоди за одредени градски, меѓуградски или регионални патишта.

Би сакал тука да го слушнам мислењето на министерот и евентуално ако е пропуштено барем усмено да го потврди како политика која ќе се води, кога веќе не се пропишува.

И второ членот 43-в. Мислам дека се однесува по генерално, меѓутоа се однесува и сферата на автомобилизмот и мотоциклизмот. Имено, членот 43-в уредува, објектите за спорт што не се во сопственост на државата, а се во сопственост на единиците на локална самоуправа, управуваат локалните единици на самоуправа, а со објектите за спорт во приватна сопственост стопанисуваат сопствениците.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:** (Продолжение)

Имено, се работи за една многу поширока дискусија која не го опфаќа само спортот, меѓутоа кога веќе поименично се наведени двата вида на сопственост над кои државата нема право, тогаш мислам дека треба или заслужува внимание кое мислам и го надминува ресорот на спорт да се каже што со сопственоста врз објектите кои се сопственост на здружение на граѓани согласно овој закон, врз основа на кој се регистрираат и спортските субјекти. Имено, локалната самоуправа има своја сопственост, приватната сопственост е уставна категорија, сопственоста на

здруженијата на граѓаните не е регулирана во овој закон поименично, а другите две се поименични.

Би сакал да прашам дали тоа значи ако постои некаква стаза за автомобилски или моторциклистички натпревар, а се наоѓа во сопственост на спортскиот клуб кој не е приватна сопственост, меѓутоа кој не е ни сопственост на државата, туку е здружение на граѓани чиј статус во овој момент се уште и по други основи во оваа држава не може да се реши дали е приватна или каква сопственост.

Дали министерот за спорт смета дека ова би било евентуално доволна основа Владата, односно министерот за спорт во овој или во некој друг состав да преземе мерка за подржавување на таквиот вид на објекти, кои не се ни локални ни државни, не се ни приватни, едноставно се на здружение на граѓани. Често тоа се во сферата на автомобилизмот и на здружение на граѓани кои извршуваат јавни овластувања по други сфери, а се регистрирани за спортот автомобилизам, кои се поврзани со законот на здружението за автомобилизам - АМСМ, кој извршува јавни овластувања од Владата. Значи дали може да се протолкува кога веќе не е тука може да биде подведување под подржавување и преземање на такви стази кои постојат.

Кога веќе отворивме расправа за спорт, би го упатил министерот да размисли дали на Македонија, кога веќе формиравме јавно претпријатие во евентуална политика на Владата која би ја водела не би нашол засходно една од стазите во Македонија да ја оспособи, евентуално и да ја откупи државата и со тоа да овозможи Македонија на трајни основи да го финансира одржувањето на моторциклистичките трки, затоа што оваа година се соочивме со проблем, една европска трка која редовно се одржуваше во Македонија, ја доби Република Македонија со крајни напори да се одржи во моторциклизам до 125 и 250 см.$^3$ оваа година не се одржа заради немање на средства или не одделување на средства од страна на државата. Европската моторциклистичка федерација ја додели на Македонија, што е тешко да се случи, а сега ние не ја одржуваме од сопствени причини.

Сметам дека вакви проблеми може да се надминат. Ако веќе кај другите објекти се подржавува сопственоста, да се подржави сопственоста и со откуп на една моторциклистичка стаза, која е исто така на некој начин спортски објект. Тоа е објект на спорт, затоа што служи за спортски намени, бидејќи спортски објекти не се само салите и спортските стадиони.

Ова не е прашање, меѓутоа е упатување на размислување и во таа насока. Во секој случај останувам на дообјаснување во врска со можните последици за примена на овој закон во врска со прописите, кој не ги уредува сега веќе и сообраќај и врски, а мислам дека треба да ги уредува, а во голем дел и Министерството за внатрешни работи заради сообраќајните режими кои се одвиваат таму.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на г. пратеник Никола Поповски.

За збор се јави г. пратеник Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

По однос на поставеното прашање не до мене, туку до министерот, но по однос на терминот "подржавување". Не знам од каде г. Поповски го извлече тој термин "подржавување". Во уставното решение сите сопствености се еднакви. Ние не одиме на државна категорија, да правиме државни претпријатија. Ако сака да ми каже поблиску што подразбира под тој термин, кога се работи за здружение. И здруженија се правни лица. И тие можат да имаат имовина. Тие одлучуваат какво својство ќе имаат. Ако сака г. Поповски да ми каже па тогаш да разговараме, да го викнеме и министерот да ни помогне.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на г. Томислав Стојановски.

За збор се јави г-ѓата Ѓулистана Марковска.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Сакам да ги поддржам напорите на Министерството конечно оваа многу важна проблематика да ја регулирам со законско решение кое што веќе постои, меѓутоа во случајот со многу по децидни и аналитички изменети членови во постоечкиот закон, од причина што спортот и воопшто масовната физичка култура во Република Македонија треба да се иницираат, да бидат поттикнувачки за сите, а особено за младата генерација.

Меѓутоа, мене ми е жал што во ниеден член од постоечкиот закон, ниту во членовите што се предлагаат не сретнав кој и како може да води едно спортско здружение.

Поаѓајќи од досегашната пракса обично се ангажираат во спортот поедини, по моќни бизнисмени и луѓе кои што се блиски на владеачката номенклатура, меѓутоа никаде не сретнав дека тоа треба да го вршат и бивши спортисти. Ова дотолку

повеќе и од причина што луѓе кои што веќе се бавеле со спорт многу повеќе ќе им бидат страни малверзациите и поедини валкани бизнис зделки, кои што се вршат во поедини здруженија сега присутни во спортот посебно отколку луѓе кои што во сето тоа гледаат една добра машина за правење на пари. Така да сметам можеби како еден декларативен чин не би било лошо, бидејќи немам подготвено соодветен амандман на Министерството, а министерот тој акт сепак го прифати како таков, сепак на челата сите спортски здруженија како препорака да биде испратено да се најдат луѓе кои што се бавеле со спорт или кои што се активни спортисти.

И еден член, и порано можеше да се казни со парична казна од 4 до 20 плати лице кое што ќе дозволи вршење на политичко и верско организирање. За верското не знам, меѓутоа знам дека поедини здруженија беа длабоко политички инволвирани и на мое жалење, а верувам и на сеопшта жалост на сите навивачи во Македонија еден дел од тој вид спортисти се јавија како активни учесници на кампања. Можеби стекнаа приврзаници само кај политичките лидери на поедини партии, меѓутоа изгубија еден голем дел обожаватели кои што воопшто не се врзани со ниедна политичка партија. Зборувам за поедини спортисти кои што сигурно можеби не по своја желба еден добар дел и благодарение на раководителите на одредени спортски здруженија се јавија како прокламатори на политички ставови на партија, пред се на ракометниот сојуз на Република Македонија и на други, кои што многу повеќе изгубија отколку што добија. Партијата не доби ништо, а најмногу изгуби спортската јавност во Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на г-ѓата пратеник Марковска.

Го молам министерот ако има потреба да одговори, и ако чувствува потреба, затоа што повеќе прашања беа упатени да се земе збор, бидејќи немаме веќе заинтересирани пратеници за дискусија.

**ЃОРЃИ БОЕВ:**

Ќе се обидам само на неколку прашања да одговорам.

Би ги систематизирал накратко.

Првиот г. пратеник од регионот на Виница, да изнесам дека таму е ставен камен темелник на салата. Навистина, салата 20 и повеќе години не беше покриена и сега има големи напори од градоначалникот, јас бев присутен при ставањето на камен темелникот и градбата на салата е во тек. Навистина станува збор за средства. Сега ќе треба се помогне таа сала и да се заврши.

Во врска со прашањето на г. Никола Поповски искажувам една радост што веројатно, колку го почувствував е наклонет кон автомобилизмот и веројатно спортот ја отвора вратата на политиката, г. Никола нека дојде во нашето министерство и да може и опозицијата да партиципира со идеи, а веројатно и со средства. Да може да отвориме врата и тие моментално политички рампи некако ги подигнеме и навистина да се мешаме повеќе.

Во врска со стазата, станува збор во развиени земји автомобилските стази се градат на многу други терени, издвоени од срединитe, не како што ние сме навикнале во Скопје, или во сред Скопје да правиме автомобилизам, трки. Тоа е нонсенс, но во овие минути Македонија и Сојузот за автомобилизам веројатно си дава малку повеќе слобода да организира такви трки сред Скопје, што се поврзани со одредени ризици.

Така да мислам дека тој дел и тие организации треба да се договориме посебно преку Министерството да најдеме терен каде што лека полека ќе изградиме една стаза, асвалтна каде што ќе се одвива тој спорт.

Во врска со прашањето за учеството на министерот за сообраќај, јас го прифаќам.

Наредното прашање беше во врска со јавното претпријатие. Законот за јавните претпријатија беше донесен 6 месеци по донесувањето на Законот за спорт. Јас го истакнав тоа во моето излагање, и останува сега беспредметно повторно да се формира јавно претпријатие, или да се применува посебен Закон за јавно претпријатие за стопанисување со спортски објекти.

Така да и од тие причини, тоа беше предлогот на Владата, каде што ми се чини и г. Никола Поповски партиципираше и тие во тогашното министерство за физичка култура, повратната информација беше, бидејќи како што реков се беше регулирано, да можеме да интервенираме во Законот за спорт и да ги предложиме овие измени и дополнувања на Законот за спорт.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на г. министер за млади и спорт, молам дали некој друг бара збор.

За збор се јави г. пратеник Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Јас се извинувам, но би сакал во врска со членот 43-в, кој се предлага сега, работите да добијат целосна транспарентност. Дозволете во таа насока прво да прочитам еден член кој гласи: "Дејноста спорт ја вршат спортските здруженија и други правни лица во областа на спортот".

Други правни лица во смисла на овој Закон се трговец поединец, трговско друштво регистрирано за вршење дејност спорт, како и правно лице кое покрај регистрација за вршење на дејност од друга област е регистрирано за вршење дејност спорт.

Значи спортски здруженија и правни лица кои се несомнено приватна сопственост. Меѓутоа, основното во членот е првото, дејноста спорт ја вршат спортски здруженија. Се враќаме во член 43: "Објектите што се градени од локалната самоуправа се сопственост на локалната самоуправа" тоа е чисто, "објектите што се во приватна сопственост..." тоа што овде се вели: "И други правни лица, трговски друштва и т.н." се во нивна сопственост. Јас упорно понатаму тврдам дека спортските здруженија не се приватни, затоа што во нив не се управува врз основа на сопственост на капиталот во здружението, туку според нашиот Закон за здружение на граѓани се управува врз основа на членство. Значи членовите управуваат со својот глас. Избираат управни одбори кои носат материјални одлуки и материјално - финансиски работи.

Значи во спортските здруженија работа на управување како кај државата врз основа на сопственост и кај другите правни лица врз основа на сопственост на капиталот не важи. Јас упорно тврдам дека тоа во нашиот систем во овој момент не е доволно регулирано. Кога веќе сега се именуваат во членот 43-в дека државата стопанисува со државните, локалните единици со локалните објекти кои ги граделе, а приватните сами. Јас се уште тврдам дека многу спортски објекти во Македонија од различен карактер, не мора да се спортски сали, меѓутоа може да се и разни други за спортска намена се во сопственост на здруженијата на граѓани, така наречени во овој член "спортски здруженија", кои не управуваат врз основа на сопственост, туку врз основа на Законот за здруженија, каде што се управува со членство.

Со оглед дека тој вид на уредување на односите на сопственоста е испуштен во член 43-в, само се регулира државна, локална самоуправа и приватна, се остава празнина во која сопственоста на здруженијата на граѓани регистрирани како спортски здруженија не е регулирана. Затоа децидно прашувам, дали ова може да значи со оглед на не регулирање на нивната сопственост некаков потег од страна на Министерството, со оглед дека се формира јавно претпријатие, таму не е приватна сопственост, не е ни сопственост на единиците на локалната самоуправа, по некаков автоматизам да почнеме во државата да играме шах-мат, каде ќе одат тие и да почне процес на подржавување односно е во државна сопственост, со неа управува државата врз основа на сопственоста.

Значи децидно тврдам дека членот 43 вака компониран е не доволен да го уреди начинот на стопанисување со објектите за спорт, кој се во сопственост на спортските здруженија по член 3, а не во останатите три категории. Ако веќе се именувани трите категории, четвртата врз основа на која се стекнува спортски објект и имот мора да се регулира, макар и да се напише со една ставка дека со објектите за спорт сопственост на здруженијата од член 3 став 1 управуваат самите спортски здруженија.

Меѓутоа, министерот не го кажа тоа и предвидува дека може да настане проблем за кој уверен сум дека треба правно да се регулира.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине министер коментар на ова ако имате повелете.

**ЃОРЃИ БОЕВ:**

Републиката е сопственост на тие спортски објекти воопшто, а другото е дадено право на користење на тие здруженија. Тие го користат тој дел, она каде што е сопственик Републиката. Јас навистина прашувам зошто по пат на амандман г. Поповски не го даде па да можеме до крај да се изјасниме за некои работи, затоа што овде искажа некое сомневање. Министерот нема потреба да се плаши, тој е во функција на државата и таа функција ја обавува многу сериозно и студиозно и затоа пријдовме кон давање предлог на ваков закон во врска со стопанисување со спортските објекти.

Со самото тоа што навлегувате многу длабоко, што мене ми е многу драго чувствувате потреба и сите заедно дека навистина стопанисувањето со овие спортски објекти е не регулирано, ниту било до сега на некој начин. И ако било, било

сосема површно.

Ние бараме сега со формирањето на јавно претпријатие некои недоследности до крај да ги доведеме и да дадеме една регулатива нормална во стопанисувањето на овие спортски објекти.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на г. министерот за млади и спорт Ѓорѓи Боев.

Молам дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за спорт.

Молам да гласаме.

Господа пратеници мора да ја прекинеме седницата, бидејќи немаме кворум.

Продолжението на седницата ќе биде дополнително закажано.

(Седницата прекина со работа во 19,10 часот).